СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
*Основана 1922*
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA
*Founded 1922*

FS 549642

# ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ВО 2015 ГОДИНА

*Февруари 2016 година*

*С к о п ј е*

# СЕДНИЦИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР
# НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**Прва седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**
**05.05.2015 година**

- Заокружување на системот на економски слободи во функција на понатамошен развој на бизнисот во Република Македонија - Програмски цели и насоки на Стопанската комора на Македонија во мандатниот период 2015-2020 година;
- Информација за прописи од значење за бизнисот;
- Извештаи и Програма на Бизнис центарот за тренинг и обука

**Втора седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**
**2.07.2015 година**

- Вклучување на бизнис-заедницата во работата на регулаторните тела – реалност и потреба за јакнење на нивната независност;
- Предлог-решение за изменување и дополнување на Решението за формирање Комисија за финансиски прашања при Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија;
- Предлог-деловник за работа на Комисијата за финансиски прашања при Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија;
- Информација за прописи од значење за бизнисот.

**Трета седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**
**14.09.2014 година**

- Реорганизација на Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР) - можности и перспективи;
- Предлог - Одлука за членство на Стопанска комора на Македонија во „Виенскиот институт за меѓународни економски студии“ и соработка за подотовка на научно-истражувачки студии;
- Информација за прописи од значење за бизнисот.

**Четврта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**
**3.11.2015 година**

- Анализа на можностите за поголемо учество на бизнис-заедницата во регулаторните тела;
- Предлог – Одлука и Овластување за печатење на обрасците за уверение за потекло и за уверение за потекло „Форм А кои ги издава Стопанската комора на Македонија;
- Финансиски извештај преку остварување на Стручната служба на Комората за периодот јануари-септември 2015 година - споредба на остварувањата со планираните проекции и мерките за трет квартал 2015 година;

- Предлог-одлука за изменување и дополнување на Правилникот за организацијата и работењето на Стручната служба на Стопанската комора на Македонија;
- Преглед за реализација на заклучоците од одлуките на седниците на Упрваниот одбор, одржани на 5.05.2015, 2.07.2015 и 14.09.2015 година; Информација за прописи од значење за бизнисот.

**Петта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**
**16.12.2015 година**

- Предлог-програмски насоки за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2016 година;
- Предлог-финансиски план на Стопанската комора на Македонија за 2016 година;
- Предлог-програмски насоки за активностите на Бизнис центарот за тренинг и обука во 2016 година и Предлог-финансиски план на Бизнис центарот за тренинг и обука за 2016 година;
- Информација за прописи од значење за бизнисот.

# СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**Конститутивна седница на Собранието на Стопанската комора на Македонија**
**02.03.2015 година**

- Извештај за спроведените избори за претставници во Собранието на Стопанската комора на Македонија, за мандатниот период од 2015 до 2020 година
    - Одлука за верификација на мандатот на новоизбраните претставници (членови) во Собранието на Стопанската комора на Македонија;
- Избор на Претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија;
- Избор на Претседател на Стопанската комора на Македонија;
- Избор на потпретседатели на Стопанската комора на Македонија;
- Анализа на работењето на Стопанската комора на Македонија за периодот 2010-2015 година и Програмски определби за периодот 2015-2020 година;
- Извештај за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2014 година.

**Втора седница на Собранието на Стопанската комора на Македонија**
**23.03.2015 година**

- Избор на:
    - потпретседатели на Стопанската комора на Македонија;
    - членови на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија;
- Одлука за верификација на мандатот на ново-предложениот претставник од „Жито Лукс“ АД -Скопје во Собранието на Стопанската комора на Македонија.

## Трета седница на Собранието на Стопанската комора на Македонија 20.05.2015 година

- Заокружување на системот на економски слободи во функција на натамошен развој на бизнисот во Република Македонија - Програмски цели и насоки на Стопанската комора на Македонија во мандатниот период 2015-2020 година;
- Одлука за избор на уште осум членови на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија;
- Финансиски извештај на Стопанската комора на Македонија за 2014 година;
- Одлука за верификација на мандатот на ново-избраниот претставник од Здружението на угостителството и туризмот за член во Собранието на Стопанската комора на Македонија.



## Четврта седница на Собранието на Стопанската комора на Македонија 16.12.2015 година

- Реализација на активностите на коморите во 2015 за зголемување на конкурентноста на националните економии во регионот;
- Програмски насоки за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2016 година;
- Финансиски план на Стопанската комора на Македонија за 2016 година;
- Одлуки за верификација на мандат:
  - Одлука за верификација на мандатот на ново-предложениот претставник од „ФЗЦ 11 Октомври“ АД - Куманово во Собранието на Стопанската комора на Македонија;
  - Одлука за верификација на мандатот на ново-предложениот претставник од „Охридска банка“АД - Скопје во Собранието на Стопанската комора на Македонија.

# СЕДНИЦИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**Четврта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија**
**06.02.2015 година**

- Елаборат на Централната пописна комисија за попис на средствата, побарувањата и обврските со состојба на 31.12.2014 година со извештаите на пописните комисии.

**Петта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија**
**03.04.2015 година**

- Предлог-финансиски извештај на Стопанската комора на Македонија за 2014 година;
- Извештај од овластен ревизор на ревизорското друштво „Б и Љ“ ДОО - Скопје од спроведената ревизија на финансиско - материјално работење на Стопанската комора на Македонија за 2014 година.

**Шеста седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија**
**14.07.2015 година**

- Финансиски извештај за работењето на Стопанската комора на Македонија за период 01.01.2015 до 30.06.2015 година;
- Мерки на Стручната служба на Стопанската комора на Македонија за постигнување на поставениот план за реализација на приходи за трет квартал од 2015 година;
- Предлог-одлука за спроведување на постапка за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2015 година;
- Предлог-одлука за утврдување на критериуми за оценка на понудите за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансико-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2015 година;
- Предлог-одлука за формирање Комисија за избор на независно-ревизорско друшво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2015 година;
- Јавен оглас за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2015 година;

**Седма седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија**
**04.12.2015 година**

- Предлог-финансиски план на Стопанската комора на Македонија за 2016 година

# ШТО СОДРЖИ ИЗВЕШТАЈОТ?

1. Одржани 37 прес-конференции и присуство на медиуми на 35 други настани.

2. Одржани 485 настани (состаноци и расправи за компаниите, презентации, семинари, обуки).

3. Доставени 47 информации за прописи до компаниите.

4. До компаниите доставени 230 прегледи на информации за објавени статии во дневни и неделни печатени медиуми (економски вести, вести поврзани со правна регулатива и сл.).

5. Над 108 активности на регионалните комори.

6. Организирани над 16 бизнис-форуми и уште толку бизнис-средби.

7. Преку 28 склучени протоколи и меморандуми за соработка.

8. Над 20 посети на дипломатско-конзуларни претставници во Комората.

9. Издадени 46 електронски изданија на „БИЗНИС ИНФО“, во просек на околу 40 страници.

10. Објавени 40 електронски изданија на „БИЗНИС ОГЛАСНИК“.

11. Испечатени 9 прилози во месечникот ЕКОНОМИЈА и БИЗНИС.

12. Центарот за едукација и развој на човечки ресурси реализираше 84 едукативни настани, на коишто присуствуваа 1.535 учесници.

13. Издадени вкупно 86 веб-сертификати Exellent SME.

14. Издадени документи од Бизнис канцеларијата:

- 1826 сертификати за потекло на производите (Форм А);
- 10525 сертификати за потекло на производите (Оригин);
- 459 АТА-карнети;
- 6 потврди за ексклузивитет;
- 8 потврди за слободна продажба;
- 9 потврди за производител;
- 7 потврди за членство во Комората;
- 111 заверки на фактури, договори и други документи (со печат Видено во Комора);
- 29 мислења за исполнување на економските услови.

# ОДРЖАНИ РЕДОВНИ ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИИ

## *(СЕКОЈ ПОНЕДЕЛНИК ВО 11:00 ЧАСОТ)*

**12 јануари 2015 година**
ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ ИНВЕСТИЦИИ ВО ИНДУСТРИСКИТЕ ЗЕЛЕНИ ЗОНИ

**26 јануари 2015 година**
ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИФТОВИТЕ – ИНИЦИЈАТИВА НА ГРУПАЦИЈАТА ЗА ДОМУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА




**2 февруари 2015 година**
ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОКОНКУРЕНТНО ОРАНЖЕРИСКО ПРОИЗВОДСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**9 февруари 2015 година**
ХЕМИКАЛИИТЕ И РИЗИКОТ ОД УПРАВУВАЊЕ СО ХЕМИКАЛИИ СОГЛАСНО НОВИТЕ ЗАКОНСКИ ПРОПИСИ

**16 февруари 2015 година**
КРЕИРАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ (ТРЕНЕРИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ) ВО НАСОКА НА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВЕШТИНИТЕ НА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТНИЦИ

**23 февруари 2015 година**
ПРИОРИТЕТИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ЕКОНОМИИТЕ ОД РЕГИОНОТ И МЕРКИТЕ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА – ДЕФИНИРАНИ ЗАКЛУЧОЦИТЕ НА АСОЦИЈАЦИЈАТА НА БАЛКАНСКИ КОМОРИ

**9 март 2015 година**
ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАДРОВСКИ ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ГРАДЕЖНИОТ СЕКТОР



**16 март 2015 година**
НОВИТЕ БАРАЊА НА ЕУ ЗА ОЗНАЧУВАЊЕ НА ХРАНАТА – ЗАКОНСКА ОБВРСКА НА ДОМАШНИТЕ ОПЕРАТОРИ СО ХРАНА- ОД ЈУНИ 2015 ГОДИНА

**23 март 2015 година**
СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА И ДЕИК МАКЕДОНСКО-ТУРСКИ ДЕЛОВЕН СОВЕТ ГО ОТПОЧНАА ПАРТНЕРСКИОТ ПРОЕКТ И ВО РАМКИ НА НЕГО ЈА ОДРЖАА ТРГОВСКА КОНВЕНЦИЈА НА ТЕМА „МАКЕДОНСКИТЕ И ТУРСКИТЕ БИЗНИСИ ЗАЕДНО НА ПАЗАРОТ НА АФРИКА: ПРЕДИЗВИК ИЛИ МОЖНОСТ?

**30 март 2015 година**
ОСИГУРУВАЊЕТО КАКО ФОРМА НА ИНТЕЛИГЕНТНО УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ - ПРЕДНОСТИ И ПРЕДИЗВИЦИ НА ОСИГУРИТЕЛНИОТ ПАЗАР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**6 април 2015 година**
СТАНДАРДИТЕ ВО ФУНКЦИЈА НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕТАЛУРШКОТО ПРОИЗВОДСТВО

**14 април 2015 година**
ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ И СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ ПРЕКУ ПРОМОТИВНИОТ БИЗНИС-ДИРЕКТОРИУМ НА СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ

**20 април 2015 година**
ВЛИЈАНИЕТО НА НЕПОВОЛНИТЕ ВРЕМЕНСКИ ПРИЛИКИ ВРЗ ТУТУНСКАТА ИНДУСТРИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**27 април 2015 година**
УПРАВУВАЊЕТО СО КОЛЕКТИВНИ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ - МОЖНОСТИ И ПРЕДИЗВИЦИ

**4 мај 2015 година**
АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ ВО ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА И ПРОЕКЦИИ ЗА НАРЕДНИОТ ПЕРИОД

**11 мај 2015 година**
ОБВРСКИТЕ НА МАРКЕТИТЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ХЕМИКАЛИИ И ВЛЕГУВАЊЕТО ВО СИЛА НА CLP/GHS РЕГУЛАТИВАТА

**18 мај 2015 година**
ПРЕКУ ОБУКИ ЗА ПРЕКВАЛИФИКАЦИЈА И ДОКВАЛИФИКАЦИЈА ДО СТРУЧЕН КАДАР ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СТОПАНСТВОТО И ПОГОЛЕМА ВРАБОТЕНОСТ

**1 јуни 2015 година**
СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ И МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ ВО АКЦИЈА ЗА СОЗДАВАЊЕ КАДАР ПО МЕРКА НА СТОПАНСТВОТО



**8 јуни 2015 година**
СО КВАЛИТЕТНО БРАШНО И ПЧЕНИЦА ДО ПОКОНКУРЕНТНА МЕЛНИЧКО-ПЕКАРСКА ИНДУСТРИЈА

**15 јуни 2015 година**
ИЗГРАДБА И ПРОМЕТ НА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ И СТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**22 јуни 2015 година**
СТОПАНСКИТЕ КОМОРИ ОД РЕГИОНОТ СО КОНКРЕТНИ ПРЕДЛОЗИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИОТ РАСТ, ВО ПРЕСРЕТ НА ВТОРАТА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН ВО РАМКИ НА „БЕРЛИНСКИОТ ПРОЦЕС“

**29 јуни 2015 година**
СО СТИМУЛАЦИИ ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО И ХОТЕЛИЕРСТВОТО ДО ПОДДРШКА НА ДЕЈНОСТА СО ЗНАЧАЕН НЕТО ДЕВИЗЕН ЕФЕКТ ВО ЕКОНОМИЈАТА




**6 јули 2015 година**
СОСТОЈБИТЕ ВО МЕТАЛУРШКИОТ СЕКТОР - ИНДИКАТОР ЗА ВКУПНИТЕ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**31.8.2015 година**
СТОПАНСКИТЕ КОМОРИ ОД ЗЕМЈИТЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН СО ПРЕДЛОЗИ ЗА КРЕИРАЊЕ СИНЏИРИ НА ВРЕДНОСТИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО ВО ФУНКЦИЈА НА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ЗАКЛУЧОЦИТЕ ОД БИЗНИС - САМИТОТ ОДРЖАН ВО ВИЕНА

**7.9.2015 година**
ИНИЦИЈАТИВА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ ВО НАСОКА НА ПОЕФИКАСНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД ДОЛЖНИЧКО-ДОВЕРИТЕЛСКИТЕ ОДНОСИ

**14.9.2015 година**
УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВЕШТИНИТЕ НА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТНИЦИ ЗА ЗГОЛЕМЕНА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОБЈЕКТИТЕ – ЗАПОЧНАТ ПРОЦЕСОТ НА ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА И ВЕШТИНИ СТЕКНАТИ СО НЕФОРМАЛНИ ОБУКИ ИЛИ РАБОТНО ИСКУСТВО ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ BUILD UP SKILLS

**21 септември 2015 година**
ПРЕДЛОЗИ ВРСКА МАКЕДОНСКАТА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ, ВО ИНТЕРЕС НА СТОПАНСТВОТО

**28 септември 2015 година**
ИНВЕСТИЦИИТЕ ВО ЧОВЕЧКИОТ КАПИТАЛ КАКО КЛУЧЕН ФАКТОР ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ИНОВАТИВНОСТА И КОНУРЕНТНОСТА НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА




**5 октомври 2015 година**
ИНИЦИЈАТИВА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ СО ТАРИФА ЗА КОРИСТЕЊЕ АВТОРСКИ МУЗИЧКИ ДЕЛА, СО ЦЕЛ НАМАЛУВАЊЕ НА ДАВАЧКИТЕ НА ХОТЕЛИТЕ И УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ КОН ЗАМП

**19 октомври 2015 година**
ЕФЕКТИТЕ НА СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИЦИИ ВО РАЗВОЈОТ НА ДОМАШНАТА ЕКОНОМИЈА

**26 октомври 2015 година**
АКТУЕЛНИ ТРЕНДОВИ НА ТУТУНСКАТА ИНДУСТРИЈА ВО ПРЕСРЕТ НА ОТКУПОТ НА ТУТУН

**2 ноември 2015**
ПРИМЕНА НА СТАНДАРДИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ СОГЛАСНО ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЛИФТОВИ И ТРАНСПОРТЕРИ

**9 ноември 2015 година**
СЕРТИФИЦИРАЊЕ НА 1000 ГРАДЕЖНИ РАБОТНИЦИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ГРАДБА




**16 ноември 2015 година**
Стручна расправа на тема:
ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА ГЕНЕРИРАЧКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА НОСЕЧКИТЕ ИНДУСТРИСКИ СЕКТОРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НИЗ ПРИМЕРОТ НА ПРОУЧУВАЊЕТО НА УЛОГАТА И ВАЖНОСТА НА ИНДУСТРИЈАТА ЗА ОСНОВНИ МЕТАЛИ ВО НАЦИОНАЛНАТА ЕКОНОМИЈА

**23 ноември 2015 година**
ФОРМИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКО-ПОЛСКИ БИЗНИС-КЛУБ ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА

**30 ноември 2015 година**
БИЗНИС-ЗАЕДНИЦАТА СО КОНКРЕТНИ ЗАБЕЛЕШКИ ПО ПРЕДЛОГ-ПРАВИЛНИКОТ СО ТАРИФА ЗА КОРИСТЕЊЕ АВТОРСКИ МУЗИЧКИ ДЕЛА




**14 декември 2015 година**
ЕЕН-МРЕЖА ЗА БИЗНИС-МОЖНОСТИ – ПОДДРШКА НА КОМПАНИИТЕ ЗА УЧЕСТВО ВО ИНСТРУМЕНТОТ ЗА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ОД ПРОГРАМАТА „ХОРИЗОНТ 2020“

**21 декември 2015 година**
ПРЕДИЗВИЦИ СО КОИ СЕ СООЧУВА ОСИГУРИТЕЛНАТА ИНДУСТРИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МОЖНОСТИТЕ ЗА РАЗВОЈ

# ДИРЕКЦИЈАТА НА ЗДРУЖЕНИЈА СПОРЕД ДЕЈНОСТИ

**12.01.2015 година**

**Соработка на Стопанската комора на Македонија со УСАИД - ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ ИНВЕСТИЦИИ ВО ИНДУСТРИСКИТЕ ЗЕЛЕНИ ЗОНИ**

Проектот на УСАИД за инвестиции во чиста енергија „Подобрување на условите за поттикнување инвестиции во индустриските зелени зони“ е во процес на спроведување анализа и утврдување наоди на нашето законодавство и законодавствата во други држави. Со подобрената и заокружена правна рамка, се создава основ за формирање на зелените зони кои би ги минимизирале негативните ефекти врз животната средина, а ќе се реализираат и нови вработувања.

**13.01.2015 година**

**Македонската енергетска асоцијација расправаше по работната верзија на Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија за периодот до 2035 година - ПРОДОР НА ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА, ПРИРОДНИОТ ГАС, ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ, НОВИТЕ ТЕХНОЛОГИИ...**



Анализите кои се направени за развој на енергетскиот сектор во Македонија се базираат на голем број податоци, од кои најголемиот дел се официјални документи и истражувања, а само мал дел се базираат на претпоставки. Според основното сценарио финалната енергија во анализираниот период ќе расте со просечна годишна стапка од 2,3% и во 2035 година ќе изнесува 3.150 ktoe (кило тони нафтен еквивалент).

**15.01.2015 година**

**Јавните комунални претпријатија со поддршка на работната верзија на Предлог – законот за гробишта и погребални услуги - ЗАБЕЛЕШКИ КОИ ТРЕБА ДА ОБЕЗБЕДАТ ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА НОВИТЕ РЕШЕНИЈА ВО СИТЕ ОПШТИНИ**

Групацијата за гробишта и погребални услуги во рамките на Здружението на комуналните дејности, на седницата на 15.1.2015 година ја разгледуваа работната верзија на Предлог-законот за гробишта и погребални услуги, изработена од надлежното Министерство за транспорт и врски. Општиот впечаток е дека предложениот закон, глобално, е добар и со него ќе бидат решени поголемиот дел од актуелните проблеми со кои компаниите се среќаваат при имплементација во праксата, но, за дел од предложените членови или ставови, треба да бидат земени предвид нивите забелешки, бидејќи во спротивност законот не ќе може да се применува во целост во дел од општините. Своите забелешки Групацијата за гробишта и погребални услуги ги достави и официјално до Министерството за транспорт и врски во предвидениот рок.

**26.01.2015 година**

**Иницијатива на Групацијата за домување и управување со станбен и деловен простор за измени на Законот за техничка инспекција - ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИФТОВИТЕ**

Групацијата за домување и управување со станбен и деловен простор поднесе Иницијатива за изменување и дополнување на Законот за техничка инспекција, со цел дефинирање на одговорноста во случај кога во функција се лифтови за кои, по извршен редовен годишен технички сервис, постои записник дека се технички неисправни. Решавањето на проблемот е неминовност, бидејќи во овој момент, законски не е дефинирана сопственоста на лифтот (како дел од останатите заеднички простории на сопствениците на станови во зградите), ниту во Законот за домување, ниту во Законот за сопственост и други стварни права. Решавањето на проблемот е од особено значење и од аспект на безбедноста на луѓето, како и за самите фирми лиценцирани управители, чии активности се дефинирани со Законот за домување.

**27.01.2015 година**

**Иницијатива на Групацијата за домување со станбен и деловен простор за бришење на член 2, став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за домување - ТРОШОЦИТЕ ЗА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА БЕЗ ПРИОРИТЕТ**

Групацијата за домување со станбен и деловен простор на состанокот одржан во Стопанската комора на Македонија, донесе заклучок дека ќе поднесе Иницијатива за бришење на член 2, став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за домување, објавен во „Службен весник на РМ“ на 30.12.2014 година. Ставот на членките е дека Иницијативата се поднесува поради фактот што со новите измени се дава приоритет и надреденост на трошоците за потрошена електрична енергија во влезовите. За сметка на тоа останува одлуката управителот без одлагање да ги исполни достасаните парични обврски кон трети лица од договорите во врска со управувањето со станбената зграда според динамиката на примените уплати од секој одделен сопственик.

**29.01.2015 година**

**Здружение на информатичко комуникациски технологии - ЗАГРИЖУВАЧКИ НЕДОСТИГ НА СТРУЧЕН КАДАР**




Здружението на информатичко комуникациските технологии, на седницата одржана на 29.01.2015 година, го разгледа текстот на Актуелните состојби и проблеми во работењето на компаниите од информатичко комуникациските технологии, со посебен осврт за дефинирање на приоритетните активности за 2015 година. Постигнатите резултати во секторот, што се објавени и во Годишниот извештај на Меѓународната телекомуникациска унија (ИТУ) при ОН, укажуваат дека Република Македонија е на 36-то место во Европа според бројот интернет-корисници по глава на жител, како и држави во кои интернетот најбрзо се шири. Во глобални рамки, Република Македонија според овие параметри е на 60-то место. Бизнис-секторот е засегнат од квалитетот на ИКТ-кадарот, како и од нивниот одлив во странство. Компаниите од македонскиот ИКТ-сектор се спремни да соработуваат со високото образование за надминување на проблемот со квалитетот на потребните кадри за ангажирање во стопанството.

**02.02.2015 година**

**Групацијата за оранжериско и пластеничко производство со иницијативи - ПОКОНКУРЕНТНО РАНОГРАДИНАРСКО ПРОИЗВОДСТВО СО НАМАЛЕНИ ТРОШОЦИ**

Производителите на раноградинарски култури (оранжериите) веќе неколку години апелираат до Владата и до ресорното министерство за проблемот со нерешеното прашање на земјиштето на оранжериите. Статусот на земјиштето на оранжериите како и самите оранжерии, од страна на надлежните институции се` уште не се решава и покрај презентираната валидна документација издадена од надлежни органи за нивна изградба (урбанистички согласности, одобренија за градба, градежни дозволи и слично). Конечното правно решавање на статусот на оранжериите и прифаќањето на статусот на оранжериите како правно изградени објекти во голема мера ќе придонесе во севкупното работење на овие правни субјекти, поаѓајќи првенствено од потврдување на сопственичкото право, основ за инвестиции во одржување, санација и модернизација, како и олеснување на комуникацијата по економски основ со доверители, државни институции и со деловните банки.

**03.02.2015 година**

**Здружението на трговијата бара измени во низа законски прописи - ДРАСТИЧНИ НАМАЛУВАЊА НА ПРЕДВИДЕНИТЕ КАЗНИ**



Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија, на 3.02.2015 година, расправаше за актуелните состојби во трговијата во Република Македонија и за законските решенија што имаат влијание врз работењето на стопанските субјекти од областа на трговијата. Субјектите од трговијата бараат драстични намалувања на предвидените казни во сите закони со кои работат трговците, како и двостепена инспекциска контрола, прво со укажување на забележаните евентуални пропусти во работењето, и давање одреден рок за поправање на грешките, па потоа доколку не се постапи според укажувањето на инспекциската контрола, да се изречат соодветни казни. За поуспешно вклучување во надворешниот пазар, потребно е државата и понатаму да настојува да се елиминираат нетарифните и други бариери кои создаваат дополнителен непотребен трошок во работењето и го зголемуваат времето на конкретниот пазарен циклус. Членките на Здружението на трговијата имаат исклучително позитивен став за плаќањата на даночните и други давачки кон државата, но укажуваат на постоењето на сосема видлива и присутна „сива“ економија, што многу негативно се одразува врз секојдневното работење на фирмите што редовно ги регулираат сите свои обврски, и кон клиентите, партнерите, потрошувачите, добавувачите, вработените, но и комплетно кон државата.

**04.02.2015 година**

**Укажување на Здружението на хемиската индустрија - ГОЛЕМИОТ БРОЈ ПРОПИСИ ГО ОПТОВАРУВААТ ДЕЛОВНИОТ АМБИЕНТ**

Производството на хемикалии и хемиски производи, фармацевтски производи и препарати и производи од гума и пластика во 2014 година бележи пораст, кој се движи од 5,2% кај фармацевстките производи до 20% кај пластичните маси и гума, беше констатирано на седницата на Здружението на хемиската индустрија (4.02.2015 година). Имплементирањето на регулативата за хемикалии, во којашто на национално ниво се транспонирани речиси 90% од европските регулативи и стандарди е на релативно солидно ниво, но членките на Здружението укажуваат на големиот број прописи кои го оптоваруваат деловниот амбиент така што голем дел од проблемите ги лоцираат во преклопување на надлежностите и во се` уште долгите и бавни административни процедури.

**05.02.2015 година**

**Здружение на металургијата - РЕДЕФИНИРАЊЕ НА ИНДУСТРИСКАТА ПОЛИТИКА СО ГЛАВЕН АКЦЕНТ НА МЕТАЛУРГИЈАТА**

За секторот на црната и обоена металургија потребно е да се изработи стратешки документ којшто на подолг рок ќе ги дефинира насоките на развојот на оваа носечка гранка на македонската економија, беше констатирано на седницата на Здружението на металургијата (5.02.2015 година). Металуршкиот сектор не би можел да забележи квалитетен развој без соодветна улога и поддршка од страна на државата и во таа насока Здружението ќе иницира изготвување на ваков стратешки документ во кој би се опфатиле црната и обоената металургија, како и индустријата со повисоки фази на доработки и повисока додадена вредност. Здружението ќе даде конкретни предлози за редефинирање на индустриската политика во државата, со цел металургијата, како главен дел во структурата на индустриското производство, да го добие соодветното место.

**05.02.2015 година**

**Здружение на текстилната индустрија и конфекцијата - НЕОПХОДНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО МОДЕРНИЗАЦИЈА НА КАПАЦИТЕТИТЕ И ПРОМОВИРАЊЕ НА СОПСТВЕНИ ПРОИЗВОДИ**



Здружението на текстилната индустрија и конфекцијата при Стопанската комора на Македонија, на состанокот одржан на 5.02.2012 година, расправаше за тековните состојби и движења на текстилната индустрија, на кој беше истакнато значењето на оваа дејност за целокупното стопанство на земјава. Во тој контекст, како клучни проблеми кои ја оптоваруваат текстилната индустрија се следните: 1.Неопходно е намалување на царинските давачки за увоз на репроматеријали од земјите надвор од ЕУ, кои сега се 10% или пак да се изедначат со стапките на ЕУ за увоз на репроматеријали на 7,5%, со што би се зголемила конкурентноста на македонските производи во Унијата; 2.Повисоки инвестиции во модернизација на производните капацитети и промовирање на сопствени производи; 3.Намалување, односно растоварување на високите фискални, парафискални и социјални давачки при исплатата на платите кои неосновано се пресметуваат според просечната плата на ниво на државата, а не според исплатената плата; 4.Преземање сериозни мерки за спречување на „сивата“ економија и нелојалната конкуренција од увозот на стоки без царина за домашниот пазар по дампинг цени, шверцот на текстилни производи и нивна продажба на зелените пазари од нерегистрирани субјекти и 5.Промена во начинот на постапување со отпад настанат од царинска постапка со економски ефект.

**06.02.2015 година**

**Металната и електроиндустријата со добри резултати - ИЗВОЗОТ ДВОЈНО ЗГОЛЕМЕН И ПРЕМИНА НАД 1 МИЛИЈАРДА АМЕРИКАНСКИ ДОЛАРИ**

Металната и електроиндустријата во изминатиот период продолжија со позитивни трендови во делот на производството и размената со странство, беше истакнато на седницата на Здружението одржана на 6.02.2015 година. Индустриските гранки од овој комплес го зголемија учеството во БДП на 4,9%, во структурата на физичкиот обем на индустриското производство на ниво на индустијата и рударството овие гранки учествуваат со 10,9%, во вкупниот извоз на земјата со 22,54% и во вкупниот број на вработени со околу 2,2 %. Над 80% од производството се пласира во земјите на ЕУ, поранешните ЈУ-републики, Југоисточна Европа, САД и во други земји, а останатиот дел на домашниот пазар. За 12 месеци од 2014 година во однос на истиот период од 2013 година во сите гранки од овој комплекс забележано е зголемување на производството и извозот. За 11-те месеци од 2014 година остварен е извоз во вредност од 1.023.893.263 САД долари, што претставува зголемување од 100 % во однос на 2013 година. Зголемувањето на извозот се должи на активностите на компаниите кои стопанисуваат во слободните индустриски зони.

**09.02.2015 година**

**Од 1 јули 2015 година ќе се применува новиот систем за одбележување на хемикалиите - МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ СЕ ВКЛУЧУВААТ ВО ЕДИНСТВЕНИОТ И СВЕТСКИ ВАЛИДЕН СИСТЕМ НА ЗАШТИТА**

Досегашниот систем на одбележување на хемикалиите (тнр. Портокалов) завршува на 1 јули 2015 година, по што ќе се применува новиот, единствен и валиден на светско ниво, систем за одбележување на хемикалиите, беше кажано на денешната средба со новинарите во Стопанската комора на Македонија. Новиот систем за одбележување на опасните хемикалии ќе ги надмине досега присутните разлики во означувањето со што, ќе се обезбеди намалување на ризикот со нивното управување врз животната средина и врз здравјето на луѓето - истакна м-р Лидија Савиќ, раководителот на Секторот за хемикалии при Агенцијата за лекови. За тоа, неопходна е нивна доследна и успешна примена од страна на производителите, увозниците, корисниците и дистрибутерите кои доставуваат супстанции или смеси класифицирани како опасни според нивните особини.

**10.02.2015 година**




**Здружение на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите - ЗАЛОЖБИ ЗА КВАЛИТЕТНА ГРАДБА И ПОГОЛЕМА КОНТРОЛА НА УВЕЗЕНИТЕ ПРОИЗВОДИ**

Во расправата беа потенцирани повеќе прашања и проблеми со кои се соочуваат компаниите, а посебно беше нагласена меѓусебната неусогласеност на повеќе законски прописи, кои директно влијаат во тековното работење на компаниите, потоа недоволната контрола на увезените производи наменети и за градежништвото. Предложено е да се расправа и покрене иницијатива за Законот за ДДВ – со цел да не се менува стапката од 5% кај становите. Градежниците се залагаат да се врати институцијата – конкурс во архитектурата, со што уште повеќе ќе се зајакне натпреварот на идеи и ќе се добиваат квалитетни и современи архитектонски решенија.

**10.02.2015 година**

**Здружението на комуналните дејности бара да се одложи примената на Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за јавни службеници во јавните комунални претпријатија - ПОМЕСТУВАЊЕ НА СТАРТОТ ЗА ЕДНА ГОДИНА ЗА ДА СЕ СРЕДАТ НЕДОРАЗБИРАЊАТА**

Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија дискутираше за проблемите во имплементацијата на Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за јавни службеници, чија примена почнува на 13.02.2015 година. Претставниците на компаниите од комуналниот сектор, како и од водостопанските претпријатија алармираат дека иако за два дена почнува примената на овие закони, тие не можат да постапат по законите поради неколку проблеми. Овие закони се спорни поради тоа што многу доцна после најавениот рок се објавени каталогот за работни места и подзаконските акти, а за поголемиот дел на вработените во јавните комунални претпријатија нема валоризација на работните места. Новиот Закон за плати се` уште не е стапен на сила.

**18.02.2015 година**

**Свечено прославена 93-годишнината од основањето на Стопанската комора на Македонија - 2015 - ГОДИНА НА КОНКУРЕНТНОСТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВО ЗЕМЈИТЕ ОД РЕГИОНОТ**

Стопанската комора на Македонија свечено ја прослави 93-годишнината од своето основање, што е значаен настан за коморското организирање во Република Македонија. Овојпат прославата беше одбележена во знак на Иницијативата на Стопанската комора на Македонија, за прогласување на 2015 за Година на конкурентноста во Република Македонија и во земјите од регионот, прифатена и од другите стопански комори од регионот – членки на Асоцијацијата на балканските комори. Со свое присуство прославата на најстарата и најбројната деловна асоцијација ја збогатија бројни видни гости, претседатели на стопанските комори - членки на Асоцијацијата на балканските комори (АБК), министри и претставници на државни органи, институции, дипломатскиот кор во Република Македонија, претставници на меѓународни институции, здруженија и партнери, гости, пријатели и поддржувачи на Стопанската комора на Македонија, како и бројни претставници на бизнис заедницата. На прославата се обратија Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, Рифат Хисарчиклиоглу, претседател на Унијата на индустриски комори и стоковни берзи на Турција (ТОББ) и Зоран Ставрески, вицепремиер и министер за финансии во Владата на Република Македонија. Зоран Ставрески ја изрази безрезервната подршка на иницијативата конкурентноста да се стави на дневен ред и тоа на – подолг рок, како и подготвеноста на ова поле да се соработува со Стопанската комора на Македонија.




М-р Елена Милевска Штрбевска, оперативен директор на Стопанската комора на Македонија, го најави потпишувањето на договорот за формирање на Македонско-турски деловен – совет, кој треба да работи и да придонесе кон поголема соработка на бизнис заедниците на двете земји и да ги зголеми директните инвестиции од Турција во Република Македонија и обратно. Стопанската комора на Македонија, свечено ги додели и наградите на успешни стопанственици и компании, членки на Комората. Добитници на Наградата на Стопанската комора на Македонија кои во 2014 година инвестирале во нови капацитети во земјата и во странство или во современа опрема за подигнување на конкурентноста, а притоа инвестицијата изнесувала над 1.000.000 евра се: „Фени индустри“ од Кавадарци, групација „СОЛ“ од Италија и рудникот „САСА“ од Македонска Каменица. За долгогодишна коморска активност наградени се Доне Таневски, претседател на Управниот одбор на „Македонијатурист“ и Страшо Милковски, генерален директор на ГД „Гранит“ од Скопје. Добитник на специјалното признание за компанија со најголем број учесници на едукативни настани во Стопанската комора на Македонија во 2014 година е „Мепсо“ од Скопје. Наградата за најдобар партнер на Стопанската комора на Македонија од државните институции во 2014 година беше доделена на Министерството за финансии на Република Македонија.

**27.02.2015 година**

**Групација за безбедност и здравје при работа - НОВА ИНИЦИЈАТИВА ПРЕД УСТАВНИОТ СУД**

На седница на Групацијата за безбедност и здравје при работа одржана на 27.02.2015 година се расправаше по реализираните активности по покренатата иницијатива пред Уставниот суд на РМ за оценување на уставноста на Правилникот за висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедост при работа („Сл.весник на РМ“ бр.10/14). Во понатамошната расправа беше констатирано дека е потребно да се повтори иницијативата за оценување на уставноста и законитоста на овој Правилник, но со друго образложение.

**02.03.2015 година**

**Претставници на Здружението на текстилната индустрија на состанок со директорката на Царинската управа на Република Македонија - РЕШЕНИЕ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАД НАСТАНАТ ОД ЦАРИНСКА ПОСТАПКА СО ЕКОНОМСКИ ЕФЕКТ**

На иницијатива на членките на Здружението на текстилната индустрија и конфекцијата при Стопанската комора на Македонија, во Царинската управа на Република Македонија на 2.3.2015 година се одржа состанок со директорката Наташа Радевска Крстевска, на којшто се расправаше за начинот на постапување со отпад настанат од царинска постапка со економски ефект. Имено, предлогот на компаниите се однесува на намалување на вредноста на споредно добиените производи (отпадот), настанати во царинска постапка со економски ефект, по која истите ќе се пуштат во слободен промет. Директорката на Царинската управа на РМ, госпоѓата Наташа Радевска Крстевска истакна дека компаниите мора да знаат при процесот на производство што е тоа остаток кој има понатамошна употребна вредност, а што е отпад. Во врска со царинските контроли на компаниите, директорката истакна дека тоа е континуиран процес кој трае години наназад и тој процес ќе продолжи и во следниот период.

**03.03.2015 година**

**Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори и УЈП расправаа за отворените прашања при практичната примена на персоналниот данок на доход во дејноста управување со отпадни суровини - ЌЕ СЕ БАРА ЗАЕДНИЧКО РЕШЕНИЕ**



Управниот одбор на Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори на седницата одржана на 3 март 2015 година ги разгледа можностите за надминување на отворените прашања при практичната примена на персоналниот данок на доход во дејноста управување со отпадни суровини. Со воведување на персоналниот данок на доход се создаде поголем ред во дејноста на управувањето со неопасен отпад, но, во примената на овој закон субјектите се соочија со неможноста во законскиот рок, 15 јануари во тековната за претходната година, да ги достават пресметките до своите добавувачи, поради голем број физички лица, некаде и над 2.000, од кои се врши откуп, посебно и поради фактот дека станува збор за специфична категорија на лица со кои не може да се воспостави електронска комуникација. Заедно со претставниците на Управата за јавни приходи беше оцената потребата да се изнајде заедничко прифатливо решение кое ќе овозможи исполнување на овие обврски.

**05.03.2015 година**

**Групација на обновливи извори на енергија - НЕОПХОДНО ПОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛАТИВАТА**

Производителите на електрична енергија од обновливи извори се произнесоа дека треба да има подобрување во регулативата за градба на енергетски објекти од обновливи извори во насока на поедноставување или унифицирање на процедурите во министерствата кои се одговорни за оваа област. Во однос на правилата за утврдување на надомест на штета на дистрибуираните производители настанати поради намалена испорака или прекин во испораката по вина на операторот на дистрибутивниот систем (ОДС), претставниците на фирмите имаа опсежна дебата после која донесоа заклучоци кои ќе бидат доставени до Регулаторната комисија за енергетика.

**10.03.2015 година**

**Здружението на трговијата бара усогласени законски прописи - ОТСТРАНУВАЊЕ НА СИТЕ ПАРАФИСКАЛНИ ДАВАЧКИ**

Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија, на 10.3.2015 година, расправаше за законските решенија коишто имаат влијание врз работењето на стопанските субјекти од областа на трговијата. Особено беа фокусирани:  примената на Законот за финансиска дисциплина, проблемите во секојдневното работење и предлози за измена на законските решенија за поефикасно работење на македонските компании и за примената на Законот за данок од добивка и Законот за придонеси од задолжително осигурување. Уште еднаш беше потенцирано дека се неопходни законски решенија кои ќе придонесат за намалување на трошоците во работењето во трговијата, но и да се детектираат и сите други парафискални давачки што се појавуваат и што им се наметнуваат на компаниите во секојдневното работење. Неопходно е драстично да бидат намалени предвидените казни во сите закони кои се однесуваат на трговците, како и укинување на одребите каде што како казна е предвидено затворање на фирмата или забрана на вршење на дејност.

**16.03.2015 година**

**Бизнис-семинар во Талин - МАКЕДОНИЈА И ЕСТОНИЈА ИМААТ ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА СОРАБОТКА ПРВЕНСТВЕНО ВО ТУРИЗМОТ И ВО ПРЕХРАНБЕНИОТ СЕКТОР**

Делегација од македонски компании од областа на туризмот и од прехранбениот сектор, во организација на Стопанската комора на Македонија и Стопанската комора за трговија и индустрија на Естонија, учествуваше на Бизнис-семинарот во Талин, Република Естонија, од 10 до 13 март 2015 година. Во рамки на семинарот, беа организирани и деловни средби меѓу македонските компании и заинтересираните компании за соработка од Естонија. Општиот впечаток од посетата е дека Естонија и Македонија имаат можност за зголемување на соработката, пред се` во туризмот и во прехранбениот сектор, со акцент на кондиторските производи и производите од конзервната индустрија.

**24.03.2015 година**

**Петти форум на чинители и засегнати страни во областа на обновливите извори на енергија - НЕИСКОРИСТЕН ПОТЕНЦИЈАЛ**




Проектот на УСАИД за инвестиции во чиста енергија, кој е поддржан од Групацијата на обновливи извори на енергија, е насочен кон подобрување на деловното опкружување во областа на обновливи извори на енергија и имплементирање на релевантни стратегии, со цел да се зголемат инвестициите во производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија, како и да се намали вкупната потрошувачка на енергија и емисија на стакленички гасови.

**25.03.2015 година**

**Инвестициски форум за енергетска ефикасност во секторот домување во рамките на Проектот на УСАИД и „Хабитат Македонија“- НЕОПХОДНО ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ И КОЛЕКТИВНИТЕ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ**

Инвестицискиот форум за енергетска ефикасност во секторот домување се одржа на 25.3.2015 година во рамките на Проектот на УСАИД и „Хабитат Македонија“. Пред учесниците од приватниот и од јавниот сектор, се обратија и претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, кој посочи дека Комората повеќе години наназад е вклучена во активностите што се поставени на ниво на државата за ефикасна употреба на енергијата и исполнување на целите за одржлив енергетски развој, односно реализирање на Стратегијата за унапредување на енергетската ефикасност на Република Македонија до 2020 година. Едно од приоритетните залагања на Стопанската комора на Македонија е намалување на потрошувачката на енергија и подобрување на енергетската ефикасност во индустријата, јавниот сектор, а посебно во секторот за домување во нашата земја. Истовремено неминовно е максимално вклучување на сите релевантни фактори, како на ниво на локалната самоуправа, така и на ниво на државата, со цел зголемување на процентот на објекти кои ќе ги задоволат критериумите за енергетска ефикасност.

**30.03.2015 година**

**Предности и предизвици на осигурителниот пазар во Република Македонија - ИСКЛУЧИТЕЛНО УСПЕШНИОТ ТРЕНД НА РАЗВОЈ СЕ ОЧЕКУВА ДА ПРОДОЛЖИ И ГОДИНАВА**




На прес конференцијата која се одржа на 30.03.2015 година во Стопанската комора на Македонија беа презентирани предности и предизвици на осигурителниот пазар во Република Македонија. Претседателот на Здружението на осигурување при комората, г-динот Ило Ристовски посочи дека во годината која измина продолжува растот на бруто полисираната премија, а значајно е да се истакне дека продолжува трендот на двоцифрен раст на премијата за животно осигурување што е индикатор дека полека но сигурно се развива овој значаен дел од осигурителниот бизнис. Фактот дека просечната премија по склучен договор за осигурување е намалена како и бројот на компаниите кои работат на македонскиот пазар е сигурен показател дека македонскиот осигурителниот пазар е конкурентен односно осигурениците во 2014 година купувале полиси за осигурување во просек за 5,4% поевтино во однос на 2012 година, односно 2,11% поевтино во однос на 2013 година. Здружението на осигурување заедно со Агенцијата за супервизија на Осигурувањето, Националното биро за осигурување и останатите институции во државата работи на подобрување на перформансите на осигурителниот сектор и подигање на свеста за потребата од осигурување.

**30.03.2015 година**

**Примена на Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема - АНАЛИЗА НА ДОСЕГАШНАТА ПРИМЕНА НА ПРОПИСИТЕ - НЕДОСЛЕДНОСТИТЕ ЌЕ СЕ ПОПРАВААТ**

Од 1-ви јануари 2015 година започнаа обврските на субјектите за постапување со електична и електронска опрема согласно Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема. Отворените прашања при имплементирање на регулативата беа тема на еднодневен семинар кој што, покрај едукативниот карактер, имаше за цел да ги посочи евентуалните недоследности во Законот за кои би се побарале измени и дополнувања. Со оглед дека станува збор за специфичен вид на опасен отпад, регулиран со посебен закон, беше оценето дека активностите треба да продолжат. Притоа, беше најавено одржување на поширока конференција на која ќе се третираат акцептираните прашања од досегашната примена на регулативата за електричен и електронски отпад.

**06.04.2015 година**

**Стандардите не претставуваат поголем трошок за компаниите, но придонесуваат за унапредување на металуршкото производство и раст на извозот - УСОГЛАСЕНОСТА СО ЕВРОПСКИТЕ ДИРЕКТИВИ ДОСТИГНА ДО 80 ОТСТО**

Примената на стандардите во голема мерка придонесува за унапредување на производството на квалитетни и конкурентни производи и за успешен пласман на меѓународниот пазар, што е особено значајно за металуршкиот, како целосно извозно ориентиран индустриски сектор, беше истакнато на редовната прес конференција во Стопанската комора на Македонија (6.4.2015 година). Хармонизација на националната со европската стандардизација и имплементација на усвоените европски стандарди во областа на металургијата во Република Македонија е тема на претстојната презентација која има за цел да ги афирмира придобивките од примена на стандардите како подобрување на производите или услугите; зголемување на конкурентноста; зголемување на довербата; намалување на веројатноста за грешки; зголемување на ефикасноста и намалување на трошоците; компатибилност на производите; олеснување на извозот на стоки; намалување на негативните влијанија врз животната средина и сообразност со регулативите.

**07.04.2015 година**

**Здруженијата за градежништво од регионот расправаа за меѓусебна соработка и заеднички настап на градежниот сектор на трети пазари - ПРОБЛЕМИТЕ СЕ ИДЕНТИЧНИ, А ПОЛЕСНО ЌЕ СЕ НАДМИНАТ СО ПОВРЗУВАЊЕ**

Во организација на Здружението за градежништво, индустријата на градежни материјали и неметалите при Стопанската комора на Македонија, на 7 април 2015 година се одржа тркалезна маса на тема: „Регионална соработка и заеднички настап на градежниот сектор на трети пазари“ на која присуствуваа претставници на здруженијата за градежништво од коморите на Хрватска, Босна и Херцеговина (Надворешно-трговска комора на БиХ, Стопанска комора на Федерација на БиХ и Стопанска комора на Република Српска), Србија и Македонија, како и повеќе фирми од Регионот. Идејата за поврзување на компаниите од областа на градежништвото и индустријата на градежни материјали, е пред се’, заради идентичните проблеми со кои се соочуваат компаниите во сите држави и тоа: градежништвото е прилично расцепкано и меѓусебно неповрзано; одлив на висококвалификувани и стручни кадри и висока старосна граница на градежните работници; тешкотии во добивање банкарски гаранции; неадекватна политичка и дипломатска потпора од страна на државите; отсуство на странските пазари придонесе за губење на референците коишто компаниите ги стекнуваа со години; непостоење на регионална политичка спогодба, како и национална политика; недостаток на поттикнување за образование на стручен кадар и специјализирани занимања за градежништвото, односно неадекватно школување на кадри потребни за реалниот сектор.




На средбата беше потпишана Спогодба за соработка од страна на претставниците на коморите на Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија и Македонија.

**08.04.2015 година**

**Имплементација на усвоените европски стандарди во областа на металургија во Република Македонија - ПРИМЕНАТА НА СТАНДАРДИТЕ ОБЕЗБЕДУВА ЗГОЛЕМЕНА КОНКУРЕНТНОСТ**

Хармонизација на националната со европската стандардизација и имплементација на усвоените европски стандарди во областа на металургија во Република Македонија беше тема на презентацијата која на 8-ми април се одржи во Стопанската комора на Македонија, во организација на Здружението на металургијата и Институтот за стандардизација на РМ, а со поддршка на Сојузот на металурзи на Македонија. Целта беше пред бизнис-секторот од оваа индустриска гранка да бидат претставени усвоените стандарди, а преку презентации од компаниите- членки на Здружението да се овозможи размена на мислења и искуства од примена на конкретни стандарди од областа на металургијата.

**09.04.2015 година**

**Здружение на угостителството и туризмот со барања - НАМАЛУВАЊЕ НА ДДВ ОД 18 НА 5 ОТСТО ЗА ХРАНАТА ВО ХОТЕЛИТЕ И РЕСТОРАНИТЕ И СТИМУЛАЦИИ**




Намалување на ДДВ од 18% на 5% за храната во хотелите и ресторанite, стимулации во угостителството, односно хотелиерството, иницираа претставниците на Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија на седницата што се одржа на 9.4.2015 година. Членките на здружението веќе подолго време ги анализираат состојбите и разговараат за идејата да се покрене иницијатива со која ќе се предложат серија конструктивни мерки што ќе значат финансиско растоварување на хотелско - угостителскиот сектор и индиректен стимул за нови инвестиции и модернизација на постојните капацитети. На состанокот се отворија повеќе проблеми со кои се соочуваат секојдневно, како што се високиот износ на ДДВ, ограничувањето на работното време на угостителските објекти во рурални средини, стимулациите во угостителството, односно хотелиерството, Законот за заштита од пушење, високите давачки кон ЗАМП и други.

**09.04.2015 година**

**Работилница за измените на Законот за безбедност на храна - УГОСТИТЕЛИТЕ СО ОБВРСКА ДА ЈА ОБЕЛЕЖУВААТ ХРАНАТА КОЈА СОДРЖИ АЛЕРГОГЕНИ ЕЛЕМЕНТИ**

Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија организираше работилница на тема – „Обврски на угостителите од новите измени на Законот за безбедност на храна" (9.4.2015 година). На работилницата присутните беа информирани за новите измени на Законот за безбедност на храна, со кои е воведена обврската во менијата да се евидентираат производите кои содржат алергогени супстанци, како и за другите обврски кои произлегуваат од Законот. Во рамки на работилницата, примариус доктор Ленче Јовановска од Агенцијата за храна и ветеринарство, ги информираше присутните за обврските кои произлегуваат од Законот за безбедност на храната, согласно Правилникот за начинот на означување на храната, а сето тоа усогласено со европската правна рамка и европските директиви за означување, презентирање и рекламирање, дополна во однос на состојките и означување на нутритивните вредности, а како краен ефект исклучително внимателно да се користат производите со алергогени примеси.

**20.04.2015 година**

**Македонски металуршки компании учествуваа на меѓународната научно-техничка конференција „Леарство 2015“ во Плевен, Република Бугарија - РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА И БРОЈНИ ДЕЛОВНИ КОНТАКТИ**

Во организација на Здружението на металурзи на Македонија и Здружението на металургија при Стопанската комора, 10-ина претставници на македонските металуршки компании учествуваа на XXII Меѓународна научно-техничка конференција „Леарство 2015", која се одржа на 16 и 17 април 2015 година во Плевен, Р.Бугарија. Оваа манифестација претставуваше можност на едно место да се реализираат контакти на научници и на преставници на компании од различни земји, каде што се презентираа научни и технички достигнувања и се разговараше за состојбите, проблемите од областа на леарството како и за натамошните развојни перспективи на оваа металуршка дејност.

**21.04.2015 година**

**Групацијата за гробишта и погребални дејности расправаше за предложените нови законски решенија - НЕОПХОДНИ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА ЗАРАДИ ПОДОБРИ УСЛУГИ ОД ДОСЕГАШНИТЕ**

Групацијата за гробишта и погребални дејности во рамките на Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија, на работна седница го разгледуваше Предлог-законот за гробишта и погребални услуги изработен во Министерството за транспорт и врски. При тоа, присутните констатираа дека ако се земе предвид дека целта на новиот Предлог-закон за гробишта и погребални услуги е да се надминат одредни слабости и недостатоци на постојниот закон, а особено во делот на управувањето со гробиштата и вршењето на погребалните услуги, а пред се` од аспект на подобрување на услугите кон граѓаните кои се крајни корисници и плаќаат за истите и очекуваат со новите законски решенија да добијат поповолни и подобри услуги од досегашните, тогаш предлог-текстот треба да биде во некои делови изменет, а во некои делови дополнет.

**24.04.2015 година**

**Презентација на стандардот за опрема и заштитни системи кои се наменети за употреба во потенцијално експлозивни атмосфери - ХАРМОНИЗАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА СО ЕВРОПСКАТА РЕГУЛАТИВА**




Хармонизација на националната со европската стандардизација и имплементација на усвоените европски стандарди во областа на опрема и заштитни системи кои се наменети за употреба во потенцијално експлозивни атмосфери - стандардизација и регулатива во Република Македонија, беше тема на презентацијата што се одржа во Стопанската комора на Македонија, на 24 април 2015 година. Презентацијата беше во организација на Здружението на металната и електроиндустријата и Институтот за стандардизација на РМ. Презентацијата беше организирана со цел деловните субјекти од областа на индустријата да бидат запознаени со активностите, можностите и целите на ИСРМ ТК 1, со Директивата АТЕХ и документацијата за обележувањата кои треба да ја пратат опремата и заштитните системи кои се наменети за употреба во потенцијално експлозивни атмосфери, со анализа на постојната состојба и новините што треба да се следат и корелација на АТЕХ со VOC-директивата.

**27.04.2015 година**

**Работилница на МЖ „Транспорт“ и „Коско“ од Грција за создавање патни и железнички мрежи преку територијата на земјава до Пристаништето во Пиреја и за создавање железнички собирен пункт на стратешко место - БИТЕН ЕЛЕМЕНТ ЗА КОНКУРЕНТНОСТА И РАСТОТ НА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ**



МЖ „Транспорт“ во соработка со „Коско“ од Република Грција организираа работилница на која се разгледуваа можностите за создавање патни и железнички мрежи преку територијата на Република Македонија до Пристаништето во Пиреја, како и можноста за организирање железнички собирен пункт на стратешко место во земјава (27.4.2015 година. Значењето на овој настан е и од таму што тајмингот на неговото одржување коинцидира со актуелните случувања поврзани со неодамна одржаната Бриселска конференција на премиерите на земјите од Западен Балкан, на која беше договорено земјите од Западен Балкан да се вклучат во Главната мрежа за инфраструктурно поврзување на Европската унија, за која цел Европската комисија ќе издвои финансиски средства до една милијарда евра. Стопанската комора на Македонија, позитивно гледа на актуелните случувања бидејќи истите во целост кореспондираат со поставените, меѓусебно поврзани, основни стратешки цели на коморското делување, а во функција на задоволување на интересите на бизнис-заедницата. Најавените финансиски можности на Европската комисија за оваа намена, всушност претставуваат и верификација за оправданоста на барањата и определбите за кои се залага Комората, а особено во делот на инфраструктурниот развој, - истакна м-р Јелисавета Георгиева, потпретседател на Стопанската комора на Македонија.

**28.04.2015 година**

**Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите расправаше по извештајот за петгодишниот период на работење - ПОСЕБНО ВНИМАНИЕ СЕ ПОСВЕТУВАШЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА ОД ОБЛАСТА НА ГРАДЕЖНИШТВОТО**

Здружението на седницата одржана на 28.4.2015 година, го разгледа извештајот за петгодишниот период на работење на Здружението. На седницата беа избрани и 19 членови на Управниот одбор на Здружението. За претседател на Здружението беше избран Андреа Серафимовски од ДГ „Гранит“ АД - Скопје и двајца потпретседатели и тоа: Исак Шеху, „Кнауф Радика“ - Дебар и Стојанче Стојанов, „БИМ“ - Свети Николе.

**29.04.2015 година**

**Тркалезна маса на тема: „Управувањето со колективни станбени згради - можности и предизвици“- КООРДИНИРАНА АКТИВНОСТ ЗА СТИМУЛИРАЊЕ НА ПОКВАЛИТЕТНО ЗАЕДНИЧКО ЖИВЕЕЊЕ**

Групацијата за домување со станбен и деловен простор при Стопанската комора на Македонија и „Хабитат Македонија“ на заеднички организираната тркалезна маса дебатираа за моделите на управување на колективните станбени згради како услов за поквалитетно заедничко живеење. На тркалезната маса учествуваа и претставници на Министерството за транспорт и врски, Љубиша Јовановски и Раде Кецман од Секторот за станбено-комунални работи, како и претседателот на Регулаторната комисија за домување Душко Кадиевски. Претставниците на Министерството за транспорт и врски (кое е и креатор на Законот за домување), ја потенцираа важноста на Законот за домување, како и фактот дека на овој начин се стимулира поквалитетно заедничко живеење во станбените згради, со однапред поставени правила. Кадиевски како претседател на Регулаторната комисија за домување, ги образложи клучните поенти на Законот и посочи дека како регулаторно

тело на оваа дејност континуирано ги следат забелешките што граѓаните, лиценцираните управители и заедниците на станари ги доставуваат до нив по регуларен пат.

**04.05.2015 година**

**Актуелните состојби во текстилната индустрија и проекции за наредниот период - НЕОПХОДНО ВЛОЖУВАЊЕ ВО СОВРЕМЕНА ОПРЕМА ЗА ДА СЕ ЗАДРЖИ КОНКУРЕНТНОСТА**

Текстилната индустрија во Република Македонија е од особено значење, како по бројот на вработените, така и според извозот. На оваа тема пред претставниците на медиумите зборуваше Ангел Димитров, претседател на Здружението на текстилната индустрија и конфекцијата при Стопанската комора на Македонија. Очекувањата за 2015 година се дека ќе бидат на исто ниво како 2014 година. Растот досега најмногу се должи на два фактора: - на повисоките фази на обработка и доработка на производите каде што веќе дел од производствените операции се вршат во земјава (печатење, везење, пакување и сл.) и -заживување на економијата во Европската унија што доведе до продолжување на договорите и задржување на најзначајните партнери од западноевропските земји.

**05.05.2015 година**

**Здруженијата  на хемиската индустрија и на трговијата расправаа за обврските на одговорните лица во маркетите согласно Законот за хемикалии - ДОПОЛНИТЕЛЕН ТРАНЗИЦИОНЕН ПЕРИОД ОД ЕДНА ГОДИНА ЗА ЦЕЛОСНА ПРИМЕНА НА CLP/GHS -РЕГУЛАТИВАТА**

Од 1 јуни 2015 година во Република Македонија стапува на сила новиот систем на одбележување на хемикалиите кои во делокругот на работење на малопродажните објекти се препознатливи како куќна хемија, во која спаѓаат предметите за општа употреба, детергентите, средствата за омекнување, производите за белење, производите или артиклите кои содржат хемикалии, средства за одржување хигиена и средствата за дезинфекција, беше кажано на состанокот на здруженијата на хемиската индустрија и на трговијата. Состанокот се организираше во соработка со Агенцијата за лекови при Министерството за здравство.

**06.05.2015 година**

**Практична примена на регулативите и воспоставување квалитетен систем за управување со електричната и електронска отпадна опрема - ПОСИЛНА КАМПАЊА НА НИВО НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА**

„Закон за електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема - како до успешна практична примена?“ беше темата на  Конференцијата, што во организација на Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори се одржа во Стопанската комора на Македонија (6.5.2015 година). Учесниците на Конференцијата имаа можност да се запознаат со начинот на справување со отпадна електрична и електронска опрема во Унгарија преку презентацијата на претставникот од „E-Elektra ZRT“ од Унгарија.

**06.05.2015 година**

**Групацијата за водовод расправаше за Предлог-законот за утврдување на цените на водните услуги - ОД ПРЕЧИСТИТЕЛНИ СТАНИЦИ ЌЕ ЗАВИСАТ СМЕТКИТЕ ЗА ВОДА**



Групацијата за водовод во рамките на Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија, го разгледуваше Предлог-законот за утврдување на цените на водните услуги, чија цел, како што беше потенцирано од претставниците на Министерството за животна средина и просторно планирање, е да се обезбеди воспоставување на самоодржлив систем на водни услуги кој обезбедува висок стандард на дадените услуги со пристапна цена во согласност со целите на Националната стратегија за води на Македонија (6.5.2015 година). Присутните на состанокот посочија серија несоодветни членови и предложија измени на дел од нив.

**07.05.2015 година**

**РАЗГОВОРИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА ВО ГРАДЕЖНИОТ СЕКТОР И ВО ОБЛАСТА НА СОЛАРНАТА ЕНЕРГИЈА**

Стопанска делегација на Црна Гора, која присуствуваше на отворањето на Одделението за економски прашања и туризам при Амбасадата на Црна Гора во Македонија, реализираше работна средба со македонски стопанственици (7.5.2015 година). Црногорските претставници најмногу се интересираа за градежниот сектор заради експанзијата на градежништвото во Црна Гора. Тие истакнаа дека имаат потреба од градежни материјали и стручна работна сила, за што Македонија може да им излезе во пресрет, при што беа разменети информации за своите компании и ги изнесоа потребите за заедничка соработка при реализација на објекти од ниско и високоградба, посебно во Црна Гора, а исто така се заложија да продолжи досегашната соработка меѓу компаниите, но и да се воспостават нови контакти.

**14.05.2015 година**

**Групација за домување со станбен и деловен простор - ПОТРЕБНО Е РЕГУЛИРАЊЕ НА ОДНОСОТ СО ДИСТРИБУТЕРОТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**




Лиценцираните управители за домување на денешниот состанок на Групацијата за домување со станбен и деловен простор при Стопанската комора на Македонија изнесоа серија проблеми со кои се соочуваат во делот на регулирање на односите околу наплатата на сметките за потрошена електрична енергија во влезовите како дел од заедничките простории. Согласно нивните кажувања, проблеми се јавуваат при регулирањето на односот со дистрибутерот на електрична енергија, односно во дефинирањето на тоа кој е сопственик, односно корисник на заедничкото броило во влезовите.

**27.05.2015 година**

**Здружение на трговијата - ЗАКОНСКИ ИЗМЕНИ ЗА ДА СЕ НАМАЛАТ ТРОШОЦИТЕ НА РАБОТЕЊЕТО**

Здружението на трговијата ги разгледа текстовите на предлог-законите за изменување и дополнување на законите од областа на трговијата (Закон за трговија, Закон за заштита на потрошувачите и особено Законот за електронска трговија). Се поддржуваат предложените изменувања и дополнувања на Законот за електронска трговија со оглед дека со истите се придонесува за поголема правна сигурност во одвивањето на електронската трговија. Компаниите-членки на Здружението на трговијата, укажуваат дека покрај овие измени на Законот, потребни се и дополнителни мерки и законски измени, со цел унапредување на електронската трговија во Република Македонија. За зајакнување на поддршката на институциите за развој на е-трговијата да се одржат работилници со заинтересираните стопански субјекти во Република Македонија, да се усогласи законската регулатива со Директивата на ЕУ за дефинирање на односите на е-трговците со потрошувачите, со цел подобрување на имиџот и развојот на електронската трговија во Република Македонија.

**01.06.2015 година**

**ПРОЕКТ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ВО МЕСЕЦ ЈУНИ 2015 година**

Проект на Стопанската комора на Македонија за промовирање во „Утрински Весник“на успешните менаџери и компании-членки на Комората, новите органи и тела на Комората и предлог иницијативи:

- Интервју на м-р Јелисавета Георгиева, потпретседател на Стопанската комора на Македонија за „Утрински весник“ - БИЗНИС-ЗАЕДНИЦАТА СО НОВИ ИНИЦИЈАТИВИ (01.06.2015)
- Примерот на „Кожувчанка“ која годинава прославува 20 години постоење - ПОСТОЈАНО ИНВЕСТИРАЊЕ И ПРОДУЦИРАЊЕ БРЕНДОВИ- ФОРМУЛА ЗА СИГУРЕН РАСТ (02.06.2015)
- Сашо Наумоски и Штефан Петер новите двајца потпретседатели на Комората (03.06.2015)
- Иницијативи за изработка на сериозни анализи од страна на сите носители на економската политика - ПРЕДЛАГАМЕ ДА СЕ ОТВОРИ РАСПРАВА ДАЛИ КУРСОТ НА ДЕНАРОТ Е РЕАЛЕН И ДОВОЛНО СТИМУЛАТИВЕН ЗА РАЗВОЈ НА БИЗНИСОТ (04.06.2015)
- „Фени Индустри“ од Кавадарци најголем нето извозник во државата (05.06.2015)
- Нови членови во Управниот Одбор на Комората од банкарскиот сектор (06.06.2015)
- ПРЕДЛОГ-ИНИЦИЈАТИВИ: • Јакнење на независноста на регулаторните тела • Законско нормирање на класичниот холдинг (08.06.2015)
- ПОГОЛЕМА КОНКУРЕНТНОСТ ОБЕЗБЕДЕНА ПРЕКУ ИНВЕСТИЦИИ ВО СОФИСТИЦИРАНА СОФТВЕРСКА ТЕХНОЛОГИЈА (09.06.2015)
- ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА КОМОРАТА (10.06.2015)
- Иницијатива - МОЖНОСТИ И ПЕРСПЕКТИВИ - РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА МАКЕДОНСКАТА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ (МБПР) (11.06.2015)
- НОВА ИНВЕСТИЦИЈА НА „ДРИСЛА - СКОПЈЕ“ ДОО ВО ПОСТРОЈКА ЗА ТРЕТМАН НА ИНДУСТРИСКИ ОТПАД (12.05.2015)
- НОВИ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА КОМОРАТА (13.06.2015)
- ИНИЦИЈАТИВА ЗА МЕНУВАЊЕ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ СО КОИ СЕ УРЕДУВА ИЗВРШУВАЊЕТО СПРЕМА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА (15.06.2015)
- Вложувањата во ЦНЦ технологија овозможува високо прецизна обработка на најразлични профили и рељефи од украсен камен - КАМЕНОТ ПРЕТОЧЕН ВО УМЕТНОСТ (16.06.2015)
- НОВИ ЧЛЕНОВИ НА СОБРАНИЕТО НА КОМОРАТА (17.06.2015)
- ПРОМЕНА НА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ОБВРСКИТЕ ПО ОСНОВ НА ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ПЕНЗИСКО, ИНВАЛИДСКО И ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ (18.06.2015)
- КОМПАНИЈАТА „АЦДЦ ДЦАЦ“ ДОО ПОМЕЃУ ПРВИТЕ 10 НАЈИНОВАТИВНИ КОМПАНИИ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА (19.06.2015)
- ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА (20.06.2015)
- ПРЕДЛОГ ИНИЦИЈАТИВИ* ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПРЕЗЕМАЊЕ СТРУЧЕН КАДАР ОД ДОМАШНИТЕ ВО КОМПАНИИТЕ СО СТРАНСКИ КАПИТАЛ* СТУДИЈА ЗА СИСТЕМОТ НА НЕДАНОЧНИТЕ И ПАРАФИСКАЛНИ ДАВАЧКИ ВО МАКЕДОНИЈА (22.06.2015)
- Промовирање на меѓународните активности на комората* ПЕТТЕ КЛУЧНИ ЧЕКОРИ ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА РЕГИОНОТ* ICC - КОМОРИТЕ ВО МИСИЈА ЗА ГЛОБАЛЕН НАПРЕДОК НА БИЗНИСОТ (23.06.2015)
- НОВИ ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ЗАМЕНИЦИ ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА РЕГИОНАЛНИТЕ КОМОРИ (24.06.2015)
- ПРОДОЛЖУВА ЕКСПАНЗИЈАТА НА „КАМ“ ВО СОСЕДСТВОТО И НА ДОМАШНИОТ ПАЗАР (25.06.2015)
- ОРГАНИ И ТЕЛА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА И ПРЕДЛОГ-ИНИЦИЈАТИВИТЕ ЗА 2015-2020 ГОДИНА (26.06.2015)

**04.06.2015 година**

**Групацијата за противпожарна заштита со низа барања до надлежните органи во правец на подобрување на амбиентот за стопанисување - ПОКОНКРЕТНО ДЕФИНИРАЊЕ НА ТЕХНИЧКИТЕ НОРМАТИВНИ СТАНДАРДИ**



На состанокот на Групацијата за противпожарна заштита, одржана на 4.6.2015 година во Стопанската комора на Македонија, беше водена расправаа за актуелните состојби во оваа дејност и за активностите кои треба да се преземат за подобрување на амбиентот за стопанисување на стопанските субјекти. Како проблем посебно беше истакната колизијата што постои помеѓу Законот за заштита и спасување и Законот за безбедност и здравје при работа во делот на заштита од пожари и спасување. Апострофирана беше и зголемената нелојална конкуренција при учество на тендери, недостаток на контрола на исправноста на противпожарните апарати и стабилните системи за дојава и противпожарна заштита и др. На состанокот беше побарано поконкретно да се дефинираат техничките нормативи и стандарди и да се укаже на задолжителните постапки при одржување, сервисирање и испитување на ПП-апаратите согласно со техничките нормативи, стандарди и упатства на производителот.

**08.06.2015 година**

**Континуирано Република Македонија го зголемува узозот на брашно - МЕЛНИЦИТЕ ЗАГРОЗЕНИ ОД НЕПАЗАРНИТЕ ЦЕНИ НА ДОМАШНАТА ПЧЕНИЦА И НЕЈЗИНИОТ НЕКВАЛИТЕТ**

Од вкупните количини пченица што мелниците во Македонија ги преработуваат, околу 60% е увозна пченица, а 40% домашна откупена пченица. Најголема опасност за мелниците во Македонија е нивната неконкурентност или неможност да конкурираат со цените на брашното од увоз, со што директно се загрозени и земјоделците. Причини за тоа се непазарните цени на домашната пченица, како и нејзиниот квалитет. Во одредени периоди во годината цената на увозната пченица се доближува многу блиску до цената на увозното брашно што дополнително создава проблеми на мелничката индустрија.На прес-конференцијата во Стопанската комора на Македонија во оваа прилика Томе Ѓорѓевски, заменик-извршен директор на „Кадино индустри груп" ја презентираше првата и единствена Акредитирана лабораторија во Македонија за испитување на квалитет на брашно.

**10.06.2015 година**

**Пресудно значењето на термоенергетиката на јаглен за енергетските системи на Македонија - НЕОПХОДНА РЕКОНСТРУКЦИЈА И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА РЕК „ОСЛОМЕЈ"**

Тргнувајќи од евидентниот недостиг на електрична енергија, што ќе се зголемува од година во година, се одржа советување на тема: Значењето на термоенергетиката на јаглен за енергетските системи на Македонија, со посебен осврт на РЕК „Осломеј", во организација на ЗЕМАК, со поддршка од Македонската енергетска асоцијација - МЕА. Преку примена на добро разработен реален пристап, користејќи ја како подлога енергетската стратегија на МАНУ, изработени се различни сценарија за продолжување на векот на термоенергетскиот објект во Кичево и потребите на електроенергетскиот систем на земјава.

**11.06.2015 година**

**Разгледана Нацрт-националната стратегија за развој на информатичко-комуникациските технологии во Република Македонија за 2016 и 2017 година - ПОВИСОКИ ЗНАЕЊА ЗА ПОГОЛЕМА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ**

Здружението на информатичко-комуникациските технологии, на седница одржана на 11.6.2015 година, го разгледа текстот на Нацрт-националната стратегија за развој на информатичко-комуникациските технологии во Република Македонија, за периодот 2016-2017 година. Целта на оваа национална краткорочна стратегијата за ИКТ-секторот е постигнување подобра глобална конкурентност на земјата. Националната краткорочна стратегијата за ИКТ-секторот ги презентира потребните упатства, инструменти и мерки за успехот, за да се зголеми придонесот на ИКТ-индустријата во насока на одржлив економски развој и поддршка за создавање работни места во рамките на ИКТ и другите индустрии, со фокусирање на овие 4 (четири) области: обезбедување поддршка на бизнисот за ИКТ-компании; создавање на информатичко општество; промовирање на јавно-приватниот дијалог (PPD) и подобрување на формалното и неформалното образование, вклучувајќи го доживотното учење.

**15.06.2015 година**

**Предлог на градежниците за да се задржи трендот на зголемување на станбената изградба - ПРОЛОНГИРАЊЕ НА ПРИМЕНАТА НА ПОВЛАСТЕНАТА СТАПКА ОД 5 ОТСТО КАЈ ПРВИОТ ПРОМЕТ**

Во период повеќе од десет години состојбата во станбената област се менува, како во зголемувањето на бројот на новоизградените станови, така и во подобрувањето на нивната опременост и инфраструктура. Влијание врз зголемувањето на станбената изградба има и донесувањето на законската одредба, каде при првиот промет на станбени згради и станови се применува повластена даночна стапка од 5% со ограничен временски период и завршува заклучно со 31.12.2015 година. Затоа, градежниците бараат пролонгирање на примената на повластената стапка од 5% кај станбените згради и станови, при што се предлага пролонгирање на рокот за уште три години.

**15.06.2015 година**

**Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија и ХОТАМ со заеднички барања - ДОПРЕЦИЗИРАЊЕ НА ПРОПИСИТЕ ЗА СЕЗОНСКО ВРАБОТУВАЊЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ НА НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА**



Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, преку Регионалната комора со седиште во Охрид, а во соработка со Хотелската асоцијација на Македонија – ХОТАМ, одржаа заеднички состанок. Вработувањето сезонски работници, субвенционирањето на девизниот прилив од туризмот и угостителството и нелојалната конкуренција од „Човек-агенциите“, кои на пазарот излегуваат со сомнителни понуди, ниски цени и неквалитетни услуги, беа темите дефинирани за состанокот. Притоа, беше констатирано дека ќе треба да се види искуството од земјите, пред се`, во регионот како е решено ова прашање и согласно македонските услови да се направат соодветни измени на Законот, за што Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија и ХОТАМ ќе доставаат конкретен предлог до надлежните владини институции.

**17.06.2015 година**

**Здружението на енергетиката расправаше за „Енергетските предизвици на Република Македонија“- КЛУЧНО Е ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА ОДРЖЛИВ ЕНЕРГЕТСКИ РАЗВОЈ**

Здружението на енергетиката при Стопанската комора на Македонија, на 17.6.2015 година, одржа конференција на тема: „Енергетските предизвици на Република Македонија". Целта на оваа конференција беше да се искажат релевантни информации во сите области од енергетскиот сектор, со што би се придонело за: одржлив развој на енергетсиот сектор, сигурност во снабдувањето, законската регулатива и за енергетската ефикасност.

**17.06.2015 година**

**Собранието на Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори - ПОД ЛУПА ПОДЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА**

На седницата на Собранието на Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори, одржана на 17.6.2015 беа презнетирани претстојните измени на регулативата за управување со отпад и новините кои се однесуваат на поделбата на видовите отпад во склад со Европската директива на т.н. „зелена листа“ отпад. За извоз, увоз и транзит на отпад од т.н. „зелена листа“ во иднина нема да биде потребна дозвола за извоз, туку само известување до Министерството за животна средина и просторно планирање.Во дискусијата беа дадени начелни забелешки со кои правилникот би ја реализирал својата цел, а тоа е да се олесни процедурата за увоз, извоз и транзит на отпад.

**18.06.2015 година**

**Здружение на трговијата - ВО ИДНИНА ПОИНТЕНЗИВНА СОРАБОТКА СО НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**




Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија, на седницата одржана на 18.6.2015 година, имаше конструктивна расправа за соработката со Нотарската комора на Република Македонија. Членките на Здружението на трговијата укажаа на потребата од поголема ефикасност при реализацијата на законските решенија што имаат влијание врз работењето на стопанските субјекти од областа на трговијата, а особено за примената на законите за поголема финансиска дисциплина, дожничко-доверителските односи и на законските одредби од имотно-правните односи. Како конкретни проблеми, стопанските субјекти ги посочија состојбите на одредување на: месната надлежност на нотарите, доколку двете страни се со различно место на живеење, извршувањето врз веродостојна исправа, примената на член 63 од ЗПП, каде доверителот е принуден да ги авансира трошоците на постапката, кои е неизвесно дека ќе ги наплати, поефикасна примена на електронската поврзаност на нотарите со Катастарот и со Централниот регистар на Република Македонија, при ставање или бришење на хипотека или залог со цел комплетно завршување на предметите и олеснување на реализација на предметите на странките и примената на едношалтерскиот систем. На седницата се предложи да се покрене иницијатива за донесување ефикасен и рационален финансиски инструмент за обезбедување на договорени плаќања за продадена стока или извршена услуга, кои се вршат секојдневно.

**18.06.2015 година**

**Презентација на Извештајот за подобрување на законодавството за индустриски зелени зони - НАОДИТЕ И ПРЕПОРАКИТЕ ОСНОВА ЗА ИЗМЕНА НА РЕГУЛАТИВАТА**

Стопанската комора на Македонија, Проектот на УСАИД за инвестиции во чиста енергија и Министерството за економија, организираа презентација на Извештајот за наодите и препораките од спроведеното истражување меѓу селектирана група општини и компании поврзани со основање и инвестирање во индустриски зелени зони (18.6.2015 година). Наодите и препораките од истражувањето ќе бидат основа за изработка на измените и дополнувањата на Законот за индустриски зелени зони и подзаконските акти, а особено во однос на улогата, правата и обврските на основачите и инвеститорите во зоната, критериумите за влез и вршење дејност во зоната и поволностите за основачите и корисниците (инвеститорите) во зоните. Со тоа ќе се создадат услови Законот за индустриски зелени зони, донесен во 2013 година, да заживее во пракса.

**18.06.2015 година**

**Групацијата на производители на заштитни врати со препорака до инспекциските органи - КОНТРОЛИТЕ ДА ПРОДОЛЖАТ, А ПРИ ПРИЕМОТ НА СТАНБЕНИТЕ ОБЈЕКТИ ДА СЕ ПРОВЕРУВА СЕРТИФИКАТОТ**

На состанокот на Групацијата на производители на заштитни врати при Стопанската комора на Македонија, одржан на 18.6.2015 година, се расправаше за досегашните активности за постапката за испитување, односно атестирање на заштитни врати во лабораторијата на Факултетот за дизајн и технологии на мебел, како и за постојната нелојална конкуренција и наредните активности за елиминирање на истите. На состанокот се истакна дека на иницијатива на Групацијата на производители на заштитни врати, Државниот пазарен испекторат изврши контрола кај поголем дел од производителите на заштитни врати и кај увозниците на истите. Придржувајќи се кон препораките на Државниот пазарен испекторат, скоро сите производители до акредитираната лабораторија ги доставија своите производи каде се вршеше испитување на истите во делот на статиката, динамиката и насилното отворање на вратите за шест класи. Врз база на извршената постапка на реализираното тестирање се издадени соодветни сертификати за квалитетот на против насилното отворање и која класа ја задоволува заштитната врата.

**18.06.2015 година**

**Став на Групацијата на пазари - НЕОПХОДЕН ПОСЕБЕН ЗАКОН ЗА ТРГОВИЈА НА ЗЕЛЕНИТЕ ПАЗАРИ**




Групацијата на пазари во рамки на Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија, одржа состанок, на кој претставниците на организаторите на пазарите разговараа за теркот на договорите како облигационен однос помеѓу организаторот на зелен пазар и закупецот на тезга. Во таа насока беше отворена дискусија што како единствен терк треба да содржи договорот што организаторите им го нудат на закупците. Беше посочено дека во овој момент постои неусогласеност на законот за трговија (чии одредби се цитираат во договорите) и новиот закон за забрана за вршење на нерегистрирана дејност која пак нуди полиберален пристап во дефинирањето кој се` може да биде закупец на тезга.

**25.06.2015 година**

**„Потенцијалот за создавање зелени работни места во Република Македонија“- МОЖНОСТ ЗА 6.000 „ЗЕЛЕНИ“ ВРАБОТУВАЊА ДО 2030 ГОДИНА**



Со цел да се процени бројот на работни места создадени од политиките и мерките во областа енергетска ефикасност и снабдување со енегрија, Стопанската комора на Македонија, во соработка со УНДП организираше презентација на тема: „Потенцијалот за создавање зелени работни места во Република Македонија“ (25.6.2015 година). Со примена на политиките и мерките за ублажување на климатските промени се зголемува потенцијалот за создавање работни места. Поради тоа што се потребни инвестиции за реализација на политиките и мерките, било како енергетска ефикасност или нискојаглеродно снабдување со енергија, инвестицијата ќе има позитивно влијание на бруто националниот производ и на работните места.

**29.06.2015 година**

**Инсистирање за понатамошно поттикнување на туризмот кој е со значаен девизен ефект во економијата на земјава - СТИМУЛАЦИИ ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО И ХОТЕЛИЕРСТВОТО**

Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, на неколку последователни седници ги разгледува разните видови статистички податоци од дејноста и останатите информации од надлежните државни инстиотуции кои дефинитивно потврдуваат дека порастот на странските туристи е изразен и со континуиран раст по доделувањето на субвенциите. Но, она на што укажуваат хотелиерите и угостителите е дека по 5 години колку што во континуитет се обезбедува поддршката на туризмот преку стимулирање на странски туроператори, потребно е да се размислува и за поддршка и стимулации и на ресторантите и хотелите во Македонија, каде овие туристи престојуваат, се хранат и сл.  Барањата на хотелиерите и угостителите се во насока на растоварување на дел од трошоците, со цел девизниот прилив кој е поизразен со растот на странските гости, да може да се искористи за реинвестирање во објектите со цел нивно приспособување на потребите на гостите, како и следење на трендовите во регионот и светот каде хотелско-угостителските објекти нудат разни видови нови услуги согласно потребите на гостите. Во таа насока, како клучен проблем на хотелиерите и угостителите во овој момент е ДДВ што го плаќаат на храната (пијалаците не се дел од оваа пресметка), што се служи во ресторанѕите, која како влезна суровина се оданочува со 5%, а на крајот вкупната услуга, во која влегува и материјалниот трошок се оданочува со 18%.

**29.06.2015 година**

**Пораки од Медитеранската конференција за туризам што се одржа во Будва, Република Црна Гора - НОВИ ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ ЗА ЗАДРЖУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ТОП-ДЕСТИНАЦИИ ВО СВЕТОТ**

Претставници на Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија учествуваа на Меѓународната конференција за туризам на тема: „Квалитетот клучен услов за успех на медитеранската туристичка дестинација“, што се одржа во организација на Светската туристичка организација во рамките на Обединетите нации (UNWTO), во Будва, Р. Црна Гора, од 22 до  24 јуни 2015 година. На Конференцијата беа донесени неколку заклучоци: потребно е да се подобри квалитетот на туристичкиот производ; секоја земја на Медитеранот да работи на свои национални производи во насока на подобрување на конкуренцијата;  регионите во Медитеранот мора да бидат конкурентни и да соработуваат; - потребно е приспособување кон промените на светските мапи; младите почнуваат да патуваат многу повеќе, што е нова и различна категорија туристи; се менуваат формите и начините како луѓето одлучуваат да ги трошат парите.

**06.07.2015 година**

**Состојбите во металуршкиот сектор се индикатор за вкупните економски движења во земјава - СВРТЕНОСТ КОН МАКСИМАЛНА РАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА ТРОШОЦИТЕ**



Состојбите и остварувањата во металургијата од почетокот на годината се приближно како минатогодишните. Статистиката за петте месеци од оваа година покажува речиси исто ниво на физички обем на производство кај основните метали и благ пораст од 4,3% кај вадењето руди на метал. Податоците за извозот во 4-те месеци покажуваат понеповолни резултати кај металните руди и кај металите, односно опаѓање во однос на минатогодишните 4 месеци од околу 15%. Ова беше истакнато на редовната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија на тема: „Состојбите во металуршкиот сектор - индикатор за вкупните економски движења" (6 јули 2015 година) на која говореа д-р Митко Кочовски и Герасим Кујунџиев, претседател и заменик-претседател на Здружението на металургијата при Стопанската комора на Македонија. За македонската металургија, во актуелните услови кога европската економија е послаба од очекувањето, потребна е одредена системска поддршка, како што е потребата од конкурентна железница, патна инфраструктура, од интервенции во делот на енергетиката како што е намалување на трошоците за пренос на електрична енергија, натамошно поедноставување на административните постапки и процедури.

**06.07.2015 година**

**Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори со поддршка на Правилникот кој треба да донесе поедноставување на процедурите за извоз и транзит на отпадот - ЗАБЕЛЕШКИТЕ СЕ „ПЕГЛААТ" СО ПРЕДЛАГАЧОТ**

Управниот одбор во проширен состав на Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори, на денешната седница ги даде конкретните забелешки и сугестии по Предлог-правилникот за видовите на отпад, условите за извоз, увоз и транзит на отпад, методите за надзор над извозот, увозот и транзитот на отпадот, како и формата и содржината на образецот на дозволата за извоз, увоз и транзит на отпад. Со овој значаен подзаконски документ ќе дојде до поедноставување на процедурите за увоз, извоз и транзит на отпадот. Суштествена забелешка беше ставена на категоријата брокери и посредници при извоз, увоз и транзит на отпад, при што беше побарано во оваа фаза, за локалниот пазар истите да не функционираат.

**09.07.2015 година**

**ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ОДРЖАН СОСТАНОК ВО ВРСКА СО МОЖНИТЕ ПРОБЛЕМИ ВО СТОПАНСКАТА СОРАБОТКА НА МАКЕДОНСКИТЕ СО КОМПАНИИ ОД РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА**

Во присуство на компании од областа на прехранбената, металната индустрија, енергетиката, градежништвото, туризмот, во Стопанската комора на Македонија (9.7.2015 година), се одржа состанок на тема: „Актуелни проблеми во стопанската соработка со компании од Република Грција", со цел да се добијат поопсежни информации за можните проблеми и состојби во соработката на македонските со компании од Грција, како и да се договорат следни координирани активности околу деловната соработка меѓу компаниите од двете земји. Комората континуирано ја следи состојбата и од досегашното анкетирање и постојан контакт со компаниите-членки кои имаат редовен извоз на своите производи во Република Грција, и компаниите што имаат деловна соработка со грчките компании, генерално можеше да се констатира дека не се евидентирани позначителни проблеми во соработката со грчките партнери, иако е потенцирано дека соработката се одвива во отежнати услови поради неизвесноста на ситуацијата, што подразбира и можно намалување на обемот на нарачки како резултат на економската состојба во земјата.

**13.07.2015 година**

**ОТКУПНАТА ЦЕНА ЗА ДОМАШНАТА ПЧЕНИЦА И СТАНДАРДИТЕ КОИ МОРА ДА ГИ ИСПОЛНУВА- Групација на мелничко-пекарската индустрија при Стопанската комора на Македонија и производителите на лебно жито**

Согласно заклучоците од последниот состанок на членките на Групацијата на мелничко-пекарската индустрија при Стопанската комора на Македонија и производителите на лебно жито, договорени во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, цената на пченицата која се презентира од страна на Министерството од 11 денари по килограм се однесува исклучиво за пченица која ги исполнува сите параметри пропишани со Правилникот за квалитет на пченица со цел производство на брашно за исхрана. Цената од 11 денара значи - 10 денари по килограм откупена пченица без ДДВ и транспорт. Секоја друга пченица, која ќе биде понудена за продажба, а нема да исполни макар и еден параметар согласно Правилникот, ќе се откупува по 8, односно по 9 денари за килограм.

**14.07.2015 година**

**РУДАРИТЕ ПРЕДЛАГААТ да се одложи донесувањето на најновите измени и дополнувања на Законот за минерални суровини**




Членките на Македонската асоцијација на рударството – МАР при Стопанската комора на Македонија, на седницата одржана на 14.7.2015 година, во присуство на претставници на Министерството за економија и на Собранието на РМ, расправаа по Предлогот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини и за актуелните состојби во секторот рударство. Посебна дискусија предизвика одредбата за рекултивација на просторот, од причина што за примена на оваа одредба треба да се направи анализа и план како ќе се врши рекултивацијата, бидејќи има различен степен на експлоатација на рудниците, има така наречен историски отпад, кој се таложел со години. Претставниците на рудниците истакнуваат дека неминовно е потребно рекултивирање на просторот, но тоа треба да биде реализирано постепено, како што и се прави, но не со мерки кои дополнително ќе го оптоварат буџетот на компаниите. На седницата се заклучи да се достави писмено барање до Министерството за економија и до Владата на РМ за одложување на донесувањето на овој закон.

**15.07.2015 година**

**Одржана јавна расправа за Предлог-КРАТКОРОЧНА ИКТ СТРАТЕГИЈА 2016 - 2017 година во Стопанската комора на Македонија**

На иницијатива на Владата на Република Македонија, а во соработка со приватниот сектор, академската заедница и невладиниот сектор, во изминатиот период се изготви Предлог-краткорочна стратегија која ќе им овозможи на домашните ИКТ-компании да отвораат нови работни места и да развиваат софтвер и услуги не само за Македонија, туку и за извоз, бидејќи сите анализи покажуваат дека Македонија има голем ИТ-потенцијал. Во 2013 година ИКТ-секторот придонесе со 450 милиони евра, а од 2010 до 2013 година бележи и најмногу вработувања, над 138 отсто повеќе. Тоа значи дека потенцијал имаме и тоа го препознаваат странските компании, - напомена министерот за информатичко општество и администрација, Иво Ивановски. Вкупниот број вработени во ИКТ-секторот во Македонија, околу 16.000, кој воедно претставува 2,4 отсто од вкупниот број вработени во земјава, придонесуваат со 4,1 процент во додадената вредност.

**31.8.2015 година**

**Стопанските комори од земјите на Западен Балкан со предлози за креирање ланци на вредности на регионално ниво во функција на реализирање на заклучоците од Бизнис - самитот одржан во Виена**



Во рамките на Самитот (Vienna Western Balkans Summit 2015), стопанските комори од земјите на Западен балкан (ЗБ), одржаа неколку коморски настани под покровителство на Австриската федерална стопанска комора

Претседателот Азески имаше излагање на тема: „Регионално поврзување и учество во регионални проекти и финансирање на приоритетите на земјите од Западен Балкан". На оваа тема, стопанските комори од Западен Балкан изминатиот период интензивно работеа во насока на креирање на ланец на вредности на регионално ниво, преточен во конкретни регионални проекти за економска соработка, во насока на ефикасно вклучување на деловните заедници на земјите од регионот во реализација на тековните и идните инфраструктурни и други проекти од значење за нивниот економскиот раст.

Коморите од земјите од Западен Балкан потпишаа договор за основање на Коморски инвестициски форум (27 август 2015 година). Активностите на Коморскиот инвестициски форум ќе овозможат поефикасна вклученост на фирмите во реализацијата на тековните и претстојните инфраструктурни проекти и други проекти клучни за економскиот напредок на регионот. Коморите на состанокот во Виена за почеток издвоија три проекти на кои ќе биде насочено вниманието на заеднички активности. Тоа се:

- Коморски инвестициски форум (КИФ),
- Заеднички форум на стопанските комори од Западен Балкан за програмирање на регионалните проекти финансирани од фондовите на ЕУ и
- проектот на Регионална платформа за јакнење на малите и средни бизниси.

Претседателите на стопанските комори се договорија дека платформа за учество во заедничките проекти ќе биде основаниот Регионален Центар за развој на претприемачките способности за земјите од Југоисточна Европа (SEECEL, центар формиран на барање на 8 земји од Југоисточна Европа-Алабнија, БиХ, Хрватска, Косово, Македонија, Црна Гора, Србија и Турција. Мисијата на SEECEL е насочена на систематски развој на доживотно претпиемачко учење во склад со политиката и праксата на ЕУ.

**07.09.2015**

**ИНИЦИЈАТИВА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ - Во насока на поефикасно исполнување на обврските од должничко-доверителските односи**

Ефикасното функционирање на системот на заштита на правата има големи импликации во работењето на деловните субјекти, при што можноста деловните субјекти да добијат брза наплата на своите побарувања директно влијае на ликвидноста на деловните субјекти, а со тоа и на резултатите на нивното работење. Примената на одредбите од член 211 од Законот за извршување ја доведува до прашање еднаквоста на субјектите во правниот промет, што во крајна линија, го попречува нормалното функционирање на правниот поредок, а истовремено и директно влијае на ликвидноста на приватниот сектор. М-р Елена Милевска Штрбевска, оперативен директор во Стопанската комора на Македонија, истакна дека предложените решенија не се во насока на критика на законот и на институциите кои го применуваат, туку се предлагаат конкретни решенија за проблемите поврзани со примената на законите во практиката, а во функција на создавање на ефикасна, применлива

регулатива, во која ќе бидат почитувани начелата на еднаквост и рамноправност на сите субјекти пред законот. За таа цел, Стопанската комора на Македонија предложи во членот 211 да се додаде нов став 3 со кој ќе се определи дека за предмети и права во смисла на ставот 1 од овој член не се сметаат паричните средства кои се наоѓаат на сметка кај носител на платен промет, и врз нив може да се спроведува извршување без никакво ограничување.

**10.09.2015 година**

**ЧЛЕНКИТЕ НА МАКЕДОНСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА НА РУДАРСТВОТО – МАР наскоро ќе потпишат Меморандум за соработка со Бугарската комора на рударство и геологија**

Македонската асоцијација на рударството – МАР на седницата одржана на 10.09.2015 година ја поддржа иницијативата за потпишување на Меморандум за соработка помеѓу МАР и Бугарската комора на рударство и геологија. Иницијативата за потпишување на Меморандумот е покрената од бугарска страна, кои имаат потпишано спогодби со повеќе земји, меѓу кои сметаат да воспостават соработка и со МАР. Целта на потпишувањето на Меморандумот е да се нагласи важноста на двете организации, одржливиот развој на овој сектор на глобално, европско и регионално ниво, како воспоставување на деловната и практичната размена.

**14.09.2015 година**

**Групацијата на пазари го разгледуваше Предлог- законот за трговија на зелени пазари кој треба да влезе во владина процедура - БАРАЊЕ ЗА КОНЕЧНО СПРАВУВАЊЕ СО НЕЛЕГАЛНИТЕ УЛИЧНИ ТРГОВЦИ ОКОЛУ ПАЗАРИТЕ**

Групацијата на пазари, во рамки на Здружението на комунални дејности при Стопанската комора на Македонија, на седницата одржана на 14.9.2015 година констатираше дека Предлог - законот за трговија на зелени пазари, кој треба да влезе во Владина процедура, е во согласност со нивните досегашни барања. Сепак, на состанокот беше предочено дека е потребно да се интервенира во допрецизирање на неколку члена, како и да се реагира во казнените одредби кои се многу високи.

**17.09.2015 година**

**Презентација на порталот ECEPP за Е-набавки на ЕБОР - БРЗИНА, ПОМАЛИ ТРОШОЦИ, ПОГОЛЕМА КОНКУРЕНЦИЈА И ТРАНСПАРЕНТНОСТ**

Стопанската комора на Македонија во соработка со Европската банка за обнова и развој (ЕБРД) организираше презентација на порталот ECEPP за Е-набавки на ЕБОР (17.9.2015 година). Порталот за Е-набавки како пилот-проект се спроведува во Македонија, Косово и во Молдавија. Порталот ECEPP овозможува добавувачите да поднесат шифрирана електронска понуда, гарантирајќи безбедност и доверливост, а потоа во исто време онлајн се отвораат понудите, по конкретниот завршен рок за поднесување понуди, со автоматско известување до сите учесници околу клучните тендерски податоци.

**17.09.2015 година**

**Водостопанските претпријатија бараат допрецизирање на начинот на кој ќе функционираат после 1 октомври 2015 година - СТАТУСОТ НА ПОСТОЈНИТЕ ПРАВНИ СУБЈЕКТИ СЀ УШТЕ СО МНОГУ ДИЛЕМИ**

Членките на Групацијата на водостопанските претпријатија во рамките на Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија разговараа за статусот што ќе го имаат после 1 октомври годинава, имајќи предвид дека од тој датум стапува на сила новиот Закон за водостопанство, со кој сите досегашни водостопански претпријатија ќе станат подружници на новото акционерско друштво. Тие бараат дополнителна информација што ќе се случи, ако до тој рок не биде избран директор на новото АД, или и во случај да се заокружи изборот, дали ќе имаат преоден период за да се направи порамнувањето, да се згаснат постојните правни субјекти и да се усогласат со новиот закон. Членките на Групацијата алармираа дека е можно да се соочат со проблем во наплата на дел од реализираните побарувања, имајќи го предвид фактот на кој начин Законот предвидува да згаснат водните заедници.

**21.09.2015 година**

**Членките на Стопанската комора на Македонија се заинтересирани да зајакне капиталната база на МБПР и врз таа основа да се прошири асортиманот на финансиски услуги - ВО ФУНКЦИЈА НА ПОТТИКНУВАЊЕ НА СТОПАНСКИОТ РАЗВОЈ И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА НА ДОМАШНОТО СТОПАНСТВО**

Успешните развојни банки во регионот и пошироко, се занимаваат со поттикнување на развојот и конкурентноста на стопанството, со одобрување на долгорочни и краткорочни кредити, осигурување на извозот од политички и комерцијални ризици, со издавање гаранции и други финансиски услуги. Во Македонија има само една институција од тој вид - Македонска банка за поддршка на развојот - МБПР, чија основна цел според Законот е да го поддржува и поттикнува развојот на македонското стопанство во согласност со стратешките политики, цели и приоритети на Република Македонија. Ова беше истакнато на редовната пресс-конференција во Стопанската комора на Македонија на која зборуваше м-р Јелисавета Георгиева, извршен директор на Стопанската комора на Македонија (21.9.2015 година). МБПР реализира значајна финансиска поддршка за стопанството и затоа е од посебен интерес за членките на Комората. Стопанската комора на Македонија нема замерки во однос на соработката со Банката, нејзиниот кадар и активности, туку се залага за постоење на вистинска развојна банка, по примерот на ваквите банки во нашето регионално опкружување. Членките на Стопанската комора на Македонија се заинтересирани да зајакне капиталната база на МБПР и врз таа основа да се прошири асортиманот на финансиски услуги за стопанството и да даде поголем придонес за поттикнување на стопанскиот развој и интернационализацијата на домашното стопанство.

**22.09.2015 година**

**Презентација на Анализата и Акцискиот план за едукација за правилно согорување и загревање на домовите - ЗАМЕНАТА НА СТАРИТЕ ПЕЧКИ НА БИО МАСА ЌЕ ДОНЕСАТ ЗАШТЕДИ И ПОЧИСТА ОКОЛИНА**

Групацијата за климатизација, греење, ладење и проветрување при Стопанската комора на Македонија во соработка со Проектот на УСАИД за инвестиции во чиста енергија, организираше презентација на Анализата и Акцискиот план за едукација за правилно согорување и загревање на домовите (22.9.2015 година). Биомасата како енергент кој се користи за загревање во домаќинствата игра значајна улога, учествувајќи со околу 30% во вкупната потрошувачка на финална енергија во секторот домаќинство. Замената на стара печка со нов шпорет, печка или камин е “win-win” опција, што значи дека од една страна има намалување на емисиите на честички, а од друга страна има финансиска придобивка.

**25.09.2015 година**

**Стопанската комора на Македонија упати барање до стопанските комори на Србија и Хрватска за преземање најитни чекори во насока на решавање на проблемот со блокираните гранични премини - БРЗИ РЕШЕНИЈА ПРЕД ДА НАСТАНАТ ПОГОЛЕМИ ПОСЛЕДИЦИ ЗА НАЦИОНАЛНИТЕ ЕКОНОМИИ**

Во врска со проблемите со кои се соочуваат компаниите заради блокирањето на граничните премини меѓу Република Србија и Република Хрватска, претседателот на Стопанската комора на Македонија, г-дин Бранко Азески, упати ургентни писма до своите колеги г-дин Марко Чадеж, претседател на Стопанската комора на Србија и г-дин Лука Буриловиќ, претседател на Стопанската комора на Хрватска, со цел како деловно-стручни асоцијации, во рамките на своите надлежности, да преземат најитни чекори во насока на нивно надминување, во што пократок рок. Со оглед на наведеното, Стопанската комора на Македонија укажа на сериозноста на состојбата и упати јасно барање до стопанските комори на Србија и Хрватска посебно да се заложат до надлежните институции и органи за надминување на проблемите, пред да бидат предизвикани поголеми последици за нашите национални економии.

**28.09.2015 година**

**М-р Јелисавета Георгиева, извршен директор на Стопанската комора на Македонија учествуваше на Меѓународната конференција на Здружението на бизнис-жени и претприемачи во Белград, Република Србија - ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО НОВАТА ЕРА - НОВИ МОЖНОСТИ ЗА ЗАЖИВУВАЊЕ НА ЕКОНОМИЈАТА**

Меѓународната конференција на Здружението на бизнис-жени и претприемачи, насловена „Женското претприемништво во новата ера - нови можности за заживување на економијата во регионот“ и бизнис-средби меѓу компании од регионот, се одржаа на 25 и 26 септември 2015 година во Белград. Главната тема на Конференцијата беше посветена на застапувањето на женското претприемништво во регионот, за можностите и резултатите на вмрежни настапи, како и пристапот до финансиски средства, како предуслов за одржливоста на бизнисите на жените од Југоисточна Европа.

**28.09.2015 година**

**Новоформираната Групација за противпожарна заштита со барање до надлежните органи - КОНТРОЛА НА ИСПРАВНОСТА НА ПРОТИВПОЖАРНИТЕ АПАРАТИ И ОТСТРАНУВАЊЕ НА НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА**




На седница на Групацијата за противпожарна заштита одржана на 28.9.2015 година во Стопанската комора на Македонија, членките расправаа за актуелните состојби во оваа дејност и за активностите кои треба да се преземат за подобрување на амбиентот за стопанисување на стопанските субјекти од оваа област. Како проблеми во работењето беа посочени: недостаток на контрола на исправноста на противпожарните апарати и квалитетот на нивното сервисирање и нелојалната конкуренција. Во дискусијата беше истакнато дека за подобрување на работата на стопанските субјекти е неопходно да се изврши ревидирање на лиценците и да се провери нивната усогласеност со Законот за пожарникарство, како и ревидираната листа да се појави на сајтот на Дирекцијата за заштита и спасување.

**29.09.2015 година**

**Здружението на информатичко-комуникациските технологии за реализација на Националната краткорочна ИКТ Стратегија 2016-2017 и нејзиниот Акциски план - ДРЖАВНА ПОДДРШКА СО СУБВЕНЦИИ ЗА РАЗВОЈ НА СОФТВЕРСКИТЕ УСЛУГИ**

Здружението на информатичко-комуникациските технологии при Стопанската комора на Македонија, на својата редовна седница, одржана на 29.9.2015 година, расправаше за начинот на реализација и активното учество на членките од ИКТ-секторот во предвидените активности на донесената Национална краткорочна ИКТ Стратегија 2016-2017 и нејзиниот Акциски план. За оптимална реализација на целта на оваа Национална краткорочна стратегија за ИКТ-секторот и постигнување подобра глобална конкурентност на земјата, потребно е здружување и заеднички настап на сите македонски компании од секторот на информатичко-комуникациските технологии, истакна Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија. Работењето на ИКТ-компаниите е базирано на знаење, многу стручен и млад кадар, флексибилен и со постојано и интензивно учење. За искористување на огромниот потенцијал за ИКТ-индустријата, посебно во извозот потребна е и поддршка на државата, преку субвенции за развој на софтверските услуги, кои се со голема додадена вредност.

**30.09.2015 година**

**Здружение на трговијата - СТРАТЕГИЈА ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА НИВОТО НА КВАЛИТЕТОТ НА ПРОИЗВОДИТЕ И УСЛУГИТЕ ШТО СЕ НУДАТ НА ПАЗАРОТ**

На 30.09.2015 година, Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија одржа седница на која се расправаше за Предлог-стратегијата за заштита на потрошувачите и подобрување на квалитетот на производите и услугите за периодот 2016-2020 година, со годишни програми и Акционен план. Претставниците од Министерството за економија укажаа дека со оваа предлог-стратегија се утврдуваат основните цели кои ќе се преземат во областа на заштита на потрошувачите, за да се потикне подобрувањето на квалитетот на производите и услугите со што тие ќе станат поконкурентни на пазарот, а воедно и да се зголеми свеста кај компаниите дека потрошувачот секогаш треба да е на прво место. Во работењето на секторот трговија големо влијание имаат и други законски регулативи, за кои членките бараат поефикасни решенија: регулирањето на прометот со прехранбените производи, работното време, разните давачки од приходот и придонесите од платите на вработените во компаниите, стручноста на државната администрација и потребата од нивна обука за сервисирање на стопанските субјекти, заштита на интелектуалните права, како и спречување на „сивата“ економија, намалување или укинување на одделни акцизни и други давачки.

**05.10.2015 година**

**Прес-конференција на тема: ИНИЦИЈАТИВА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ СО ТАРИФА ЗА КОРИСТЕЊЕ АВТОРСКИ МУЗИЧКИ ДЕЛА, СО ЦЕЛ НАМАЛУВАЊЕ НА ДАВАЧКИТЕ НА ХОТЕЛИТЕ И УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ КОН ЗАМП**

Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, веќе подолго време на своите состаноци расправа за висината на надоместокот за авторски музички дела што хотелите и угостителските објекти по основ на Правилникот со тарифа за користење авторски музички дела, согласно Законот за авторското и сродните права, ги плаќаат кон Здружението за заштита на авторски музички права - ЗАМП, а кој за хотелско-угостителските субјекти се спорни од два аспекта: 1. Во делот на тоа за што се` се пресметува надоместок кон ЗАМП, согласно Правилникот со тарифа за користење авторски музичко дела, спорни се тарифите 2, 3, 4 и 5 кои се однесуваат за забавни, други приредби, за угостителските објекти и за хотелите. Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија меѓу другото, предлага драстично намалување на процентот кој е предвиден во тарифниот број 2. За угостителите и хотелиерите, неприфатливо е да плаќаат по 12% од приходот во случај на организација на забавна приредба. 2. Хотелите и угостителските објекти алармираат дека овој трошок претставува голем финансиски товар во нивното работење.

**06.10.2015 година**

**Здружение на металургијата при Стопанската комора Македонија - ПРЕЗЕНТИРАНА СТУДИЈА ЗА РАЗВОЈНИОТ ПРОИЗВОДСТВЕН ПОТЕНЦИЈАЛ НА ЧЕЛИЧНАТА ИНДУСТРИЈА ВО ЗЕМЈАВА**



Пред членките на Здружението на металургијата при Стопанската комора Македонија беше презентирана Економската импакт анализа и студија за развојниот производствен потенцијал на челичната индустрија во Република Македонија, од авторите д-р Митко Кочовски и д-р Дарко Лазаров. Преку анализа на внатрешните репродукциски процеси Студијата ја квантификува улогата на металургијата во македонската економија. Прикажани се следните параметри: целата индустрија на метали учествува со 30% во бруто додадената вредност на ниво на вкупната индустрија, учество во извозот е повеќе од една четвртина, вработувањата во индустријата на метали во 2014 година, кога е

евидентирано значително намалување на производните активности, не се намалуваат во однос на 2007 година, во поглед на даноците и општествената корпоративна одговорност евидентни се исто така значителни мултипликативни ефекти. Ова претставува јасен аргумент дека индустријата на основни метали преку своето директно учество и уште повеќе преку индиректно учество во креирање на БДП е главниот столб и носечки сектор на македонската економија во изминатиот период.

**07.10.2015 година**

**Здружение на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметали - ПОДДРШКА НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ЕВРОКОДОВИТЕ**

На седницата на Здружението одржана на 6.10.2015 година, се расправаше по Информацијата за имплементирање на Еврокодовите во Република Македонија, добиена од Комората на овластени архитекти и овластени инженери на РМ при што беше истакнато дека е потребно да почне постепено процесот на имплементација и тоа во почетокот во делот на проектирањето, а потоа и во изведбата. Процесот на едукација на инженерите треба да се врши од страна на експерти/професори кои активно работат на оваа проблематика, но се нагласи дека во програмите на факултетите треба да се изучуваат Еврокодовите.

**09.10.2015 година**

**Шести форум на чинители и засегнати страни во областа на обновливи извори на енергија - НЕОПХОДНА СТРАТЕГИЈА И ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА**



Групацијата на обновливи извори на енергија во рамките на Стопанската комора на Македонија, во соработка со Проектот на УСАИД за инвестиции во чиста енергија и Балканската програма за обновлива енергија на Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ), го одржа Шестиот форум на чинители и засегнати страни во областа на обновливите извори на енергија (ОИЕ). Форумот беше поделен на два тематски панела: „Финансирање и осигурување на проекти во обновливи извори на енергија“ и „Инвестирање во биогас и биомаса како алтернативни извори на енергија - искуства и потенцијали“.

**26.10.2015 година**

**Тутунската индустрија во пресрет на откупот на тутун од новата реколта - ПОВРШИНИТЕ И ПРОИЗВОДСТВОТО СЕ НАМАЛУВААТ, НО СЕ ОЧЕКУВА ДОБАР КВАЛИТЕТ И ЦЕНА**

Согласно податоците на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за производната 2015/16 година склучени се 24.854 договори или 6.000 помалку во однос на претходната 2014/15 година (34.445 договори), односно 30% намалување во споредба со 2013 година (42.367).Според добиените информации од тутунските претпријатија, минатата година беа насеани вкупно 14.030 ха, што е во однос на претходната, 2013 година намалување за 17%, односно на исто ниво во однос на 2012 година. Од овие површини се откупени околу 24.857 тони, или дури за 20% помалку од претходната, 2014 година (откупени 30.997), односно за 11% помалку во споредба со 2013 година (21.024). Со просечно постигнатата откупна цена од околу 117 ден/кг (или 24% пониска од претходната), за да биде во целост откупено овогодинешното производство на суров тутун од реколтата во 2014/15 година (податок заклучно со 17.4.2014 година (24.857 кг x 117 ден/кг), ќе бидат потребни околу 2.908.269.000,00 денари или 48 милиони евра. Вредноста на субвенциите изнесува 1.452.820.000,00 денари.

**28.10.2015 година**

**Тркалезна маса на Македонската енергетска асоцијација со Проектот на УСАИД за индустриски менаџмент - ПОДОБРОТО УПРАВУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЕНЕРГИЈА ЈА ЗГОЛЕМУВА КОНКУРЕНТНОСТА**

Македонската енергетска асоцијација при Стопанската комора на Македонија, во соработка со Проектот на УСАИД за индустриски менаџмент, организираше тркалезна маса на којашто се дискутираше како домашните компании можат да ја подобрат својата конкурентност преку подобрување на управувањето на потрошувачката на енергија. Проектот за индустриски менаџмент им помага на компаниите во подготовката на проекти за енергетска ефикасност прифатливи за финансиските институции, врши обуки на домашни инженерски компании за проектирање, инсталирање и одржување на системи за мониторинг и управување со потрошувачката на енергија, а воедно и организира работилници за индустриските компании на теми поврзани со најдобрите практики за енергетската ефикасност.

**28.10.2015 година**

**Бизнис-средби на македонски и српски компании од областа на текстилната и кожарската индустрија - ПОВРЗУВАЊЕ МЕЃУ КОМПАНИИТЕ ОД ДВЕТЕ ЗЕМЈИ ЗАРАДИ ЗАЕДНИЧКИ НАСТАП НА ТРЕТИ ПАЗАРИ**

На иницијатива на стопанските комори на Македонија и на Србија, на 28.10.2015 година во Стопанската комора на Македонија се одржаа бизнис-средби на коишто присуствуваа околу 20 компании од текстилната и кожарско-преработувачката индустрија на двете земји. Текстилната и кожарската индустрија се едни од водечките преработувачки индустрии во земјава со значителни резултати во формирањето на БДП, високото апсорбирање на работна сила и извозот, каде што релативно повеќе доаѓаат до израз претприемничките иницијативи на стопанствениците. Општ заклучок кој може да се извлече од наведените податоци е дека соработката на македонските со српските компании и вкупната трговска размена во оваа дејност не задоволуваат и затоа е неопходна поголема маркетиншка и промотивна активност на компаниите од двете земји, заедничко промовирање и настап на трети пазари, од каде што ќе произлезе нашата претенциозност и убеденост дека преку соработката на компаниите од двете земји ќе можеме да придонесеме за реализирањето на нивните потреби.

**30.10.2015 година**

**Во Стопанската комора на Македонија - ОДБЕЛЕЖАН 31 ОКТОМВРИ – СВЕТСКИ ДЕН НА ШТЕДЕЊЕТО**




Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија денес го одбележа Светскиот ден на штедењето, на свечена седница на која присуствуваа м-р Зоран Ставрески, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за финансии и м-р Димитар Богов, гувернер на Народната банка на Република Македонија, како и директори од сите банки и штедилници, но и од комисиите во рамките на Здружението и високи претставници на сите финансиски институции со коишто Здружението на банкарството при Комората има воспоставено одлична соработка. Претседателот Јанчевски во обраќањето ја поздрави мерката на Народната

банка на Република Македонија за измена на одлуката за задолжителните резерви, која се очекува до доведе до понатамошно промовирање на долгорочното штедење во домашна валута. Заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за финансии, м-р Зоран Ставрески истакна дека макроекономските услови за раст на економијата и подобрата доверба на граѓаните доведуваат до континуиран раст на штедењето, и дека Владата на Република Македонија ја дава својата поддршка на растот на штедењето. Гувернерот на НБРМ м-р Димитар Богов истакна дека во фокусот на вниманието треба да биде штедењето на населението, кое традиционално бележи раст, при што акцентираше дека во периодот септември 2014 година – септември 2015 година штедењето на населението бележи раст од 5%, но истовремено укажа и дека растот за истиот период минатата година изнесувал 8%, па поради наведеното ги повика банките активно да продолжат со преземање активности за зголемување на довербата на населението, и привлекување на нови депозити од населението. На крајот на свечената седница, беа доделени признанија на 38 најдобри шалтерски работници од банките и штедилниците за постигнати особени резултати во вршењето на работните задачи во доменот на работењето со населението за 2014 година.

**02.11.2015 година**

**Групацијата на лифтови покрена иницијатива за пролонгирање на примената на член 68, став 1 од Правилникот за користење на лифтови и транспортери - ПРЕЦИЗИРАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ЛИФТОВИТЕ**

Со Правилникот за користење на лифтови и транспортери, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.26 од 2009 година, во член 68, став 1, е пропишана одредба со која се предвидува од 01.01.2016 година поставување на уреди за заштита од неконтролирани движења на кабината на лифтот нагоре. Обврската за нови дополнителни вложувања е резултат на спроведување на меѓународните стандарди кои произлегуваат од Европската директива. Република Македонија ги има усвоено овие технички стандарди и има направено приспособување со ЕУ-директивите, но ваквата одредба значи дека речиси сите лифтови кои се веќе инсталирани досега, вклучително и оние увезени до 2014 година, ќе треба да бидат сервисирани и надградени, односно кај сите нив ќе треба да се направат дополнителни инвестиции. Ова беше истакнато на редовната прес - коинференција во Стопанската комора на Македонија на тема: „Примена на стандардите за безбедност на лифтовите и транспортерите“. Со примената на оваа одредба се укажа дека се загрозува статиката на лифтовите бидејќи кабината на лифтовите се оптоварува со дополнителни над 70 килограми; сите лифтови кои се вградуваат во објектите се од странски производител што дополнително ја усложнува постапката.

**05.11.2015 година**

**Презентација на Франкфуртскиот саем во Стопанската комора на Македонија - ШАНСА ЗА НОВИ КОНТАКТИ И ИЗНАОЃАЊЕ ДЕЛОВНИ ПАРТНЕРИ**



Во насока на продлабочување на соработката, зголемување на извозот на производи од регионот во Германија и пошироко во светот, фирмата „Зодах“, официјален претставник на Франкфуртскиот саем, во Стопанската комора на Македонија, пред македонските компании одржа презентација на саемските манифестации во организација на Саемот. Во таа насока беа презентирани саемите за текстил, за стоки за широка потрошувачка, за инфраструктура и мобилност, технологија и производство, за забава.

**06.11.2015 година**

**Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори расправаше за примената на Законот за електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема - ОДРЕДУВАЊЕ НА РЕАЛЕН ИЗНОС НА НАДОМЕСТОКОТ**

Претставници на сите засегнати страни: колективните постапувачи со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, рециклаторите, односно лиценцираните постапувачи со овој вид опрема, претставници на фирмите кои пуштаат на пазарот електрична и електронска опрема во присуство на претставници на институциите расправаа за надминување на отворените прашања во досегашната примена на Законот за електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска (5.11.2015 година). Едно од суштествените прашања е висината на надоместокот, а со цел поголем опфат на субјекти кои би го почитувале законот, потребно е дополнување на регулативата и со обврската при увоз на електрична и електронска опрема увозниците да презентираат документ дека се член на колективен постапувач со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, односно дека ја имаат подмирено обврската кон државата согласно Законот.

**10.11.2015 година**

**Здружението на угостителството и туризмот го разгледуваше Предлог-правилникот со тарифа на користење авторски музички дела - БАРАЊЕ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ДАВАЧКИТЕ КОН ЗАМП**

Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија одржа состанок на кој се разгледуваше текстот на Предлог-правилникот со тарифа на користење авторски музички дела, изработен од страна на Здружението за заштита на авторски музички дела - ЗАМП за кој веќе тече јавниот повик. Членките на Здружението на угостителството и туризмот при Комората дискутираа за точките од Предлог-правилникот кои за нив се неприфатливи и бараат одредени корекции. Имено, веќе одреден период наназад, хотелиерите и угостителите бараат ревидирање на постојниот Правилник со тарифа на користење авторски музички дела, со цел намалување на давачките кон ЗАМП, со објаснување дека тие се преголемо финансиско оптоварување за правните субјекти, во услови кога нема целосен приказ за што се се` користат средствата собрани на сметката во Здружението за заштита на авторски музички дела.

**12.11.2015 година**

**Заедничко барање на Групацијата за домување и управување со станбен и деловен простор и на Групацијата за лифтови - ОДЛОЖУВАЊЕ НА ПРИМЕНАТА НА ОДРЕДБА ОД ЧЛЕНОТ 68 ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЛИФТОВИ И ТРАНСПОРТЕРИ**




Групацијата за домување и управување со станбен и деловен простор и Групацијата на лифтови при Здружението на металната и електроиндустријата, и двете во рамките на Стопанската комора на Македонија, одржаа заеднички состанок за надминување на проблемите кои може да настанат со примена на Правилникот за користење на лифтови и транспортери, односно на одредбата од член 68, со која се пропишува обврска во лифтовите да се постави уред за заштита од неконтролирани движења на кабината нагоре, најдоцна до 1.01.2016 година. Имајќи предвид дека Групацијата за лифтови покренува Иницијатива за одложување на примената на оваа одредба, бидејќи, како што се објаснува, се` уште нема донесено технички процедури како да се имплементира оваа одредба, на заеднички состанок со членките на Групацијата за домување се разговараше за тоа какви активности заеднички да се преземат во следниот период, со цел да се укаже на сериозноста на проблемот кој може да се случи доколку не се одложи примената на оваа одредба.

**16.11.2015 година**

**Стручна расправа за улогата и важноста на индустријата за основни метали во националната економија - СО СТИМУЛИРАЊЕ НА БАЗНАТА И ПРЕРАБОТУВАЧКАТА ИНДУСТРИЈА СЕ ОТВОРААТ РАБОТНИ МЕСТА**

Стручната расправа на тема: Идентификување на генерирачките потенцијали на носечките индустриски сектори во Република Македонија низ примерот на проучувањето на улогата и важноста на индустријата за основни метали во националната економија (16.11.2015), Стопанската комора на Македонија ја организира првенствено да се презентираат податоците од студијата за значењето на индустријата на основни метали и, секако, со цел размена на искуства и дефинирање на правците на нашето учество и придонес во натамошниот индустриски развој на државата, истакна во своето воведно обраќање д-р Јелисавета Георгиева, извршен директор на Комората. Основата на стручната расправа е „Економската импакт-анализа и студија за проучување на развојниот потенцијал на индустријата на основни метали“ чии автори се д-р Митко Кочовски и д-р Дарко Лазаров, а низ примерот на квантифицираните економски показатели за индустријата на основни метали се направи обид да се спознае потребата и за вакви анализи на другите носечки индустриски гранки, кои имаат најголем производен и пред се` извозен потенцијал. Индустријата на основни метали преку своето директно учество и уште повеќе преку индиректно учество во креирањето на БДП е главниот столб и носечки сектор на македонската економија во изминатиот период. Во дискусијата учествуваа претставниците на најзначајните металуршки капацитети во државата кои беа единствени во ставот дека металургијата го нема соодветното место во мерките на економската политика на државата кое би било адекватно на нејзиното значење, реализираните макроекономски параметри и мултипликативните ефекти врз вкупната национална економија.

**24.11.2015 година**

**Групацијата на пазари незадоволна од решенијата во Предлог-законот за трговија на зелени пазари - ЕДНО ВО РАЗГОВОРИТЕ СО НАДЛЕЖНИТЕ, ДРУГО ВО ЗАКОНСКИТЕ ОДРЕДБИ**

Членките на Групацијата на пазари во рамките на Здружението на комуналните дејности, на состанокот организиран во Комората, дискутираа за Предлог-законот за трговија на зелени пазари, доставен од Министерството за економија. При тоа, општ беше заклучокот дека последната верзија на Предлог-законот доставен до Групацијата на пазари драстично отстапува од претходните текстови за кои беше разговарано на работни состаноци со Министерството за економија. За организаторите на пазари е од исклучителна важност заокружувањето на законската рамка со цел комплетно регулирање на дејноста на пазарите и законско евидентирање на сите субјекти, чинители кои дејствуваат на пазарите (кои во моментов се дел од „сивата“ економија на пазарот на работна сила во земјата), како и да се доуреди тргувањето на пазарите. Имајќи предвид дека Предлог-законот по многу основи е неприфатлив за организаторите на пазари, особено што целосно е изменет концептот на Предлог-законот, Групацијата на пазари по состанокот ќе достави мислење до Министерството за економија, со кое ќе бидат предложени две нови опции.

**24.11.2015 година**

**Здруженијата на угостителството и туризмот, информатичката технологија и на трговијата заеднички ќе достават забелешки по Предлог-правилникот со тарифа за користење авторски музички дела - НЕДОСТАСУВА ЕКОНОМСКИОТ ПРИСТАП И ТРАНСПАРЕНТНОСТ**

Здруженијата на угостителството и туризмот, информатичката технологија и на трговијата во рамките на Стопанската комора на Македонија заеднички ќе достават забелешки по Предлог-правилникот со тарифа за користење авторски музички дела, за кој во моментов во тек е јавен повик. Заедничка е констатацијата дека правните субјекти не отстапуваат од законската обврска согласно работењето да издвојуваат одреден износ за плаќање на обврските по основ на користење авторски музички дела, но Предлог-правилникот е спорен од неколку аспекти. За таа цел, членките на засегнатите здруженија во рамките на Комората, во законски предвидениот рок, писмено ќе доставаат мислење по Предлог-правилникот со тарифа за користење авторски музички дела до ЗАМП, а ќе ги информираат и надлежните институции, Министерството за култура и Комисијата за посредување за

своите предложени измени. Стопанската комора на Македонија има поддршка и од други бизнис-асоцијации и здруженија кои функционираат надвор од Комората.

**25.11.2015 година**

**Македонската асоцијација на рударството - МАР ќе се обрати до Владата на РМ за преземање мерки за ублажување на тешката состојба кај рудниците за метали во земјава - БРЗО РЕСТАРТИРАЊЕ НА „ТОРАНИЦА“ И „ЗЛЕТОВО“**

Македонската асоцијација на рударството – МАР на седницата одржана на 25.11.2015 година во Стопанската комора на Македонија, расправаше за влијанието на цените на металите и другите производи од минералните суровини. Како што беше истакнато 2015 година може некако да се заврши и со позитивни резултати кај рудниците за метали, но повеќе неизвесност е стартот на 2016 година, па и наредните години, пред се`, заради влошената економско-политичка ситуација скоро во целиот свет. Рудниците „Тораница“ и „Злетово“, се затворени, пред се, од субјективни причини - лошо раководење од страна на сопствениците. МАР, беше заклучено, мора да се обрати до Владата на РМ и до Министерството за економија со барање да се преземат мерки, колку може побрзо да се отворат овие рудници, со цел, прво да се задржат рударите, а одолговлекувањето на отворањето може да придонесе за поголеми штети во самите рудници. Во наредниот период се очекува, во тешка финансиска состојба да бидат рудниците кои експлоатираат сиромашна руда, а со опаѓањето на цените на металите, производната цена е веќе е повисока од продажните цени, односно цените на берзите.

**26.11.2015 година**

**СРЕДБА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ИВАНОВ СО РАКОВОДСТВАТА НА БАНКАРСКИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов, оствари средба со Гувернерот на Народната банка на Република Македонија, г. Димитар Богов и со раководните структури на банкарскиот сектор во Република Македонија. На средбата, беа разменети мислења и информации околу актуелните случувања во економијата, претприемништвото и банкарскиот сектор. Соговорниците разменија мислења и околу импликациите на светската економска криза врз стабилноста на банкарскиот систем, како и за влијанието на внатре - политичката состојба, бегалската и мигрантската криза врз севкупната економска политика во Република Македонија.Посочувајќи ја улогата и значењето на банкарскиот систем за економскиот раст на земјата, претседателот Иванов истакна дека единствено стабилниот финансиски систем може да доведе до јакнење на довербата на економските субјекти. Во таа насока, македонскиот претседател ги поздрави мерките преземени од Народната банка, како и севкупната банкарска регулативна мерка, која придонесе банките успешно да се справат со ризиците во периодот на кризата.Раководните структури на банките го информираа претседателот Иванов за нивните активности, за можностите за натамошно олеснување на пристапот до кредити, како и за постигнатите резултати и придонесот во конкурентноста на македонската економија.

**26.11.2015 година**

**Македонската енергетска асоцијација – МЕА расправаше за Предлог-законот за енергетика - ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ТРЕТИОТ ПАКЕТ НА ЕУ ДИРЕКТИВИТЕ ЗА ВНАТРЕШЕН ПАЗАР НА ЕНЕРГИЈА**

Македонската енергетска асоцијација при Стопанската комора на Македонија на 26.11.2015 година одржа седница на која се разгледуваше Предлог-законот за енергетика. Министерскиот совет на енергетската заедница на 6 ноември 2011 година донесе Одлука со која е утврдено дека Третиот пакет на законодавството на Европската унија за внатрешен пазар на енергија за земјите-потписнички на Договорот за основање на Енергетската заедница ќе биде обврска започнувајќи од 1 јануари 2015 година. Третиот пакет се состои од две директиви и две регулативи кои се однесуваат на електрична енергија и на природен гас и тоа: Директива 2009/72/ЕС за заеднички правила за внатрешен пазар на електрична енергија; Регулатива N.714/2009 за условите за пристап на мрежите за прекугранична размена на електрична енергија; Директива 2009/73/ЕС за заеднички правила за

внатрешен пазар на природен гас и Регулатива N.715/2009 за условите за пристап до системите за пренос на природниот гас.

**30.11.2015 година**

**Бизнис-заедницата со конкретни забелешки по Предлог-правилникот со тарифа за користење авторски музички дела - НАДОМЕСТОК СОГЛАСНО ЕКОНОМСКАТА СОСТОЈБА ВО ЗЕМЈАТА И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ТРОШЕЊЕТО НА СРЕДСТВАТА**




Здружението на угостителството и туризмот, Здружението на трговијата и Здружението на информатичко-комуникациските технологии при Стопанската комора на Македонија, на поединечно организирани расправи, секој во рамките на своето здружение, како и на заедничка седница одржана на 24.11.2015 година, го разгледаа Предлог-правилникот со тарифа за користење авторски и музички дела од Здружението за заштита на авторски музички права – ЗАМП, беше истакнато на прес-конференцијата во Стопанската комора на Македонија на тема: „Бизнис-заедницата со конкретни забелешки по Предлог-правилникот со тарифа за користење авторски музички дела. Членките на Стопанската комора на Македонија потенцираат дека го почитуваат односот кон користењето на творештвото и обврската да се плаќа надомест, како и за сите други производи и услуги, особено ако нивното користење директно или индиректно влијае врз остварувањето на приход кај корисниците. Сепак, алармираат дека е потребно да се согледа и економскиот ефект од оптоварувањето на корисниците кои се должни да ја исполнат оваа обврска, особено поради фактот што во дејностите во кои опстојуваат, по разни основи произлегуваат и други обврски, односно трошоци поврзани со природата на дејноста. Во таа насока, заедничка е констатацијата дека во Предлог-правилникот, се направени многу мали корекции согласно постојниот Правилник, за кој речиси две години постојат и насоки од надлежните институции да биде променет, а остануваат големите финансиски оптоварувања за обврзниците по истиот.

**30.11.2015 година**

**Групацијата на пазари на Регионална конференција во Белград, Република Србија - НАСКОРО ЌЕ СЕ ФОРМИРА РЕГИОНАЛНА АСОЦИЈАЦИЈА НА ПАЗАРИ**

Групацијата на пазари при Здружението на комуналните дејности во рамките на Стопанската комора на Македонија, со група претставници од неколку компании, организатори на пазари, учествуваше на Регионалната конференција за дејноста пазари, што се одржа на 26.11.2015 година во Белград, Р. Србија. Со цел користење на светските искуства, бенефициите, доделување грантови, аплицирање за средства од фондови и сл., на Конференцијата беше потенцирано дека регионот мора да стане член во Светската асоцијација за пазари, од каде би се добивале соодветни и навремени информации за можностите за обезбедување финансиски средства за нови инвестиции, начини на модернизација, примена на меѓународни стандарди, процедури и сл.

**04.12.2015 година**

**Групација за безбедност и здравје при работа со барање - ПРАВО ЗА ИЗДАВАЊЕ ПРЕПОРАКИ ЗА ДАВАЊЕ ЛИЦЕНЦИ НА ФИРМИ**

Членките на Групацијата за безбедност и здравје при работа расправајќи за практичната примена на Правилникот за начинот на бодувањето на активното и пасивното учество во обуките за стручно усовршување на стручните лица за безбедност при работа и формата и образецот за стручните бодови и за актуелните прописи од обласа на безбедност и здравје при работа, на седницата одржана на 4.12.2015 година во Стопанската комора на Македонија констатираа дека фирмите од оваа дејност се соочуваат со сериозни проблеми во своето работење. Како приоритетни прашања се посочија бодувањата на стручните лица кои се бодираат според овој Правилник за активно или пасивно усовршување во земјата и во странство, објавување на стручни или научни трудови и слично. Претставниците истакнаа дека на фирмите од оваа дејност им е потребен обучен и стручен кадар.

**10.12.2015 година**

**Македонската транспортна асоцијација - МТА расправаше за програмските и проектни активности на Македонски железници транспорт во 2016 година - ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ ЗА ЗГОЛЕМЕН ПРЕВОЗ СО ЖЕЛЕЗНИЦАТА**

Тргнувајќи од важноста и значењето на железничкиот сообраќај во земјата, пред членките на Македонската транспортна асоцијација – МТА при Стопанската комора на Македонија, на седница одржана на 10.12.2015 година, беа презентирани реализираните активности на Македонски железници транспорт АД – Скопје во тековната 2015 година, како и активностите и проектите планирани за 2016 година. Во насока на зголемување на возниот парк и обезбеденост со товарни вагони и модернизација од аспект на потребите на македонското стопанство, како дефиниран приоритет на МЖ Транспорт АД - Скопје во 2015 година спроведена е планираната обнова на капацитетите,




преку набавката на 150 товарни вагони, со кои се задоволуваат делумно потребите на клиентите. Од начинот на планирање на капацитетите во итермодалниот железнички транспорт во 2015 година во однос на 2014 година, компаративно е претставена позитивната искористеност на специјалите плато вагони за превоз на контејнери. Во текот на 2016 година, согласно барањата на клиентите, се очекува набавка на 2-3 нови локомотиви за што се обезбедени средства, а се преговара и за делумна репарација на 3 стари локомотиви. И во текот на наредната година, најголемиот дел од работењето на компанијата ќе биде насочено кон унапредување на соработката со постојани клиенти и превози и придобивање на нови корисници преку: зголемување на продуктивноста, изработка на конкурентна понуда на транспортни услуги; зголемување на квалитетот и брзината на превоз со користење на скратени царински постапки, намалување на времетраењето на останати административни формалности при увоз, извоз и транзит.

**10.12.2015 година**

**Македонската енергетска асоцијација расправаше за Предлог-енергетскиот биланс за 2016 година - ФОРСИРАЊЕ НА ПРИРОДНИОТ ГАС, ЗА ДА СЕ НАМАЛИ ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**




Македонската енергетска асоцијација при Стопанската комора на Македонија, на 10.12.2015 година, одржа седница на којашто се разгледуваше Предлог-енергетскиот биланс за 2016 година. Во 2016 година се предвидува дека потрошувачката на финална енергија ќе изнесува 1784 килотони нафтен еквивалент (ktoe), што претставува зголемување за 8%, односно 4% во однос на потрошувачката на финална енергија во 2014 и 2015 година, соодветно.

**18.12.2015 година**

**Јавна дебата за правата на авторите без претставници од ЗАМП и ММИ - ИЗОСТАНА КОНКРЕТНИОТ ДИЈАЛОГ, КОМОРАТА ГИ ПРЕЗЕНТИРАШЕ БАРАЊАТА**

Министерството за култура организираше Јавна расправа за имплементирање на актуелниот Закон за авторското право и сродните права во делот на колективното управување. На јавната дебата Стопанската комора на Македонија во име на засегнатите здруженија, за угостителство и туризам, за информатичко комуникациски технологии и за трговија, информираше за конкретните забелешки што веќе се доставени по предлог-правилникот со тарифа за користење авторски музички дела, како и за предлозите кои како забелешки на постојниот Закон за авторското право и сродните права, ќе бидат доставени до министерството.

**21.12.2015 година**

**Здружението на осигурувањето и Агенцијата за супервизија на осигурувањето ги презентираа предизвиците со кои се соочува осигурителната индустрија во Република Македонија и можностите за развој - ПРОДОЛЖУВААТ ГОДИНИТЕ НА КОНТИНУИРАН РАСТ**

На редовна прес-конференција што се одржа на 21.12.2015 година во Стопанската комора на Македонија, Весна Ѓорчева, потпретседател на Здружението на осигурувањето при Комората, ги претстави првичните анализи на осигурителниот пазар за оваа година и предизивиците со кои истиот ќе се соочува во 2016 година. Според статистичките анализи, осигурителниот пазар во Македонија во последните години бележи континуиран раст. Раст е забележан и во делот на животното и неживотното осигурување, со посебен акцент на растот на животното осигурување. Имено, значаен пораст од 62 отсто годинава е забележано кај земјоделското осигурување. Иако овој податок во проценти изгледа висок, сепак реалноста е дека мал број на земјоделци се осигуруваат. И покрај субвенциите во висина од 60% од полисата сепак се` уште постои убедувањето дека нема да дојде до штета и дека е непотребен трошок. Факт е дека е многу мало нивото на осигурителна култура и едукација. Понатаму, на пазарот на осигурување во Македонија и натаму доминираат задолжителните осигурувања, со акцент на осигурувањето од автомобилска одговорност. Очекувањата на АСО се дека во 2016 година ќе се задржи овој пораст и ќе се бележат позитивни финансиски резултати кај друштвата. Во делот на животно осигурување, се очекува продолжување на двоцифрениот раст и поактивно вклучување на банките како алтернативен канал за дистрибуција на овој продукт. Кај неживотното осигурување, силното влијание на странските инвестиции и новите фабрики кои се отвораат ќе ја зголемат продажбата на продуктите кои се нудат од страна на осигурителните компании.

# ДИРЕКЦИЈАТА НА РЕГИОНАЛНИ КОМОРИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**20.01.2015 година**

**Регионална комора со седиште во Прилеп - ДОНАТОРСКА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ДОИЗГРАДБА НА ЦРКОВНИОТ ХРАМ „СВ. ПЕТКА“**

На 19.01.2015 година, во хотелот „Сонце - ГА“ се одржа 6. Донаторска конференција посветена за доизградба на црковниот храм „СВ. ПЕТКА“ во населбата Точила во Прилеп, како и изградба на камбанаријата. Локалната самоуправа и Стопанската комора на Македонија - Регионална комора со седиште во Прилеп, ја организира оваа донаторска конференција на која бизнис-секторот од овој регион и присутните гости донираа околу 5.000.000,00 денари.

**22.01.2015 година**

**Делегација од Нингбо од НР Кина во посета на Охрид - ДОГОВОРЕНА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЕКОНОМИЈАТА, КУЛТУРАТА И НАУКАТА**



Делегација од Нингбо, НР Кина, на 22.01.2015 година беше во посета на Охрид. Делегацијата сочинета од претставници на локалната власт и Стопанската комора на Нингбо оствари работна средба со градоначалникот на Општина Охрид, Никола Бакрачески и со претставници на Стопанската комора на Македонија. На средбата беа дефинирани поедините области за соработка и насоките за иден развој на взаемните активности. Освен за економијата, на работната средба се расправаше и за идната културна и научна соработка меѓу двете земји. Средбата беше дел од неколкудневната посета на делегацијата на Нингбо на Република Македонија.

**23.01.2015 година**

**Делегација од кинескиот град Нингбо во Стопанската комора на Македонија со повик до домашните компании - ПОСЕТАТА НА САЕМОТ И УЧЕСТВО НА БИЗНИС- ФОРУМОТ ВО НИНГБО - ШАНСА ДА СЕ ПОТТИКНЕ ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА**

Шестчлена делегација од кинескиот град Нингбо, предводена од Динг Хаибин, заменик-генерален секретар на општинската народна Влада и Ли Цијанхуа, потпретседател на Комората на Нингбо, беа во работна посета на Стопанската комора на Македонија (23.01.2015 година). М-р Елена Милевска Штрбевска, оперативен директор на Стопанската комора на Македонија, поздравувајќи ја кинеската делегација изрази надеж дека средбата ќе придонесе за промовирање на бизнис-интересите на двете страни и ќе овозможи подобрување на економската соработка. Господинот Динг Хаибин истакна дека главната цел на посетата на кинеската делегација од Нингбо во Македонија е да се поттикне инвестирањето и промоција на можностите на стопанствата, како и претстојниот саем и бизнис-форумот, што треба да се одржат во Нингбо на 6 јуни 2015 година, а ќе доминираат теми од областа на прехранбениот сектор, едукацијата, туризмот и културата. Стопанската комора на Македонија има потпишано неколку спогодби и меморандуми за соработка со НР Кина, меѓу кои е и Меморандумот за соработка со Советот за меѓународна промоција на трговијата - Потсоветот на Нингбо, НР Кина, потпишан на 14.4.2014 година.

**22.01.2015 година**

**Делегација од Нингбо во посета на Битола - ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ ОД МАКЕДОНИЈА ВО КИНЕСКИТЕ МАРКЕТИ**

На 22 јануари 2015 година Битола ја посети делегација од кинескиот град Нингбо. На средбата, на која домаќин беше градоначалникот на општина Битола, Владимир Талевски, присуствуваа и претседателот на Регионалната комора со седиште во Битола, Мирко Велковски, како и претставници од локалната бизнис-заедница. На средбата се разговараше за стопанската соработка меѓу двата збратимени града. Притоа, Динг Хаибин го истакна и уверувањето дека со стопанствениците од Република Македонија, посебно од Битола, постои голема можноста македонската здрава храна - млеко, сирење, кашкавал, сладолед и друго да се најдат во кинеските маркети. Поканата за посета на Нингбо беше со задоволство прифатена, а тогаш повеќечлена делегација ќе го презентира стопанството од битолскиот регион пред кинеските бизнисмени.

**26.01.2015 година**

**Делегација од Истанбул во работна посета на Регионалната комора со седиште во Прилеп - ПРЕТСТАВЕНИ МОЖНОСТИТЕ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО РЕГИОНОТ**




На 23.01.2015 година во организација на министерот за странски инвестиции во Владата на Република македонија Цери Наумов и локалната самоуправа, турска делегација од Истанбул беше во посета на Регионалната комора со седиште во Прилеп. Делегацијата ја предводеше Ахмет Копрулуоглу, претседател на Индустриско-трговската комора на Сакарја во Истанбул. Од страна на потпретседателката на Регионалната комора со седиште во Прилеп, Ирена Јакимоска, гостите беа запознати со организационата поставеност и функционирањето на Стопанската комора на Македонија - Регионална комора со седиште во Прилеп, со структурата на прилепското стопанство, како и со природните и човечките ресурси со кои располага овој регион. На гостите од Република Турција им беше презентирана можноста за инвестирање во Технолошко индустриската развојна зона „Алинци“ која се наоѓа во непосредна близина на Прилеп.

**04.02.2015 година**

**Државно-стопанска делегација од Белорусија во посета на Стопанската комора на Македонија - НАСКОРО ЌЕ СЕ ПОТПИШЕ МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ ДВЕТЕ КОМОРИ**

На 4.02.2015 година Стопанската комора на Македонија ја посети државно-стопанска делегација од Република Белорусија. Делегацијата беше предводена од Генадиј Свидерскиј, прв заменик-министер за индустрија на Република Белорусија и Н.Е. Владимир Чушев, амбасадор на Република Белорусија во Република Србија и Република Македонија на нерезидентска основа.На работната средба беа присутни и претставници од електрометалната индустрија од двете земји. Со надеж за почести средби во натамошниот период и поинтензивна соработка, согласно оценката на гостите за одличното функционирање на Стопанската комора на Македонија, Н.Е Владимир Чушев во името на Стопанската комора на Белорусија, предложи потпишување меморандум за соработка меѓу двете деловни асоцијации.

**10.02.2015 година**

**Во Регионалната комора со седиште во Велес беше презентирана Програмата „Еразмус плус“ - МОЖНОСТИ ЗА ПРАКТИЧНА РАБОТА, ТРАНСФЕР НА ЗНАЕЊА И ВЕШТИНИ И ПРИМЕНА НА ИНОВАТИВНИ ТЕХНОЛОГИИ**

Околу 25 учесници од компании-членки на Регионалната комора со седиште во Велес и средните и основни училишта од градот учествуваа на Инфо денот како дел од новиот циклус на промотивни активности за Програмата „Еразмус плус“ (10.2.2015 година). Инфо денот беше во организација на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и Регионалната комора со седиште во Велес, а ја отвори Мери Кирова, потпретседател на Регионалната комора со седиште во Велес. Ова е можност компаниите од Велес да аплицираат за Програмата „Еразмус плус“, во делот на практична работа, трансфер на знаења и вештини, како и имплементација на иновативни технологии, - истакна Трајче Трајков, претседател на Регионалната комора со седиште во Велес. Сите присутни беа охрабрени да земат директно учество во трите клучни акции наменети за учењето преку индивидуална мобилност, соработка за иновација и размена на добри практики, како и поддршка на реформата на политиките кои ги покриваат сите типови на активности. Токму програмите се со цел учесниците да се стекнат со искуства од своите колеги од цела Европа. Овие проекти ќе обезбедат обука за приближно 4 милиони лица и 125.000 организации.

**11.02.2015 година**

**Регионална комора со седиште во Скопје - РАСПРАВА ПО ОДРЕДЕНИ ЗАКОНСКИ ПРОПИСИ**



Регионалната комора со седиште во Скопје, на седницата одржана на 11.02.2015 година го разгледа пакетот на предложени измени и дополнувања на законите со кои се уредуваат задолжителното социјално осигурување и здравственото осигурување, за кои е предложено донесување во скратена постапка (Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, Предлогот на Законот за изменување на Законот за работните односи, Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување и Предлогот на Законот за изменување на Законот за здравственото осигурување). Се утврди дека предвидениот законски режим за пресметка и уплата на придонесите остварени по основ на договор за дело, авторски договор или друг договор со кој е определен надоместок за извршена работа за лице кое остварува приходи од извршување физичка и/или интелектуална работа, уредени со наведените законски прописи, и повеќе од еден месец од започнувањето на нивната примена предизвикува правна несигурност и проблеми во остварувањето на секојдневното работење на деловниот сектор. За таа цел, Регионалната комора со седиште во Скопје, донесе заклучок да се поднесе иницијатива до надлежните државни органи, со која се укажува дека примената на овие норми предизвикува потешкотии за деловните субјекти во исполнувањето на обврските согласно наведените законски прописи. Со иницијативата ќе се укаже на потребата да се прецизира механизмот со кој се уредува обврската за плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување и здравствено осигурување, поради што е потребно да и се остави на бизнис-заедницата доволно време активно, со свои предлози и сугестии да се вклучи во креирањето на овој механизам, кој ќе покаже ефикасност и функционалност во практиката. Со поднесената иницијатива ќе се побара да биде спроведена сериозна реформа на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, согласно модерните стандарди на живеење, како и да биде спроведена сериозна реформа на Фондот за здравствено осигурување, при што потребно е да се донесе минимален пакет на уплата и користење на услуги, како и да се предвиди систем на скалести уплати и права кои произлегуваат од истите, согласно висината на уплатата на месечно ниво.

**11.02.2015 година**

**Работни средби со Хрватската Стопанска комора – ЗАЕДНИЧКА ЦЕЛ Е УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДЕЛОВНАТА СОРАБОТКА МЕЃУ СТОПАНСКИТЕ КОМОРИ**

На 9 и 10 февруари 2015 година делегација од Стопанската комора на Македонија, предводена од претседателот на Комората, г-дин Бранко Азески, оствари средби со претседателот на Хрватската стопанска комора, г-дин Лука Буриловиќ, како и со претседателите на Регионалните комори на Ријека и на Пула. На средбите се разгледуваше можонста за унапредување на деловната соработка помеѓу стопанските комори, пред се, и поради фактот што Хрватска, како што нагласи претседателот Азески, е еден од најзначајните трговски партнери на Република Македонија од регионот. Претседателите на стопанските комори на Македонија и на Хрватска изразија волја да ги задржат традиционално добрите партнерски односи меѓу коморите и да ја унапредат взаемната меѓукоморска комуникација на сите нивоа. За време на деловната посета, беа посетени поголемите островски винарии на островот Крк, како пример за успешни компании од регионот на Ријека, при што делегацијата од Македонија имаше можност да види успешен пример за организирање и работа на земјоделска задруга во винската индустрија. Исто така, делегацијата ја посети Кончар ДОО – метални конструкции, како најголема успешна извозно-ориентирана компанија од Загреб.

**16.02.2015 година**

**Активности во рамки на проектот Build up Skills за енергетска ефикасност на градежниот сектор во 2015 година - ПОЧНУВА ОБУКАТА НА 200 ТРЕНЕРИ И СЕРТИФИЦИРАЊЕ НА 1000 ГРАДЕЖНИ РАБОТНИЦИ**




Клучните активности за 2015 година на проектот Градење на капацитети на градежните работници – Обука за енергетска ефикасност влегуваат во конкретна реализација во рамки на предвидените на проектот Build up skills. Главните цели на проектот Градење на капацитетите на работниците во градежниот сектор е да ја подготви и Република Македонија во делот на квалификација и преквалификација на градежните работници, со акцент на обука и едукација на работниците во градежниот сектор. Следната активност е да се обучат тренери кои понатаму ќе ги обучуваат градежните работници во Македонија. Со досегашните активности на BUILD UP skills во Македонија се идентификуваа приоритетните занимања во градежниот сектор: обвивка на зграда; застаклување; кров; електрична инсталација; вентилација, ладење и греење. Овие 5 обуки кои се идентификувани како клучни од претходната анализа направена во градежниот сектор, ќе обезбеди нивно вклучување како приоритетни во националната карта во Македонија.

**17.02.2015 година**

**Регионална конференцијата „Прогресивно и ефикасно отворање на пазарот за јавни набавки на земјите-потписнички на ЦЕФТА-договорот“- ФЛЕКСИБИЛНОСТ, ОДРЖЛИВОСТ И ИНОВАТИВНОСТ, ТРАНСПАРЕТНОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ**

Стопанската комора на Македонија, потпомогната од Унијата на германските трговско-индустриски комори (ДИХК) во хотелот „Холидеј ин“ во Скопје организираше голема регионална конференција „Прогресивно и ефикасно отворање на пазарот за јавни набавки на земјите-потписнички на ЦЕФТА-договорот“ (17.2.2015 година). Според модераторот на настанот, Билјана Пеева - Ѓуриќ, централно-европскиот договор за слободна трговија – ЦЕФТА, покрај остварувањето на основната цел – либерализација на трговијата со стоки и создавање единствена зона за економска соработка, создаде можност и за соработка во областа на јавните набавки, заради што и беше организирана

оваа Конференција. На темата дебатираа претставниците на коморите од регионот, Унијата на германските трговско-индустриски комори, претставнците на ЕУ-делегацијата во Македонија, јавните претпријатија, институциите, општините и економските оператори, како и претставници на бизнис - заедницата од земјава. Според Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, континуирани се заложбите на најстарата и најбројната деловна асоцијација во земјата за изградба на пазарно ориентирана системска регулатива која ќе соодветствува на реалните потреби на стопанските субјекти. Во тие рамки спаѓа и законската регулатива за јавните набавки, бидејќи средствата за јавни набавки за 2015 година, според наши пресметки ќе учествуваат со околу 10,5% во проектираниот износ на БДП, односно со околу 30% во вкупните расходи на Буџетот на РМ. Во наредниот период од страна на сите субјекти треба да се работи на зголемување на транспарентноста во јавните набавки и тоа планирањето на јавните постапки, спроведувањето на постапките на јавни набавки, избор на најповолен понудувач, извршување на јавната набавка по фази и евалуација на целиот процес.

**18.02.2015 година**

**Средба на претставници на Стопанската комора на Македонија и на Македонско-бугарската стопанска комора - ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРООДНОСТА НА СТОКИТЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ПРЕЧКИ**

Подобрување на инфраструктурата, воспоставување директни авио и железнички врски, зголемување и забрзување на проодноста на стоките на границите, олеснување на административно царинските процедури се прашања на кои треба да работат земјите во регионот за да се зголеми обемот на трговската размена. Ова беше истакнато во разговорите на претставници на Стопанската комора на Македонија и на Македонско-бугарската стопанска комора (17.2.2015 година). Домаќин на средбата беше Македонско-бугарската стопанска комора. Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија истакна дека клучните насоки по кои треба да се движат земјите е зацврстување на балканската соработка. Сметаме дека во услови кога излегуваме од кризата нашата размена која воглавно е сконцентрирана кон Германија треба да се врати на Балканот заради намалување на трошоците и зголемување на конкурентноста на нашите стоки. Изградбата на коридорите, која се очекува да заврши меѓу 2018 и 2020 година, земјите треба да ја пречекаат адекватно подготвени, односно со зголемена проодност.

**18.02.2015 година**

**Стопанската комора на Македонија го презеде претседавањето и беше домаќин на Генералното собрание на Асоцијацијата на Балканските комори - ЗАЕДНИЧКА АКЦИЈА КОН ДОЛГОРОЧНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА ВО РЕГИОНОТ**

Стопанската комора на Македонија го презеде претседавањето и беше домаќин на Генералното собрание на Асоцијацијата на Балканските комори што се одржа во Скопје (18.2.2015 година). Согласно еден од главните приоритети на Асоцијацијата на балкански комори за развој и соработката помеѓу бизнис заедниците од Балканот, беа иницирани предлози со кои ќе се поттикнат и поддржат активности насочени кон структурни промени во економиите на Балканските земји. Притоа, особено беше нагласена важноста на индустријата во насока на зголемување на националната конкурентност преку стабилен, одржлив и побрз економски раст, како и важноста на зајакнување на малите и средни претпријатија, како клучен дел од приватниот сектор. Имајќи ја во предвид иницијативата на Стопанската комора на Македонија 2015 година да се прогласи за година на конкурентноста во Македонија, на седницата беше уште еднаш нагласена потребата сите земји од регионот, кои се со различно ниво на економски развој, заеднички да работат на создавање на услови за подинамичен економски развој, како и на зголемување на националната конкурентност преку стабилен, одржлив и побрз економски раст. Асоцијацијата на Балканските комори на Макеоднија дискутиташе околу приоритетите за развој на економиите од регионот на АБК, од кои помеѓу другите, особено беа нагласени: Јакнење на капацитетот на бизнис секторот преку инвестиции за модернизација и техничко надоградување на постоечките индустриски капацитети; Поттикнување нови инвестиции во производството и извозно ориентирани активности; Реализација и отпочнување на економските активности долж Коридорите 8 и 10 и активно вклучување на сите засегнати страни за успешна

реализација на зацртаните цели; Зголемување на продуктивноста и производството на производи со повисок степен на доработка; Интензивирање на соработката на извозно ориентираните компании од земјите членки на АБК, како и со други држави; Реформи во образованието согласно потребите на пазарот на труд и зголемена мобилност на работната сила; Прилагодување на системите за стандардизација на производите и услугите и заедничка промоција на економските потенцијали на земјите членки на АБК.

**24.02.2015 година**

**Регионална комора со седиште во Прилеп - ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА**

Регионалната комора со седиште во Прилеп и општината Прилеп на 24.2.2015 година потпишаа Меморандум за соработка. Потпишувањето на овој документ е во функција на продлабочување на досегашната соработка во областите од заеднички интерес. Меморандумот го потпишаа Симон Наумоски, претседател на Регионалната комора со седиште во Прилеп и градоначалникот Марјан Ристески, а на свечениот чин присуствуваа и дел од членките на Управниот одбор на Комората. Со Меморандум за соработка е предвидено воспоставување и развивање на деловна соработка во рамките на дејностите, знаењето и искуството на секоја од страните со цел заедничко унапредување и усогласување на посебните и заедничките интереси. Во иднина предвидено е остварување на следните цели:

- заедничко учество, соработка, аплицирање и реализација на заеднички проекти;
- взаемна размена на информации од областите од заеднички интерес;
- заедничка соработка на решавање на клучни прашања од значење за бизнис секторот во општината;
- обезбедување квалитетни деловно-стручни услуги за членовите на локалната самоуправа и регионалната комора;
- заедничка организација на бизнис средби;- иницијативи за учество на разни саемски манифестации, форуми, изложби и слично во земјата и странство;
- поголемо вклучување на локалната самоуправа во унапредувањето на бизнисот на локално ниво.

**26.02.2015 година**

**Прес конференција во Регионалната комора со седиште во Прилеп - СУБВЕНЦИОНИРАНОТО ВРАБОТУВАЊЕ ШАНСА ЗА РАБОТОДАВАЧИТЕ И ЗА НЕВРАБОТЕНИТЕ**

На основа потпишаниот Меморандум за соработка меѓу Регионалната комора со седиште во Прилеп и локалната самоуправа, беше одржана заедничка прес конференција (26.5.2015 година). Пред претставниците на медиумите зборуваше Силвана Пашоска, директорка на Агенцијата за вработување на Република Македонија - Центарот за вработување Прилеп, во врска со објавениот јавен оглас до работодавачите за вработување на невработени лица за вклучување во мерката - Обука на работно место со субвенционирано вработување.

**26.02.2015 година**

**Бизнис средба меѓу Унгарската национална трговска комора во Македонија, општината Прилеп и бизнис секторот од регионот - ИНТЕРЕС ЗА СОРАБОТКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, ПРЕХРАНБЕНАТА ИНДУСТРИЈА, ЕКОЛОГИЈАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА**

На 25.02.2015 година беше одржана бизнис средба меѓу Унгарската национална трговска комора во Македонија, општината Прилеп и бизнис секторот од регионот.На средбата, која беше во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп и локалната самоуправа, присуствуваа амбасадорот на Унгарија во Република Македонија, Н.Е. д-р Јожев Бенце, одговорното лице за балканскиот регион, Ласло Балог и претставникот на Унгарската национална трговска комора и почесниот конзул на Унгарија во Република Македонија, Сашо Јанакиевски. Гостите посебно беа заинтересирани за воспоставување дерловни врски во областа на земјоделството и прехранбена индустрија, заштита на животна средина и комуналната инфраструктура.

**03.03.2015 година**

**Средба со дипломати од земјава кои се упатуваат во неколку различни држави и ќе работат на проширување на економската соработка и зголемување на трговската размена - ЛОЦИРАНИ МОЖНОСТИТЕ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ИЗВОЗ**

На 3.3.2015 година во Стопанската комора на Македонија се одржа средба со дипломати од земјава кои се упатуваат во неколку различни земји и ќе работат на проширување на економската соработка и зголемување на трговската размена. Присуствуваа дипломатски претставници кои заминуваат во Холандија, Норвешка, Италија, Унгарија, Украина и во Бугарија. Интензивирање на соработката е планирано, како што беше истакнато, преку организирање билатерални средби меѓу претставници на македонските со странски компании, настап на саеми, иницирање на потпишување меморандуми за соработка со институции, посети на комори, презентирање на компании и сл.Меѓутоа, посебно беше подвлечено дека за настап на македонските компании на странски пазар, неопходно е да се направат анализи за државата, за да се увидат можностите за зголемување на трговската размена, да се лоцираат областите и секторите и со тоа за да се олесни патот за настап на тој пазар. Иако во државите постојат повеќе стопански комори, тие се заинтересирани за склучување меморандуми за соработка со Стопанската комора на Македонија, како најголема и најбројна.

**03.03.2015 година**

**Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Руската Федерација - ЗДРУЖЕН НАСТАП НА ГОЛЕМИОТ ПАЗАР ЗАРАДИ НАМАЛУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ**




На 3.3.2015 година во Стопанската комора на Македонија се одржа работна средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Руската федерација, Гоце Карајанов. Меѓу стопанските комори од Република Македонија и комората на Руската Федерација воспоставена е институционална соработка преку потпишани договори за соработка. Стопанската комора на Македонија заедно со Македонско-руската стопанска комора прават обиди за соработка со Русија, преку посети на саеми и други настани и манифестации, но трошоците кои паѓаат на товар на компаниите се големи, па компаниите се откажуваат. Во насока на зголемена соработка, на средбата беше истакнато да се работи на формирање на алијанси, извозни конзорциуми, заради намалување на трошоците на фирмите.

**05.03.2015 година**

**Регионалната комора со седиште во Прилеп и Општина Кривогаштани ги интензивираат врските - ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

На 4 март 2015 година беше потпишан Меморандум за соработка меѓу Регионалната комора со седиште во Прилеп и Општината Кривогаштани, со што се официјализира досегашната и се трасира идната соработка. На документот своите потписи ги ставија Симон Наумоски, претседател на Регионалната комора со седиште во Прилеп и Тони Заткоски, градоначалник на Општина Кривогаштани. Со Меморандумот се предвидува воспоставување и развивање на деловна соработка во рамките на дејностите и размена на знаења и искуства со цел заедничко унапредување и усогласување на посебните и заедничките интереси.

**06.03.2015 година**

**Во Регионалната комора со седиште во Кичево  беа презентирани активните програми за субвенционирање и кредитирање при нововработување  - МОЖНОСТ ЗА РАЗВОЈ НА КОМПАНИИТЕ И ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНОСТА**



Во  организација за Регионалната комора  со седиште во Кичево се одржа презентацијата за активните програми за вработување пред работодавачите од страна на директорот на Центарот за вработување во Кичево на Агенцијата за вработување на Р.Македонија, Трајче Којчески, ги презнтираше огласите за мерката Обука на работно место со субвенционирано вработување, како и Проектот кредитирање на правни субјекти за отворање на нови работни места.

**09.03.2015 година**

**Почнува обезбедување кадровски потенцијал за енергетска ефикасност во градежниот сектор - ОБЈАВЕН ПОВИК ЗА ТРЕНЕРИ  НА ГРАДЕЖНИ РАБОТНИЦИ ЗА ВЕШТИНИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**

За постигнување на целите на Европската унија до 2020 година и за зголемување на конкурентноста на македонскиот градежен сектор, потребно е преку образование и обука во областа на енергетската ефикасност да бидат обезбедени едуцирани инженери и работници. Во рамките на проектот БЕЕТ се направија детални анализи како во Македонија, така и во 30 европски земји и притоа беа идентификувани потребните вештини за различните занимања на градежните работници и бариерите што треба да се надминат за обезбедување на потребниот број на квалификувани работници, директно инволвирани во градба. Во Република Македонија се спроведува Проектот Build Up Skills - Обука за градежни работници, кој го реализира конзорциум предводен од Стопанската комора на Македонија, Центарот за образование на возрасни, ФЕИТ, „Креација“, Факултетот за бизнис и економија и Цепросард. Ова беше истакнато на редовната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија на тема: „Обезбедување кадровски потенцијал за енергетска ефикасност во градежниот сектор“. Целта на Проектот е  реализација на тренинг-програми за 5 занимања кои се дефинирани како приоритетни: фасадери, кровопокривачи, столари, инсталатери за греење и климатизација и  инсталатери на енергетски ефикасни електрични инсталации. Сертифицираните тренери, по завршувањето на обуките ќе можат да аплицираат за вклучување во следните фази од Проектот, како тренери на Пилот-обуките за работници или оценувачи во процесот на препознавање на претходните знаења и вештини. Повикот за пријавување е отворен до 15 март 2015 година. Јадранка Аризанковска

**13.03.2015 година**

**Македонско-бугарски бизнис-форум во Софија, Република Бугарија - ЗАЕДНИЧКА ЗАИНТЕРЕСИРАНОСТ ЗА ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА  ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА**

Република Македонија и Република Бугарија имаат интерес од продлабочување на економската соработка. Ова е генералната оценка на  присутните на Бизнис-форумот што се одржа во Софија, на 12.3.2015 година, а на кој присуствуваа околу 100 компании од двете земји од областа на: градежништвото, металургијата и инженеринг, текстилната индустрија, енергетиката, хемиската индустрија и фармацијата, прехранбената индустрија, неметалите  и др. Форумот се одржа во Бугарската трговско-индустриска комора, а беше во организација на Стопанската комора на Македонија, во соработка со Македонско-бугарската стопанска комора. Како цели кои треба да се реализираат за зголемување на соработката меѓу македонските и бугарските компании таа ги наведе: намалување на трошоците на транспортните услуги, како и интензивирање на извозот од Република Македонија од металниот и рударскиот сектор, како и од фармацевтската индустрија. По завршувањето на Форумот, беа одржани бројни билатерални средби  меѓу компании од двете земји.

**13.03.2015 година**

**Во Стопанската комора на Македонија беше остварена средба со претставници од Унгарија во функција на зголемување на економската соработка - ПОКРЕНАТА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПОТПИШУВАЊЕ МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ЗЕМЈОДЕЛСКАТА КОМОРА НА УНГАРИЈА**

Во Стопанската комора на Македонија беше одржана средба со претставници од Унгарија во функција на зголемување на економската соработката меѓу двете држави (13.3.2015 година). На средбата присуствуваа: д-р Јожеф Бенце, амбасадор на Република Унгарија во Република Македонија, Горги Черван, државен секретар во Министерството за земјоделие на Унгарија, Ервин Сел, економски советник при Амбасадата на Унгарија во Скопје и Марија Сабо, соработник во Министерството за земјоделие. На средбата беше промовирана иницијативата за потпишување меморандум за соработка меѓу Стопанската комора на Македонија и Земјоделската комора на Унгарија.Со тоа би се отворила можноста за поголемо учество на фирмите од земјава на најголемиот Саем за земјоделие и сточарство „ОМЕК“. Беа презентирани можностите за соработка на компаниите, особено во областа на трансфер на нови технологии, во делот на системите за наводнување, сточарското и живинарско производство, производството на овошје и зеленчук и семенарство.

**16.03.2015 година**

**Д-р Ѓорѓе Иванов, претседател на Република Македонија со бизнис-делегација од земјава на Форумот „Кран Монтана“ во Дакла - МАРОКО - ПОРТА ЗА ВЛЕЗ НА АФРИКАНСКИОТ ПАЗАР**

Од 12 - 15 март 2015 година, во Дакла, Кралството Мароко, се одржа Форумот „Кран Монтана“, каде во работна посета присуствуваше претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорѓе Иванов, со бизнис- делегација, во чиј состав беа и претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески и компании-членки на Стопанската комора на Македонија. Претседателот Иванов се обрати на официјалната сесија на отворањето на Форумот „Кран Монтана“ на тема: „Неопходност од подобрување на климата за странски инвестиции и обезбедување сигурни индустриски и финансиски партнери“, каде што истакна дека со напорни реформи, во услови на глобална економска криза, успеавме да создадеме поволна бизнис-клима за странски инвестиции.- Непосредниот контакт е незаменлив. Притоа, беше разговарано и за можностите како мароканското стопанство да се префрли на европските пазари, при што Македонија се претстави како земја која е добро геостратешки позиционирана пред се` кон Источна Европа, со што на мароканските инвеститори би им се овозможил настап на тие пазари. Активностите и настаните во рамките на Форумот се насочени кон создавање платформи кои ќе им овозможат на политичките и бизнис-лидери да ги имплементираат своите стратегии, да ги зајакнуваат партнерствата и да развиваат нови можности за соработка. Форумот тесно соработува со меѓународни институционални партнери, како агенциите на Обединетите нации, Европската унија, Советот на Европа, и други.

**18.03.2015 година**

**Македонско-српски бизнис-форум во Белград, Република Србија - СЕКТОРСКО ПОВРЗУВАЊЕ НА КОМПАНИИТЕ И ЗАЕДНИЧКИ НАСТАП НА ТРЕТИ ПАЗАРИ**

Република Македонија и Република Србија имаат интерес од продлабочување на економската соработка. Интензивирањето на деловните врски е значајно особено за земјава, бидејќи осум милионскиот пазар на север нуди големи можности за ангажман на компаниите од Република Македонија, кои Република Србија ја гледаат и како нивна порта кон пазарите на Западна Европа.Ова беше истакнато на Македонско-српскиот бизнис-форум што се одржа на 17.3.2015 година, во Стопанската комора на Србија, во Белград, на кој присуствуваа околу 60 компании од двете земји. Овој деловен настан уште еднаш покажа дека коморите се тие кои треба да ги поттикнуваат активностите за поголема интернационализација на економиите и поголема меѓусебна соработка. Најголем интерес за соработка беше искажан во областа на: градежништвото, земјоделството и прехранбената индустрија, металургијата и инженерингот, текстилната и хемиската индустрија, неметалите.

**20.03.2015 година**

**Претставници на Амбасадата на Кралството Холандија во Стопанската комора на Македонија - НАСКОРО ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ХОЛАНДСКИ ПРОГРАМИ ЗА ПОДДРШКА НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

На 20.3.2015 година во Стопанската комора на Македонија се одржа работна средба со претставници на Амбасадата на Кралството Холандија во Република Македонија. Во насока на зголемување на соработката меѓу македонските и холандскикте компании, заеднички беа идентификувани секторите за соработка на компаниите од двете држави: прехранбената, текстилната и металната индустрија, енергетиката и други. На работната средба беше договорено Стопанската комора на Македонија, во соработка со Амбасадата на Кралството Холандија во Македонија, во наредниот период да организира презентација на холандски програми за поддршка на мали и средни претпријатија.

**23.03.2015 година**

**Одржана Трговската конвенција: „Македонските и турските бизниси заедно на пазарот на Африка: предизвик или можност?“ - СО ПРЕТПРИЕМНИЧКА ИНИЦИЈАТИВА, ХРАБРОСТ И ПАРТНЕРИ ОД ТУРЦИЈА ВО ОСВОЈУВАЊЕ НА РАСТЕЧКИОТ АФРИКАНСКИ ПАЗАР**



Стопанската комора на Македонија и ДЕИК - Македонско-турскиот деловен совет го отпочнаа партнерскиот проект и ја одржаа Трговската конвенција на тема: „Македонските и турските бизниси заедно на пазарот на Африка: предизвик или можност?“. - Турскиот бизнис има воспоставено инфраструктура и деловни врски и има долгогодишни искуства од настапот на пазарот на Африка. Подготвени сме да им помогнеме на македонските заедно со турските компании да пласираат свои стоки на овој брзорастечки пазар, - истакна Хасан Хошбен, копретседател на Турско-македонскиот деловен совет. Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, истакна дека на африканскиот пазар треба да се оди поконцентрирано и да се одвојат земјите во кои има најмали бирократски пречки, како и секторски. Во тоа посебна помош може да пружат турските компании, кои македонските производи може да ги понудат и на овој континент.Од трговската конвенција во Стопанската комора на Македонија произлегоа и низа предлози за поддршка и унапредување на стопанската соработка со Африка, со фокусот на Алжир, Мароко, Тунис и Египет. Сугестија е Владата на Република Македонија да подготви стратегија за настап на пазарот на Африка, но и да се интензивира потпишување договори за слободна трговија. Меѓу другото, беше заклучено дека либерализацијата на трговијата со Египет, Мароко, Тунис и Алжир треба да се третира како составен дел од ЕУ-интеграциите и потребно е итно да се иницираат договори за преференцијална трговија со овие земји. Со Тунис и Алжир треба да се воспостави регулаторна рамка за одбегнување на двојното оданочување и заштита на инвестициите, како и меѓусебно признавање на сертификатите за потекло, вклучувајќи го и Мароко. Со Египет, Мароко, Тунис и Алжир да се склучат договори за соработка на царинските органи, фитосанитарните и ветеринарните инспекции. Големо олеснување би било доколку се овозможи сите процедури околу издавањето визи да се завршат по електронски пат и при влезот во земјата, на граничниот премин, да се издаде виза.

**24.03.2015 година**

**Регионалните комори со седиште во Битола и Прилеп и Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион ќе остваруваат заеднички стратешки цели - ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

Регионалните комори со седиште во Битола и Прилеп и Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион на 23.3.2015 година во Битола потпишаа Меморандум за соработка. Меморандумот треба да придонесе кон реализација на заедничките стратешки цели, преку заедничка соработка. Документот им дава можност на трите страни да работат на проекти за економски развој на регионот и за заеднички настап пред домашни и странски фондови и програми кои имаат за цел изработка и имплементација на проекти за поддршка на бизнис-секторот. Меморандумот за соработка со Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион, претставниците на страните-потписнички го истакнаа како стратешки момент во економското заживување на регионот.

**27.03.2015 година**

**Посета на амбасадорот на Мексико задолжен за Република Македонија со седиште во Белград на Стопанската комора на Македонија - МОЖНОСТИ ЗА СОРАБОТКА ЛОЦИРАНИ ВО ПРЕХРАНБЕНАТА, ХЕМИСКАТА, ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА, ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ...**

На 27.3.2015 година Стопанската комора на Македонија ја посети Н.Е. Хосе Еваристо Рамон Шилотл Рамирес, амбасадор на Мексико задолжен за Република Македонија со седиште во Белград. На состанокот беа дискутирани можностите за иницирање соработка меѓу двете земји. На гостинот му беа презентирани поволните услови за директно инвестирање во земјава во слободните индустриски зони. Наташа Стојаноска истакна дека во Македонија има можности за инвестирање и за соработка во различни сектори и индустрии, како што се: прехранбената, хемиската, текстилната индустрија, земјоделството, како и во областа на енергијата и енергетската ефикасност.

**07.04.2015 година**

**Отпочна обуката на фасадери со вештини за енергетска ефикасност во рамки на Проектот BUILD UP Skills – BEET - КАНДИДАТИТЕ ЌЕ СЕ СТЕКНАТ СО СЕРТИФИКАТ ЗА ТРЕНЕР**

Во рамките на проектот БЕЕТ – "Обука за градежни работници за енергетска ефикасност" отпочна реализација на обуката тренери за фасадери со вештини за енергетска ефикасност во Стопанската комора на Македонија (7.4.2015). Истовремено се отпочнати со реализација и останатите обуки од страна на партнерите во проектот, а во склоп со тренинг-програмите за развој и унапредување на вештини на работниците од градежниот сектор со уште 4 занимања кои се дефинирани како приоритетни: кровопокривачи, столари, инсталатери за греење и климатизација и инсталатери на енергетски ефикасни електрични инсталации.

**08.04.2015 година**

**Бизнис - средба со сметководители во Регионалната комора со седиште во Кичево - ПРЕЦИЗИРАНИ МОЖНОСТИТЕ ЗА СОРАБОТКА**



Регионалната комора со седиште во Кичево организираше бизнис-средба со сметководителите од регионот. На средбата беа презентирани активностите на Стопанската комора на Македонија. Претседателот на Регионалната комора со седиште во Кичево, Игор Соколески истакна дека средбата се организира со цел на прецизирање на можностите и интензивирање на соработката. Присуствуваа петнаесетина мали фирми кои детално се запознаат со активностите на Стопанската комора на Македонија.

**09.04.2015 година**

**Одржан форум со работодавачи во општина Кавадарци - НОВИТЕ МЕРКИ ЌЕ ПРИДОНЕСАТ ЗА ПОВЕЌЕ ВРАБОТУВАЊА**

На 9 април 2015 година во организација на Регионалната комора со седиште во Кавадарци се одржа форум со работодавачи. Целта беше да се презентираат Активните програми/мерки за вработување пред работодавачите. Воедно, беше одржана дискусија за искуствата од досегашната примена на мерките и идентификување на проблемите и потребите на бизнис-заедницата во насока на јакнење на соработката во планирање и имплементирање на политиките за вработување на локално ниво. Пред присутните се обратија претставници од Министерството за труд и социјална политика, АВРМ и градоначалникот на Кавадарци, Александар Панов. Тој наведе дека оваа општина е пример со најмал број на невработени лица според бројот на жители. Како заслуга ги истакна мерките на Владата, со кои се намалуваат трошоците на работодавачите, а воедно и се олеснува начинот на вработување.

**14.04.2015 година**

**Децентрализирана соработка меѓу Долна Нормандија и Република Македонија – во функција на унапредување и на економскиот развој - МОЖНОСТИ ЗА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ФАРМАЦЕВТСКАТА И АВТОМОБИЛСКАТА ИНДУСТРИЈА И ВО ПРЕХРАНБЕНИОТ СЕКТОР**

Децентрализираната соработка меѓу Регионот Долна Нормандија од Франција и Република Македонија е иновативна соработка започната во 2005 година, единствена соработка од ваков вид каде што еден француски регион соработува со држава. Јубилејот 10 години од соработката беше одбележан во Каен, каде што во рамките на дводневната програма (8-9 април 2015 година) претставниците од двете земји имаа можност да ги презентираат и да ги пренесат искуствата од воспоставените партнерства, како и да учествуваат на три тематски работилници врзани за предизвиците на институционалната соработка и надминување на бариерите за територијален развој, можноста за учество во програми, воспоставување стратешки партнерства (Еразмус и млади), како и вклучување во соработката во делот на надворешната трговија и туризмот. Во рамките на работилницата за економска соработка, претставниците од Стопанската комора на Македонија и од Кабинетот на министерот за привлекување на странски инвестиции во Р. Македонија, ги презентираа економските потенцијали на Македонија, поаѓајќи од тековната стопанска состојба преку проценка на актуелната бизнис-клима, можностите за инвестирање во земјата, досегашната економска соработка со Франција, како и утврдување на потенцијалите за унапредување на истата. Констатирано е дека соработката не е на завидно ниво и во согласност со потенцијалите, а најмногу со регионот се работело на проекти од областа на туризмот, но постојат и други полиња на кои може да се развива соработката и тоа во земјоделскиот сектор, ИТ-индустријата, како и при заедничко вклучување во проекти на ЕУ, односно програмите „Хоризонт“ и „Косме“.

**15.04.2015 година**

**Делегација од Унгарија во Стопанската комора на Македонија - ЗАСИЛУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА МЕЃУ РЕГИОНИТЕ И СЕКТОРИТЕ ОД ДВЕТЕ ДРЖАВИ**

Државниот секретар во Министерството за надворешни работи и трговија на Унгарија, Гуала Будаи со негови соработници беше во работна посета на Стопанската комора на Македонија (15.4.2015 година). Во негова придружба беа д-р Јозеф Бенце, амбасадор на Унгарија во Република Македонија, заедно со Ервин Сел, економски советник во Амбасадата. Со менаџментот на Стопанската комора на Македонија, кој го предводеше потпретседателката, м-р Јелисавета Георгиева, гостите разговараа за развојот и за проширување на меѓусебната економска соработка. Стопанската комора на Македонија и Амбасадата на Унгарија во Македонија се договорија да се направи оперативен план за работа до крајот на годинава со акцент за преземање активности од двете страни за секторски поврзувања на фирмите од Република Македонија и Унгарија, особено во делот на земјоделието, но и во сите области каде што има интерес за соработка.

**17.04.2015 година**

**Потпишан Меморандум за соработка меѓу Регионалната комора со седиште во Кичево и Општина Кичево – ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА И ЗАЕДНИЧКО УЧЕСТВО НА БИЗНИС-ЗАЕДНИЦАТА И ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ЕУ-ФОНДОВИТЕ**



Регионалната комора со седиште во Кичево при Стопанската комора на Македонија во соработка со Општина Кичево, реализираше бизнис-средба со фирмите од регионот на Кичево, на која присуствуваа потпретседателот на Стопанската комора на Македонија м-р Јелисавета Георгиева, градоначалникот на Општина Кичево, господинот Фатмир Дехари и претседателот на Регионалната комора со седиште во Кичево, господинот Игор Соколески. На средбата беше потпишан Меморандум за соработка меѓу Регионалната комора со седиште во Кичево и Општина Кичево, со цел размена на информации меѓу двете страни, искористување на знаењата во насока на подобрување на бизнис-амбиентот, организација на бизнис-настани и учество во заеднички проекти на ЕУ-фондовите. На средба беше договорено во рамките на Економскиот совет на Општина Кичево да се делегираат членови од Регионалната комора со седиште во Кичево кои ќе бидат присутни на состаноците на Општината и обратно на секоја седница на Управниот одбор во Регионалната комора со седиште во Кичево да бидат присутни лица од локалната самоуправа, кои ќе бидат информирани за актуелните случувања и барања на бизнис-заедницата од прва рака.

**20.04.2015 година**

**Учество на Стопанската комора на Македонија во Деловниот совет на Кина и земјите од Централна и Источна Европа - ПРИБЛИЖУВАЊЕ НА КИНЕСКИОТ ПАЗАР НА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ**

На 20 април 2015 година во Катовице, Полска, за време на VII Европски економски конгрес, беше одржан и првиот состанок на Деловниот совет за соработка на Кина и земјите од Централна и Источна Европа (16+1). На првиот инаугуративен состанок на Деловниот совет од Стопанската комора на Македонија учествуваше и потпретседателката м-р Јелисавета Георгиева. Во Деловниот совет за соработка на Кина и земјите од Централна и Источна Европа, покрај Стопанската комора на Македонија, членуваат и стопански комори, други бизнис-асоцијации и агенции за инвестиции и развој на претпријатија од земјите од Централна и Источна Европа, меѓу кои од Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Чешка, Естонија, Унгарија, Латвија, Литванија, Црна Гора, Романија, Србија, Словачка, и Словенија, а можноста за проширување на учеството е отворена. Клучната цел на Деловниот совет е да ја поттикне економската соработка меѓу Кина и земјите од Централна и Источна Европа, особено во делот на заеднички инвестиции, трговска размена и технолошка соработка, како и во делот на трговијата меѓу сите учесници кои се дел од истиот. Согласно документот насловен „Белградски насоки за соработка помеѓу Кина и земјите од Централна и Источна Европа“, активностите на Деловниот совет ќе бидат сосредоточени на создавање на информативни механизми со цел подобро да се разберат деловната клима и опкружувањето во земјите од Централна и Источна Европа и Кина, како и постојано да се споделуваат информации за трговија, пристап до пазари, модели за соработка и инструменти за финансирање, како и унапредување на урамнотежена трговска размена меѓу Кина и земјите од Централна и Источна Европа, меѓу другото и со организирање на различни настани.

**20.04.2015 година**

**Регионална комора со седиште во Прилеп - АМЕРИКАНСКИ ИСКУСТВА ЗА ЕТИКАТА ВО БИЗНИСОТ**

Регионалната комора со седиште во Прилеп на 17.4.2015 година организираше предавање на тема : „Етиката во бизнисот“. Предавач беше господинот Дени Терал, извршен директор на компанијата „Terral River Service“ од Луизијана, САД. Во присуство на претставници од бизнис-секторот Дени Терал на почетокот имаше опширно излагање за нивната компанија со цел да покаже како со чесна работа и бизнис-етика долгорочно опстојува една компанија.Поентата на целото предавање беше во насока да се покаже дека чесната работа и грижата за вработените се најголемата придобивка за успешно и долгорочно работење на една компанијаОд страна на присутните на предавањето се поставија голем број паршања за имплементацијата на етичките вредности во бизнис-секторот во САД, за што добија конструктивни и конкретни објаснувања од предавачот, со пренесената мисла на неговиот татко творец на фамилијарната компанија која гласи:„повеќе мразам даноци одколку што сакам профит“.

**20.04.2015 година**

**Форум со работодавачи во Прилеп - КОМПАНИИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА ОТВОРАЊЕ РАБОТНИ МЕСТА СО НОВИТЕ МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ**

Претставници на Министерството за труд и социјална политика во соработка со локалната самоуправа и Регионалната комора со седиште во Прилеп одржаа Форум со работодавачи: Со подобри политики на поддршка до повеќе вработувања во бизнис-секторот. Целта на настанот беше да се презентираат активните мерки за вработување, да се пренесат искуствата и да се идентификуваат проблемите и потребите на бизнис-заедницата, а сето тоа во насока на јакнење на соработката во планирање и имплементирање на политиките за водење бизнис и вработување на локално и национално ниво.

**22.04.2015 година**

**Амбасадорот на НР Кина Зеншун Вен во посета на Прилеп - ЈАКНЕЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА СО ЗБРАТИМЕНИОТ ГРАД ДЕЈАНГ**




Амбасадорот на Народна Република Кина во Република Македонија, Н.Е. Зеншун Вен на 22.4.2015 година беше во работна посета на Прилеп.Како што е познато, Стопанската комора на Македонија е членка на Деловниот совет за соработка на Кина и земјите од Централна и Источна Европа (16+1). На првиот инаугуративен состанок на Деловниот совет што се одржа на 20.4.2015 година во Катовице, Полска, учествуваше и потпретседателката на Стопанската комора на Македонија, м-р Јелисавета Георгиева. На средбата во Прилеп, градоначалникот Марјан Ристески со задоволство истакна дека во иднина треба да се работи на полето на развојот на економската и културната соработка како меѓу двете земји, така и со градот Дејанг кој е збратимен град со Прилеп. Исто така беше извршена презентација на економските потенцијали и природни ресурси на овој регион, како и условите за инвестирање во ТИРЗ „Алинци“ во околината на ПрилепАмбасадорот Зеншун Вен истакна дека како голем пријател на Република Македонија и на градот Прилеп ќе ги искористи сите можности да лобира за што подобро промовирање на Прилеп и Република Македонија во Народна Република Кина како поволно место за инвестиции.

**27.04.2015 година**

**Регионалната комора со седиште во Битола организираше Бизнис-конференција и трилатерални средби меѓу компании од пограничните региони на Македонија, Грција и Албанија - КОМПАНИИТЕ ОД ПОГРАНИЧНИТЕ РЕГИОНИ ЗАЕДНИЧКИ ВО КОРИСТЕЊЕ НА ЕУ-ФОНДОВИТЕ И НА ТРЕТИ ПАЗАРИ**

Регионалната комора со седиште во Битола на 25.4.2015 година организираше Бизнис-конференција и трилатерални средби меѓу компании од пограничните региони на Македонија, Грција и Албанија.Оваа средба беше продолжение на веќе официјализираната соработка меѓу Регионалната комора со седиште во Битола, Комората од Лерин, Република Грција и Унијата на стопански комори на Албанија, која започна со потпишување на Меморандумот за соработка во декември 2014 година на првата трилатерална средба во Лерин, Република Грција.Во текот на целиот настан, македонските фирми од Пелагонискиот регион имаа можност на 15-тина штандови да ги претстават своите производи и услуги пред гостите од Грција и Албанија со цел промовирање на македонското стопанство во меѓународни рамки и како дел од Програмата на Стопанска комора на Македонија која 2015 година ја прогласи за „Година на конкурентност“ во Македонија.

**28.04.2015 година**

**Македонско-австриски бизнис-форум - СЕКТОРСКО ПОВРЗУВАЊЕ И СОРАБОТКА МЕЃУ КОМПАНИИТЕ ОД ДВЕТЕ ЗЕМЈИ**

- Република Австрија е петнаесетти трговски партнер на Република Македонија во 2014 година и втор најголем инвеститор во Македонија, според податоците од Централниот регистар на Македонија за последните пет години. Се надеваме дека соработката меѓу компаниите од двете земји ќе продолжи, а австриските компании ќе ја искористат поволната инвестициска клима што владее во земјава. Проценуваме дека во Македонија постојат потенцијални неискористени можности за соработка меѓу македонските и австриските компании во областа на нови индустриски технологии, во прехранбената и автомобилската индустрија, земјоделието и животната средина, во делот на инфраструктурата, градежништвото, текстилот, туризмот и друго. Во наредниот период посебно ќе обрнеме внимание на секторско поврзување и соработка на компаниите од двете земји. Соработката меѓу стопанските комори на Македонија и на Австрија во изминатиот период резултираше со успешно реализирани бизнис-средби на компании од двете земји од повеќе области.




**30.04.2015 година**

**Средба на сметководители во Регионалната комора со седиште во Кичево - ПОКРЕНАТА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ФОРМИРАЊЕ ГРУПАЦИЈА**

Регионалната комора со седиште во Кичево на 30 април 2015 година организираше информативна бизнис-средба со фирмите-членки во делот на сметководствените услуги од регионот со цел согледување на нивните потреби и начините на функционирање.Присутните покренаа иницијатива во рамките на Регионалната комора со седиште во Кичево да биде основана посебна форма на организирање и дејствување, во која ќе членуваат компании од областа на деловно-интелектуалните услуги, и на тој начин, заеднички и координирано да се работи за надминување на проблемите со кои се соочуваат сметководителите и сметководствените бироа од подрачјето на Кичево, како и да се покренуваат иницијативи за изменување на прописите со кои се уредува нивното работење.

**08.05.2015 година**

**Регионални комори со седиште во Прилеп и во Битола - АКТИВНО УЧЕСТВО ВО ФОРМИРАЊЕТО НА ИНТЕГРИРАНАТА МРЕЖА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН**

Врз основа на потпишаните меморандуми за соработка на регионалните комори со седиште во Прилеп и во Битола, со градоначалниците од двата региона, како и со Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион, на 7.5.2015 година во хотелот „Милениум" во Битола, се одржа работен состанок за формирање работно тело за Проектот: Интегрираната мрежа за регионален развој во Пелагонискиот регион. Како што е познато, Проектот: Интегрираната мрежа за регионален развој во Пелагонискиот регион (ИМРР), претставува платформа која ги вклучува јавниот, приватниот и невладиниот сектор во заедничка акција за севкупен развој во Пелагонискиот регион, технички и финансиски помогнат од страна на Министерството за локална самоуправа и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП). Директни учесници и корисници на Проектот се трговските друштва (економски оператори од Пелагонискиот регион), Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион, регионалните комори со седиште во Прилеп и во Битола, занаетчиските комори од регионот, НВО од регионот, општините и нивните администрации, како и Универзитетот „Св. Климент Охридски" од Битола. На состанокот беше формирано работното тело кое брои 21 член, меѓу кои се претставниците на Регионалните комори со седиште во Прилеп и во Битола.

**08.05.2015 година**

**Словенечкиот амбасадор гостин на седницата на Регионалната комора со седиште во Охрид - РАЗМЕНЕТИ ИСКУСТВА МЕЃУ БИЗНИСМЕНИТЕ ОД РЕГИОНОТ И СЛОВЕНЕЧКАТА ДЕЛЕГАЦИЈА**




Регионалната комора со седиште во Охрид на 8.5.2015 година во седиштето на компанијата „ЛТХ Леарница" во Охрид ја одржа втората седница на која присуствуваше и амбасадорот на Република Словенија во Република Македонија, Н.Е. Бранко Раковец. Централна тема на седницата беше зголемување на регионалната конкурентност, согласно прогласувањето на 2015 година како година на конкурентност од страна на Стопанската комора на Македонија.

**11.05.2015 година**

**Завршена практичната обука на фасадери и кровопокривачи со вештини за енергетска ефикасност во фабриката „Кнауф Изолација" во Сурдулица, Република Србија - ПОЧИТУВАЊЕ И ПРИМЕНА НА ПРАВИЛАТА ЗА ИЗОЛАЦИЈА НА КРОВОВИ**

Стопанската комора на Македонија, како координатор на Проектот БЕЕТ - „Обука за градежни работници за енергетска ефикасност", во соработка со „Кнауф" од Скопје и од Сурдулица, во Република Србија ја организираа еднодневната практична обука за фасадери и кровопокривачи со вештини за енергетска ефикасност, со нагласена изведба на изолација на кровови и прозорци. Обуката беше извршена во фабриката „Кнауф Изолација", во Сурдулица, Србија (8.5.2015 година).На самото место беа презентирани и изведени неколку вида на градби. Со успешно завршување на обуките (теоретски, практичен и писмен дел) кандидатите ќе се стекнат со сертификат за тренер, за обука на работници за вештини за енергетска ефикасност на згради на фасадери и кровопокривачи.

**12.05.2015 година**

**Бизнис-делегација од Италија во посета на Стопанската комора на Македонија - СО СЕКТОРСКИ БИЗНИС-ПАРТНЕРСТВА НА ТРЕТИ ПАЗАРИ**



Италијанска делегација составена од осум италијански бизнисмени, предводени од Филипо Кандела, заменик-шеф на Мисијата на Италија во Република Македонија, престојуваше во Стопанската комора на Македонија (12.5.2015 година). Италија е земја со која традиционално имаме одлични односи и на политичко, културно и на економско ниво и имаме голем потенцијал за деловна соработка. Во Македонија постојат големи можности за инвестирање во повеќе сегменти и тоа во инфраструктурата, особено патната и железничката, во земјоделството, текстилната и автомобилската индустрија. Република Македонија располага со образована, лесно приспособлива работна сила, истакна Наташа Стојаноска, директор на Дирекцијата на регионални комори и меѓународна соработка при Стопанската комора на Македонија. Снежана Камиловска ја презентираше работата на Советот на странски инвеститори, кој брои вкупно 112 компании со странски капитал во Република Македонија. Од членките, 5 се водат како странски директни италијански инвестиции. Таа ги претстави и најчестите облици на отворање на компанија во Македонија и ги информираше за сите законски рамки кои ги засегаат странските компании при инвестирање во Република Македонија.

**13.05.2015 година**

**Деловна средба на компании од регионалните комори со седиште во Кавадарци и во Прилеп - СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ГАСИФИКАЦИЈАТА КЛУЧНИ ЗА РАЗВОЈОТ НА РЕГИОНИТЕ**

Регионалната комора со седиште во Кавадарци и Регионалната комора со седиште во Прилеп при Стопанската комора на Македонија, на 12.5.2015 година, реализираа заедничка деловна средба на компании од двата региона. На деловната средба присуствуваа градоначалникот на Општина Кавадарци Александар Панов, градоначалникот на Општина Прилеп Марјан Ристески, извршниот директор на Стопанската комора на Македонија, м-р Јелисавета Георгиева, претседателот на Регионалната комора со седиште во Кавадарци Митко Јанчев и Симон Наумоски, претседател на Регионалната комора со седиште во Прилеп. Преку дваесетина претставници на компаниите од прехранбената индустрија, дрвната индустрија, земјоделието, металургијата и од други дејности беа присутни во деловната сала на компанијата „Кожувчанка“.Претседателот на Регионалната комора со седиште во Кавадарци, Митко Јанчев, најпрво ги поздрави присутните гости и се заблагодари за заемната иницијатива за одржување на настанот. Пред присутните компании тој ја нагласи и ја потенцираше можноста за воспоставување поинтензивна деловна соработка по одржувањето на вакви средби кои се во интерес на компаниите. Исто така, ваквата иницијатива ја поддржа и господинот Симон Наумоски. Ефектите од инфраструктурното поврзување брзо би се покажале. Незадоволството од патната инфраструктура го посочија и градоначалниците, но исто така дадоа позитивна поддршка на идејата за гасовод која е во план и треба да се реализира во наредниот период. Градоначалникот на Општина Прилеп Марјан Ристески, потенцираше колку е голема поврзаноста во економијата, спортот, културата, образованието и одличната соработка меѓу општините Прилеп и Кавадарци. Како голем проблем го наведе итното поврзување и реконструкција на патот Кавадарци-Градско-Прилеп за побрз и поефикасен проток на стоки. Свое излагање имаше и извршниот директор на Стопанската комора на Македонија, м-р Јелисавета Георгиева, која во целост ги поддржа ставовите и излагањата на говорниците и накратко ги презентираше активностите предвидени за наредниот период што ќе ги преземе Стопанската комора на Македонија во интерес на компаниите.

**18.05.2015 година**

**Се реализира писмениот дел од обуката за фасадери со вештини за енергетска ефикасност во рамките на Проектот „BUILD UP Skills – BEET“ - КАНДИДАТИТЕ СЕ СТЕКНАА СО СЕРТИФИКАТ ЗА ТРЕНЕР**



Во рамките на Проектот „BUILD UP Skills - BEET“ – „Обука за градежни работници за енергетска ефикасност“, се одржа проверка на стекнатите знаења, испит - писмен дел, за обуката за тренери за фасадери со вештини за енергетска ефикасност во Стопанската комора на Македонија (18.5.2015 година). Со успешно завршување на испитот од обуките кандидатите се стекнаа со сертификат за тренер, за обука на работници за вештини за енергетска ефикасност, што се однесува на определеното занимање. Сертификатите ги издава Сертификационото тело во рамките на Проектот.

**20.05.2015 година**

**Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп и неделникот „Зенит“ доделени награди за бизнис на годината - ЛАУРЕАТИ „МАРТЕКС“, „ЛАМИНАТИ КОМ“, „ПРОСПЕРО“ И „ЧАТАЛ“**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп и неделникот „Зенит“, на 19.5.2015 година беше организирана традиционалната манифестација „Избор на бизнис на годината за 2014“.Манифестацијата се организира за да се направи афирмација на компаниите, особено на малите и средни компании и да се поттикне локалниот економски развој. Неделникот„Зенит“ континуирано отстапува простор за да ги претстави бизнис-идеите и патот на успехот на компаниите, како и инвестициите во сопствени производствени капацитети во новите економски зони кои се развиваат во Општина Прилеп.

**22.05.2015 година**

**Во Кичево презентирани можностите за финансирање на приватниот сектор - БИЗНИС-СЕКТОРОТ ЗАПОЗНАЕН СО „ХОРИЗОНТ 2020“ И МСП-ИНСТРУМЕНТОТ**

Регионалната комора со седиште во Кичево во рамките на Стопанската комора на Македонија, во соработка со Центарот за развој на Југозападниот плански регион одржа презентација на којашто беа презентирани можностите за финансирање на приватниот сектор преку Програмата на Европската унија „Хоризонт 2020“. Програмата на Европската унија „Хоризонт 2020“, се презентира од страна на националното контакт - лице проф. д-р Мијалче Санта, кој ги запозна присутните со постоење на различни извори на финансирање, со предностите од нивно користење, а воедно подетално информираше за процедурите за аплицирање. Посебно се стави акцент на МСП-инструментот, каде може да се аплицира во три фази, а кој е достапен и за микро компании.На настанот присуствуваа фирми од сите дејности кои се заинтересирани и веќе искажаа интерес за аплицирање за европските програми.

**02.06.2015 година**

**Конституиран Економскиот совет на Општина Кичево - АКТИВНО УЧЕСТВО И НА ЧЛЕНКИТЕ НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА**

Во Кичево се одржа Првата конститутивна седница на Економскиот совет, на која учествуваа и претставници од Регионалната комора со седиште во Кичево (2.6.2015 година). Делегирани се 21 член, при што се застапени различни дејности карактеристични за стопанството во регионот. За претседател на Економскиот совет на Општина Кичево е избран Рамиз Реџепи, секретар на Општина Кичево, а за потпретседател на Економскиот совет на Општина Кичево е избран Алија Зулбеароски од „Еуро-фикс“, инаку потпретседател на Регионалната комора со седиште во Кичево. Од страна на

бизнис-заедницата, членови на Економскиот совет на Општина Кичево се фирмите: „Еуро фикс“, „Тим инженеринг“, „Хидринг“, АД „Тајмиште“, „Ризмани“ ДООЕЛ, „Арабела“, „Атва“, „Баљи Комерц“, „Мирсат Комерц“ и „Пињоли“, кои се и членови на Регионалната комора со седиште во Кичево.

**04.06.2015 година**

**Македонско-италијански деловни средби во Палермо и Катанија на Сицилија, Република Италија - ЗАЕДНИЧКИ НА ПАЗАРИТЕ ВО ЕУ, БЛИСКИОТ ИСТОК И СЕВЕРНА АФРИКА**

Во организација на ЕЕН – Европската мрежа на претприемачи при Стопанската комора на Македонија беа организирани деловни средби на тема: „Понуда и дистрибуција на нови и разновидни типови на градежни материјали: керамика, камен и мермер за надворешно и внатрешно уредување“. Деловните средби се одржаа во периодот од 27 до 31 мај 2015 година, во Палермо и Катанија, во Сицилија, Република Италија. Главен акцент беше даден на градежните материјали: керамика, камен и мермер за надворешно и внатрешно уредување во домовите и пошироко кои се рачно изработени со сопствен и уникатен дизајн, и истите се произведуваат во околните фабрики на околу 100 км од градовите во Сицилија и се наменети за продажба. Сицилијанските производители имаат желба и се подготвени да соработуваат со македониските дистрибутери и потенцијални купувачи на овој тип градежни материјали, како и да воспостават соработка со другите земји од Балканот.

**05.06.2015 година**

**Одржана деловна средба меѓу компаниите од Регионалната комора со седиште во Кичево и Регионалната комора со седиште во Битола - ПОДОБРОТО ИНФРАСТРУКТУРНО ПОВРЗУВАЊЕ ЌЕ ОВОЗМОЖИ ЗАЕДНИЧКИ НАСТАП ВО СОСЕДСТВОТО И НА ТРЕТИ ПАЗАРИ**

Регионалнате комори со седиште во Кичево и во Битола организираа деловна средба меѓу компаниите од двата региона со цел зголемување и интензивирање на соработката (5.6.2015 година). Средбата се одржа во Кичево, а на неа присуствуваа претседателите на регионалните комори Игор Соколески и Мирко Велковски, потоа Софче Јовановска, советник на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, градоначалнкот на Општина Македонски Брод, Милосим Војнески и голем број на компании од двата региона. Се нагласи потребата од здружување на малите и средни бизниси од двата региона и нивен заеднички настап на соседните и на пазарите на трети земји. Претставниците на компаниите дискутираа за интензивирање на меѓусебната соработка, како и за предлог-мерки за поддршка на бизнис-секторот од двата региона, за инфраструктурното поврзување и секторското поврзување по дејности.

**12.06.2015 година**

**Стопанската комора на Македонија учествува на 9. Светски коморски конгрес кој се одржа од 10 до 12 јуни 2015 година во Торино - КОМОРИТЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ГЛОБАЛНИОТ НАПРЕДОК НА БИЗНИСОТ**



Стопанската комора на Македонија со своја делегација, предводена од потпретседателот на Комората, м-р Јелисавета Георгиева, учествуваше на 9-тиот Светски коморски конгрес, кој се одржа од 10 до 12 јуни 2015 година во Торино, Република Италија. Конгресот, кој го организираше Светската федерација на комори (ICC World Chambers), всушност, е најголемиот собир на деловни луѓе во светот, а годинава на него учествуваа над 900 претставници од стопански комори од целиот свет, големи компании, мали и средни компании, претставници од

влади на различни земји, претставници од невладини организации, организации и здруженија за трговска промоција, и други. Менувањето на светската трговија ќе влијае на тоа колку успешно ќе работат бизнисите и компаниите во глобалните синџири на вредности. Светскиот коморски конгрес во Торино се обиде да даде одговор на прашањето како можат бизнисите и владите и нејзините институции постојано да работат заедно за да претставуваат потпора на трговијата и инвестициите и на најефикасен начин да придонесат во економскиот раст и создавањето работни места во 21. век, што е еден од најгорливите светски проблеми. На оваа манифестација успешно се претставија со свои штандови, на вкупен изложбен простор од 2.500 метри квадратни, изложувачи од целиот свет кои препознаа идеална можност за унапредување на своето работење. Делегацијата на Стопанската комора на Македонија оствари бројни средби со претседатели и други претставници од стопанските комори-учесници на Конгресот, како и деловни средби со претставници од меѓународни институции и компании.

**19.06.2015 година**

**Во Охрид одржана работилница за управување со туристичка дестинација - ДЕФИНИРАНИ ПРИОРИТЕТИТЕ ЗА РАЗВОЈ И ОФОРМЕНИ ИДНИТЕ ТУРИСТИЧКИ ПОНУДИ**




Како дел од Проектот за зголемување на вработувањата на пазарот на трудот (ИМЕ), финансиран од Швајцарската Агенција за развој и соработка (SDC) имплементиран од Swisscontact, Швајцарска фондација за техничка соработка, на 18.6.2015 година во Охрид беше одржана обука и работилница со работната група за управување со туристичка дестинација. Целта на оваа работилница беше да се презентира методологијата на Универзитетот „St. Gallen” за управување со туристички дестинации и истата методологија да се имплементира во управувањето со охридскиот регион како туристичка дестинација.

**19.06.2015 година**

**Во Регионалната комора со седиште во Прилеп успешно реализиран теоретскиот дел од Програмата за образование на возрасни - ШИВАЧИТЕ НА КОНФЕКЦИСКИ МАТЕРИЈАЛИ НА ПРАКСА ВО „КОМФИ АНГЕЛ“**

Бизнис центарот за тренинг и обука и Регионалната комора со седиште во Прилеп, во соработка со Агенцијата за вработување и Министерството за образование и наука на РМ, успешно го реализира теоретскиот дел од Програмата за образование на возрасни „,Шивач на конфекциски материјали“ за првата група на невработени лица, што се одвиваше во периодот од 26.5.2015 до 19.6.2015 година. Главна цел на Програмата беше кандидатите да се стекнат со знаење, вештини и компетенции потребни за занимавањето Шивач на конфекциски материјал. Со помош на оваа програма, лицата беа запознаени и оспособени за основите на различните техники на шиење, правилата за организација на работното место, пополнување на техничко-технолошка документација, контрола на квалитетот на работата согласно стандардите и нормативите, применување на стручната терминологија, примена на заштитни средства, комуникација... Предвидената програма во траење од 80 часа се реализира во Регионалната комора со седиште во Прилеп. По завршување на теоретскиот дел, лицата ќе продолжат со изведување на вториот дел од програмата во вид на пракса во компанијата „Комфи Ангел“. По завршувањето на целата обука, лицата ќе се стекнат со сертификат за работна оспособеност што ќе биде признат на пазарот на трудот.

**19.06.2015 година**

**Регионална комора со седиште во Кавадарци - СОВЕТУВАЊЕ ЗА ПРАВИЛАТА НА ПОТЕКЛО НА СТОКИТЕ**



Во организација на Регионалната комора со седиште во Кавадарци, беше организирано советување на тема: Правила на потекло на стоките. Претставниците на компаниите беа во можност да поставуваат прашања и за истите да добијат појаснувања и од стручни лица вработени во Царинската управа во Гевгелија, Штип, Велес и Ново Село, кои беа присутни за време на советувањето во Кавадарци.

**22.06.2015 година**

**Регионална комора со седиште во Кичево заедно со членките донираше во хуманитарни цели на Здружението „Мобилност“ - БЛАГОДАРНИЦА ЗА ПОМОШТА НА ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ**

Регионалната комора со седиште во Кичево на 19 јуни 2015 година присуствуваше на хуманитарниот концерт организиран од Здружението на лица со телесен инвалидитет „Мобилност“ од Кичево, заедно со своите членки учествуваше во помагање на лицата со телесен инвалидитет, како и на поединечни хуманитарни случаи. Претседтелот на Здружението на лица со телесен инвалидитет „Мобилност“ од Кичево, Бобан Јорданоски. Тој и` врачи Благодарница на Регионалната комора со седиште во Кичево при Стопанската комора на Македонија за помошта при организирањето на концертот. Благодарници им беа врачени и на фирмите-членки на Комората: РЕК „Осломеј“, „Тајмиште“, „Перпарими“ и „Атва“.

**25.06.2015 година**

**Во Стопанската комора на Македонија се одржа подготовка на компании за аплицирање на новите европски програми „Хоризонт“ и „Косме 2014-2020“ - ОБУКА ЗА ДА СЕ ЗГОЛЕМИ ИСКОРИСТЕНОСТА НА СРЕДСТВАТА ЗА ИНОВАТИВНОСТ И КОНКУРЕНТНОСТ**

Поттикнувањето на иновативноста и конкурентноста на македонските компании за аплицирање на европските фондови е битен фактор за македонските компании што претставниците од Стопанската комора на Македонија им ја овозможија преку дводневна обука на малите и средните претпријатија од Македонија. Околу 12-тина претставници на македонските компании од прехранбениот сектор, металната и хемиската индустрија, шпедиција, како и претставници од Општина Кичево беа подготвувани за аплицирање на европските фондови „Хоризонт 2014-2020“ и „Косме 2014-2020“, на обуката што се одржа на 24 и 25.6.2015 година. Досега се реализирани 3 обуки во Стопанската комора на Македонија и 5 обуки во регионот и во следниот период се планираат ваков тип на обуки да се одржат и на други компании, како и обуки на поединечни компании кои сами или со помош на консултанти ќе можат да се охрабрат да аплицираат на конкретени повици со цел да има поголема искористеност на средствата од ЕУ-фондовите во наредниот период.

**26.06.2015 година**

**Економски совет на општина Кичево - ПРЕДЛОЖЕНИ ПРИОРИТЕТНИ МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА БИЗНИС- КЛИМАТА ВО РЕГИОНОТ**

На 26.6.2015 година се одржа втората седница на Економскиот совет на Кичево на која присуствуваа и претставници од Регионалана комора со седиште во Кичево. Локалната самоуправа и економските чинители на седницата ги детектираа потребните мерки и активности кон кои треба да се насочат со цел да се придонесе за развој на регионот и подобрување на економскта клима во градот. На седницата на Советот беше разговарано и за потикнување на занаетчиите, сточарите и земјоделците во регонот, потоа за стратегија за оганизирано стопанство, вклучувајки ја контрола на работата на фирмите во врска со поседување лиценца и спречување на вршење на нерегистрирана дејност. Беа дадени и предлози и за развој на туризмот. Присутните се заложија да дадат придонес во реалзирање на мерките на кои треба да се работи заеднички во наредниот период.

**15.07.2015 година**

**Средба меѓу стопанственици од битолскиот регион и претставници на Унгарската национална трговска куќа- РК БИТОЛА**



Со поддршка на Регионалната комора со седиште во Битола, а во соработка со Амбасадата на Република Унгарија во Македонија и почесниот конзул на Унгарија во Битола, на 15.7.2015 година во Битола се одржа средба меѓу стопанственици од битолскиот регион и претставници на Унгарската национална трговска куќа.На состанокот свое присуство имаше и Амбасадорот на Република Унгарија во Македонија, Н.Е. Др. Јожеф Бенце кој воедно и го отвори состанокот. Во име на Регионалната комора со седиште во Битола присутните ги поздрави заменик-претседателот, Олгица Стојчевска од „Свисслион Агроплод" Ресен. Пред самиот крај на настанот Амбасадорот Бенце ја покани Регионалната комора со седиште во Битола на средба со Регионалната комора од Сого, Унгарија, во наредниот период со можност за потпишување на меморандум за соработка меѓу двете комори. Исто така ја пренесе и поканата за посета на Саемот за прехрамбени и земјоделски производи, којшто ќе се одржи во Будимпешта кон крајот на септември 2015 година.

**Во организација на Стопанска комора на Македонија и во соработка со Царинската управа на Република Македонија се одржаа работни средби на тема "Примена на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка – Нов компјутеризиран транзитен систем**

На средбите кои се организираа по регионалните комори при Комората (15.07.2015 година во Кавадарци, 16.07.2015 година во Битола, 20.07.2015 година во Охрид, 21.07.2015 година во Штип, 22.07.2015 година во Велес, 23.07.2015 година во Гевгелија и 24.07.2015 година во Прилеп) присуствуваа претставници од Царинска управа на Република Македонија кои пред присутни компании од регионите им го претставија значењето на стапувањето на сила на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка и како Република Македонија стана дел од меѓународната регулатива за транзит што е важечка за економските оператори од Европската Унија, ЕФТА и Турција. Ваквиот систем на услуги овозможува многу побрзо, поевтино и полесно движење на стоката, а тоа е еден од најбитните бенефити кои треба да го искористат компаниите. За крај на состанокот претставниците на Царинската управа на РМ најавија спремност за поддршка и помош на компаниите и на терен.

Компаниите испратија пофалби за ваквите директни средби со Царинската управа на Република Македонија и воопшто во поедноставеноста на процедурите во секојдневното работење на компаниите.

**14.09.2015 година**

**Објавен повик за пријавување на кандидати во процесот на препознавање на претходни знаења и вештини стекнати со неформални обуки или работно искуство - СЕРТИФИЦИРАЊЕ НА ВЕШТИНИТЕ НА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТНИЦИ ЗА ЗГОЛЕМЕНА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОБЈЕКТИТЕ**

Во рамките на втората фаза на европската иницијатива BUILD UP Skills (градење на капацитетите на градежните компании за примена на енергетската ефикасност во градби) (http://www.buildupskills.eu), во тек е реализација и имплементација на клучната фаза на проектот и тоа препознавање (верификација) на претходно знаење и вештини за енергетска ефикасност на градежните работници. Во таа насока објавен е повик за пријавување на кандидати за препознавање на претходно знаење и вештини за енергетската ефикасност за следните занимања: фасадери, кровопокривачи, столари, инсталатери на греење, ладење и вентилација и инсталатери на електрични инсталации. Ова беше порачано од редовната прес - конференција во Стопанската комора на Македонија на тема: „Унапредување на вештините на градежните работници за зголемена енергетска ефикасност на објектите – започнат процесот на препознавање на претходни знаења и вештини стекнати со неформални обуки или работно искуство во рамки на проектот Build up skills “.

**15.09.2015 година**

**Македонско - Италијанската Асоцијација при Стопанската Комора на Италија – Рим во посета на Стопанската комора на Македонија - ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА КОЈ ТРЕБА ДА ГИ ИНТЕНЗИВИРА ВРСКИТЕ МЕЃУ КОМПАНИИТЕ**

Стопанската комора на Македонија на 15 септември 2015 година ја посетија претставници на Македонско - Италијанската Асоцијација при Стопанската Комора на Италија – Рим. Оваа Асоцијација има 4 преставништва во поголемите италијански градови.Енрико Петрела претседателот на Македонско - Италијанската Асоцијација при Стопанската Комора на Италија – Рим и Наташа Стојаноска, директор на Дирекцијата на регионални комори и меѓународна соработка при Стопанската комора на Македонија ги посочија секторите за соработка на компаниите од двете држави. Од македонска страна беа споманати производството на вино, месната и млечната индустрија, кондиторската индустрија и во областа на аграрот. Преставниците на италијанската комора, покрај овие области, ги акцентираа и транспортот, туризмот и угостителството, автомобилската индустрија, енергетика и др. Во оваа прилика, беше потпишан и Меморандумот за соработка меѓу Стопанската комора на Македонија и Македонско - Италијанската Асоцијација при Стопанската Комора на Италија – Рим, со што се отвораат можности за поголема соработка меѓу компаниите од двете земји.

**16.09.2015 година**

**Почесниот конзул на Република Перу во Република Македонија во посета на Регионалната комора со седиште во Кавадарци - НЕИСКОРИСТЕНИ ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ МОЖНОСТИ ЗА СОРАБОТКА**

Претседателот на Регионалната комора со седиште во Кавадарци Митко Јанчев и претставници од компаниите од овој регион кои се извозно ориентирани, на 15 септември 2015 година реализираа работна средба со почесниот конзул на Република Перу во Република Македонија, Ненад Д. Јаничевиќ.

- Република Перу, иако територијално далечна за нашата земја, располага со многу природни ресурси и рудни богатства, а воедно има доста стабилна економија, - истакна на средбата Ненад Д. Јаничевиќ. Присутните компании имаа можност да ја проследат презентацијата од страна на конзулот и во голема мера да се запознаат со културата на оваа земја и со потенцијалите со кои располага Република Перу.

**22.09.2015 година**

**Презентација на јапонската компанија „THK CO., LTD” која се занимава со производство и продажба на делови за машини за повеќе индустрии - МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ ПОВИКАНИ ДА УЧЕСТВУВААТ ВО ПРОИЗВОДСТВО НА ДЕЛОВИ ЗА РОБОТИ**




На 22 септември 2015 година во Стопанската комора на Македонија се одржа презентација на јапонската компанија „THK CO., LTD”, која се занимава со производство и продажба на делови за одредени видови делови за машини за патниот и железничкиот сообраќај, автомобилската и машинската индустрија, технологија за сеизмологија, медицински помагала и роботика. - „THK CO., LTD” е основана во 1971 година во Токио, Јапонија. Побарувачката за вакви машини е во пораст, особено во Кина, поради намалувањето на CO2 кое е од суштинско значење за заштита на глобалната животна средина, - истакна господин Хиројуки Масуки, менаџер на Претставништвото на „THK CO., LTD” во Германија. На настанот присуствуваа претставници на повеќе од 50 македонски компании, кои со интерес ја проследија презентацијата на работењето на роботот и останатите производи на јапонската компанија.

**30.09.2015 година**

**Амбасадорот на Демократска Народна Република Лаос во Стопанската комора на Македонија - МАКЕДОНСКИТЕ ВРВНИ ВИНА ИНТЕРЕСНИ ЗА ДАЛЕКУИСТОЧНИОТ ПАЗАР**

На 30 септември Стопанската комора на Македонија ја посети новоназначениот амбасадор на Република Лаос за Република Македонија, Н.Е Пукао Помавонгса. Во негова придружба беше и вториот секретар на Амбасадата, г-дин Тонгсават Пантавонг и тие разговараа со домаќините за подобрување на економските односи меѓу двете семји. Гостите информираа дека веќе е договорено интензивирање на соработката во областа на образованието и едукацијата, а во земјава веќе се присатни првите студенти од Република Лаос. Н.Е Пукао Помавонгса напомена дека можности за соработка има особено во прехрамбената идустрија. Имено, компаниите од Република Лаос се занимаваат исклучиво со производсттво на био продукти, како што се: био кафе, чај, ориз и разни зачини и природни продукти коишто би можеле да се пласираат на македонскиот пазар. Од друга страна, пак, на пазарот во Лаос свој пласман би можеле да најдат врвните македонски вина.

**01.10.2015 година**

**Завршена првата фаза од Проектот „Обука на градежните работници за енергетска ефикасност” – Buil Up Skills чиј кординатор е Стопанската комора на Македонија - ДОДЕЛЕНИ ПРВИТЕ 200 СЕРТИФИКАТИ ЗА ТРЕНЕРИ**

Во рамките на Европската иницијатива на проектот „Обука на градежните работници за енергетска ефикасност” – Buil Up Skills, беа доделени првите сертификати за 200 тренери за градење на енергетско ефикасни објекти во Стопанската комора на Македонија (1 октомври 2015 година). Стопанската комора на Македонија како координатор на овој проект ја спроведува ЕУ-иницијативата за постигнување на енергетските цели до 2020 година и со тоа Македонија е единствената земја надвор од ЕУ-земјите која е вклучена во Проектот. Тренерите се стекнаа со соодветни теоретски и практични обуки со соодветни прирачници и разни тренинг-материјали.

**08.10.2015 година**

**Регионалната комора со седиште во Кичево организираше трибина на тема: „Можности за развој на алтернативниот туризам во кичевскиот регион“ - ПОТТИК ЗА НЕИСКОРИСТЕНИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ**

Регионалната комора со седиште во Кичево на 7 октомври 2015 година одржа трибина на тема: „Можности за развој на алтернативниот туризам во кичевскиот регион“. На трибината присуствуваа претставници на фирми, туристички агенции, ресторани, невладини организации и претставници на институции, од Општина Кичево, како и од Кластерот за туризам во Охрид. Целта на трибината беше поттикнување на организација и координација на можностите за развој на алтернативниот туризам во кичевскиот регион. Во изложбениот салон на Центарот за култура беше отворена и изложба на фотографии од овој крај, во делот на турзмот, како и промоција на настаните организирани од Регионалнта комора со седиште во Кичево во изминатиот период.

**09.10.2015 година**

**Амбасадорот и почесниот конзул на Романија во Република Македонија, во Регионалната комора со седиште во Штип - ПОЧЕСТИ СРЕДБИ МЕЃУ ДЕЛОВНИТЕ ЛУЃЕ ЗА ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКАТА**

Амбасадорот на Република Романија во Република Македонија, Јустинијан Фокша, заедно со почесниот конзул на Република Романија во Штип, Штерјо Наков, на 9.10.2015 година ја посетија Регионалната комора со седиште во Штип. Романскиот амбасадор истакна дека неговата земја стои на располагање и ќе се залага за интензивирање на економските врски со македонското стопанство. Притоа, тој истакна дека е клучно да има што почести контакти на деловните луѓе од двете земји и размена на информации, на што во иднина многу повеќе ќе се работи. Штерјо Наков најави дека во блиска иднина свечено ќе биде отворен Почесниот конзулат во Штип, којшто дополнително треба да биде од голема помош за интензивирање на економската соработка меѓу двете земји.




**09.10.2015 година**

**Амбасадор на Република Аргентина во посета на Стопанската комора на Македонија - ЗАИНТЕРЕСИРАНОСТ ЗА СОРАБОТКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, ПРЕХРАНБЕНАТА, ТЕКСТИЛНАТА И ВО МЕТАЛНАТА ИНДУСТРИЈА**

На 9.10.2015 година во Стопанската комор на Македонија се одржа работна средба со господинот Гилермо Азрак, амбасадор на Република Аргентина во Република Бугарија, задолжен и за Република Македонија. Во насока на зголемување на соработката меѓу македонските и аргентинските компании и нивна интернационализација, амбасадорот Гилермо Азрак истакна дека интересот на аргентинските компании е претежно во секторите земјоделство, во прехранбената, текстилната и во металната индустрија и во таа насока треба да се интензивира соработката, пред се` затоа што Аргентина е лидер во производство на прехранбени производи.На работната средба беа водени разговори за можностите за инвестирање и настап на аргентинските компании на македонскиот пазар.

**15.10.2015 година**

**Македонско-унгарски бизнис-форум - ЗАЕДНИЧКИ НАСТАП НА ТРЕТИ ПАЗАРИ И ПРЕД ЕВРОПСКИТЕ ФОНДОВИ**




Унгарија е земја којашто е значително пред Македонија во привлекувањето на странски инвестиции од областа на автомобилската индустрија, посебно во нивно покачување на повисоко ниво со додадена вредност, искуство кое е многу значајно да го пренесеме кај нас. Ова го истакна Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија на Македонско-унгарскиот бизнис-форум. На Форумот присуствуваа деловни луѓе од 12 унгарски компании и тие разговараа со претставниците на дваесетина македонски компании.Оценката на Стопанската комора на Македонија е дека зголемена економска активност помеѓу деловните субјекти од двете земји, несомнено ќе биде можна и очекувана доколку како комори го поттикнеме заедничкиот настап на компании од Македонија и Унгарија во трети земји, на меѓународни тендери, заедничко финансирање на производството и трговијата, реализација на потенцијални развојни проекти, како индивидуални, така и проекти за заеднички настап, помош на извозно ориентираните компании за влез на трети пазари и на пазарите од ЕУ, обука на кадри за следење на новите технологии, надминување на постојниот дефицит од одредени специфични профили во конкретни дејности, соработка за изработка на заеднички проекти со цел поголемо искористување на средставата од ЕУ-фондовите на новите седумгодишни програми „Хоризонт“ и „Косме“, - подвлече Пешев. Значајно е што македонскииот извоз годинава расте, а значајно е и што Унгарија е подготвена да влијае на понатамошно урамнотежување на размената. Во таа насока е споменат и Договорот за заемна царинска соработка, потпишан меѓу Македонија, Србија, Унгарија и НР Кина (на 17 декември 2014 година), кој има за цел да воспостави позитивна клима за сорабока меѓу стопанствата, со примена на регионалната и меѓународната трговија.

**20.10.2015 година**

**Регионалната комора со седиште во Битола и БАС - Институтот за менаџмент потпишаа Меморандум за разбирање и соработка - ТРАСИРАН ПАТОТ ЗА ПОИНТЕНЗИВНА СОРАБОТКА МЕЃУ БИЗНИС-СЕКТОРОТ И НАУКАТА**



Регионалната комора со седиште во Битола и БАС - Институтот за менаџмент од Битола потпишаа Меморандум за разбирање и соработка (19.10.2015 година). Регионалната комора со седиште во Битола веќе има потпишано повеќе слични меморандуми за соработка со бројни регионални и национални организации, како и со регионални комори од соседството.

**20.10.2015 година**

**Средба на претставници на Регионалната комора со седиште во Битола со новиот шеф на Канцеларијата за козуларни работи на Република Грција во Битола - УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРЕКУГРАНИЧНАТА СОРАБОТКА**



Регионалната комора со седиште во Битола на 19.10.2015 година оствари прва официјална средба со новиот шеф на Канцеларијата за козуларни работи на Република Грција во Битола, господинот Николас Каралекас.Средбата беше реализирана на заедничка иницијатива на претседателите на регионалните комори од Битола, Мирко Велковски и на Лерин од Република Грција, Савас Сапалидис. Во рамките на работниот дел од состанокот беше разговарано и за конкретна проектна соработка меѓу партнери од соседните држави во рамките на ЕУ програмските пакети.

**20.10.2015 година**

**Регионалната комора со седиште во Скопје расправаше за усвоените и предложени измени на законски прописи - НЕОПХОДНИ РЕШЕНИЈА ПРИФАТЛИВИ ЗА БИЗНИС-ЗАЕДНИЦАТА**

Регионалната комора со седиште во Скопје на седницата што се одржа на 20.10.2015 година расправаше за усвоените и предложени измени на законски прописи кои би биле од интерес за компаниите од регионот. Во рамките на тоа, беше направен осврт врз Спогодбата за изменување и дополнување на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, Законот за прекршоци и Законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување. Вовед во расправата по усвоената и предложената измена на законската регулатива даде претседателот д-р Горан Рафајловски, при што истакна дека во измените и дополнувањата на законската регулатива дел од предлозите од страна на Комората се усвоени, но се` уште постои дел кој не е прифатен. Советникот на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, Софче Јовановска, ја презентираше ENTERPRISE EUROPE NETWORK, Европската мрежа за бизнис-можности. Компаниите се запознаа со структурата, организацијата, субјектите кои се вклучени, како и со можностите што ги нуди ЕЕН Мрежата за секој корисник. Компаниите пројавија интерес како можат да се вклучат во ЕЕН Мрежата, со цел да ги користат и бенефитите од оваа европска бизнис-мрежа која покрај компании од Европа, вклучува компании и од други континенти.

**30.10.2015 година**

**Одржана средба меѓу претседателите на стопанските комори на Македонија и на Словенија - ВО НАСОКА НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ЦЕЛИ**



Претседателот на Стопанската комора на Словенија, г-дин Марјан Мачкошек, со своите соработници, оствари средба со претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески. На средбата се разговараше за можностите за унапредување на соработката меѓу двете бизнис-асоцијации, во насока на остварување на заедничките цели кои, како што беше констатирано, се движат во иста насока: подобрување на бизнис-опкружувањето, поттикнување на условите за подобрување на трговската размена меѓу двете земји, прашањата поврзани со даночната политика, обезбедување соодветен кадар согласно потребите на стопанството, како и развој и интернационализација на бизнисите. Како особено значајни беа посочени и прашањата поврзани со

потребата од зајакнување на улогата на коморите и на бизнис-заедницата во трипартитниот социјален дијалог, како и активностите кои ги преземаат двете комори на полето на едукација на кадри согласно барањата на бизнис-заедницата преку организација на разни видови семинари, обуки и други облици на надградба на знаењата, како и преку воспоставените програми за неформално образование.

**03.11.2015 година**

**Потпишан Меморандум за соработка помеѓу Регионалната комора со седиште во Штип и локалната самоуправа - ЗАЕДНИЧКИ ИНИЦИЈАТИВИ И ПРОЕКТИ ВО ФУНКЦИЈА НА РАЗВОЈ НА БИЗНИСОТ ВО РЕГИОНОТ**



На 3.11.2015 година, во просториите на Општина Штип, беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу Регионалната комора со седиште во Штип и локалната самоуправа. Меморандумот го потпишаа Наум Барзов, претседател на Регионалната комора со седиште во Штип и м-р Илчо Захариев, градоначалник на Општина Штип. Во присуство на потпретседателките на Регионалната комора со седиште во Штип, бројни компании од регионот, како и претставници на локалната самоуправа, бизнис-средбата ја отвори Наум Барзов. Притоа, тој истакна дека делувањето на регионалната деловна асоцијација има за цел да придонесува за подобрување на условите за работа и развој на компаниите во штипскиот регион, а за тоа е потребна и поддршка од локалната самоуправа и од сите релевантни институции во земјава.

**06.11.2015 година**

**Претставена „Еразмус +“ Програмата пред бизнис-заедницата во Битола - МОЖНОСТ ЗА НАДОПОЛНУВАЊЕ НА СТРУЧНОСТА НА ВРАБОТЕНИТЕ**

Националната агенција за европски образовни програми и мобилност во соработка со Регионалната комора со седиште во Битола и со поддршка на Општина Битола, на 5 ноември 2015 година одржа работилница за претставување на „Еразмус +“ Програмата пред бизнис-заедницата во Битола. Работилницата е дел од карванот „Инфо денови“ на Националната агенција низ целата држава. Програмата претставува комбинација од 7 европски образовни програми, програми за обука на млади и за прв пат во својата структура го додава спортот. Исто така, на учесниците на настанот им беа објаснети фазите на одлучување и процедурата за селекција на апликации кои се одвиваат во 4 нивоа.

**06.11.2015 година**

**Работилница на Регионалната комора со седиште во Скопје и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност - БИЗНИС-СЕКТОРОТ ИНФОРМИРАН ЗА ПРОГРАМАТА „ЕРАЗМУС +“**

На 6 ноември 2015 година во Стопанската комора на Македонија се одржа средба со бизнис-заедницата организирана од страна на Регионалната комора со седиште во Скопје и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Директорот на Агенцијата Дарко Димитров истакна дека овој проект отвора нови можности и е од исклучително значење за компаниите, кои преку вклучување во Програмата „Еразмус +“ можат да добијат соодветно зголемување на стручните компетенции на своите вработени, како и да се вклучат во најразлични проекти преку кои ќе можат да имплементираат практики, трансфер на знаења и технологии, но и да учествуваат во високо образовните сегменти. Во текот на 2015 година Националната агенција зеде учество и во акцијата

Интернационална кредитна мобилност помеѓу програмски и партнерски земји, преку која се овозможи високообразовните институции, односно професорите од овие институции да имаат можност да соработуваат со земјите кои не се полноправни членки на Програмата и соседните земји, како што се Црна Гора, Србија, Албанија, но и Соединетите Американски Држави, Јапонија, Кина, Индија и други земји, истакна Лулеса Илјази, раководител на Секторот за стручно образование и обука при Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.

**09.11.2015 година**

**Во Лерин, Република Грција, се одржа Првата средба на балканските комори - СОРАБОТКАТА НА КОМПАНИИТЕ ОД РЕГИОНОТ МОЖНОСТ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА**



На 6 и 7 ноември 2015 година во Лерин, Република Грција, со поддршка на Унијата на индустриски и трговски комори на Грција, се одржа Првата средба на балканските комори. На официјалниот дел на настанот учествуваа претставници на коморите и бизнис-секторот од Балканот. Директорката на Дирекцијата на регионални комори и меѓународна соработка при Стопанската комора на Македонија, Снежана Камиловска Трповска ја претстави работата на Комората, а во своето обраќање се осврна и на инвестициските поволности што ги нуди Република Македонија. Во име на унапредување на започнатата прекугранична соработка свој поздравен говор на настанот имаше и претседателот на Регионалната комора со седиште во Битола, Мирко Велковски.

**09.11.2015 година**

**Продлабочување на соработката на Регионалната комора со седиште во Кавадарци и локалната самоуправа - ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

Со цел остварување на успешни проекти, градоначалникот на Општина Кавадарци, Александар Панов и претседателот на Регионалната комора со седиште во Кавадарци, Митко Јанчев, потпишаа Меморандум за соработка (9.11.2015 година). Со овој меморандум ќе се подобри соработката меѓу Општината и Комората, со цел развивање на деловниот сектор. Со Меморандумот се опфатени можностите за соработка на многу полиња и на клучни прашања од значење за бизнис-секторот.

**12.11.2015 година**

**Средба на Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија со Н.Е. Вен Зеншун, амбасадор на НР Кина во Република Македонија - ЗАЕДНИЧКИ НАПОРИ ЗА НАТАМОШНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА**



На 12 ноември 2015 година во посета на Стопанската комора на Македонија беше амбасадорот на Народна Република Кина во Република Македонија, Н.Е. Вен Зеншун. На средбата со нивниот домаќин Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, беше разговарано за досегашните, но и за идните активности. Бранко Азески посебно нагласи дека Кина, покрај на политички, и на економски план е исклучително значаен стратешки партнер на земјава, особено ако се земат предвид нејзините бројни инвестиции, особено во делот на инфраструктурата.

Подобрувањето на инфраструктурата и новите технологии што се увезуваат директно од Кина ќе и` овозможат на Македонија полесно пробивање на странските пазари. Стопанската комора на Македонија и Амбасадата на НР Кина во земјава со заеднички сили ќе се стремат кон интензивирање и подигање на соработката со НР Кина на повисоко ниво, што би требало да резултира со продлабочување на билатералната соработка и повисоко ниво на трговска размена помеѓу двете земји.

**12.11.2015 година**

**Деловна средба на компании-членки на регионалните комори со седиште во Штип и во Кичево - ЗАЕДНИЧКИ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОТТИК НА РЕГИОНАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАСТ**

Регионалните комори со седиште во Штип и во Кичево при Стопанската комора на Македонија на 12.11.2015 година, организираа заедничка деловна средба на компании од двата региона. Средбата се одржа во Штип, а на деловната средба присуствуваа Игор Соколески и Наум Барзов, претседатели на управните одбори на регионалните комори со седиште во Кичево и во Штип. На преку дваесетина бизнисмени од двата региона им се обратија градоначалникот на Штип, Илчо Захариев и заменикот на градоначалникот на Кичево, Емин Насуфи. Деловната средба беше во функција на зголемување и интензивирање на соработката, како и воспоставување на директни контакти и средби меѓу бизнисмените, со значајна поддршка на локалната самоуправа.



**16.11.2015 година**

**Презентација на Регионалната комора со седиште во Битола и Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион - МОЖНОСТИТЕ НА ЕУ-ПРОГРАМИТЕ „ХОРИЗОНТ 2020“ И „КОСМЕ“ ПРЕД ЛОКАЛНИОТ БИЗНИС**

Во рамките на континуираната соработка на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион и Стопанската комора на Македонија, во Регионалната комора со седиште во Битола на 13 ноември 2015 година се одржа информативна средба за презентирање на програмите „Хоризонт 2020“ и „Косме“, ЕУ-фондови достапни на македонските компании. На средбата присуствуваа голем број претставници од бизнис-секторот од Пелагонискиот регион. Програмите беа презентирани од страна на м-р Никола Димковски од Регионалната комора со седиште во Битола и Рубин Николоски од Центарот за развој на Пелагонискоит плански регион. Во рамките на презентацијата на присутните им беа објаснети практични примери и начини за регистрација на ECAS-системот за аплицирање на проекти, како и можноста за искористување на EEN мрежата за пронаоѓање на понуда и побарувачка, можни партнери за соработка и експерти за помош на заинтересираните компании од нашата земја.

**18.11.2015 година**

**ФОРМИРАН МАКЕДОНСКО-ПОЛСКИ БИЗНИС-КЛУБ ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**



Со цел унапредување на надворешна трговска соработка помеѓу Република Македонија и Република Полска, а во насока на развивање на трговските контакти и извозно-увозните можности, на 18.11.2015 година се одржа Конститутивна седница на Македонско-полскиот бизнис-клуб при Стопанската комора на Македонија. На Конститутивната седница освен иницијаторите, фирмите заинтересирани за формирање на овој клуб, учествуваа и Н.Е. Јацек Мултановски, амбасадор на Република Полска во Република Македонија и господинот Коста Костовски, почесен конзул на Република Полска во Република Македонија со седиште во Охрид. Амбасадорот потенцираше дека ваков Клуб кој се формира во вистински момент ќе придонесе за унапредување на билатералната трговска размена и зголемување на активностите за воспоставување на подолгорочни облици на соработка меѓу двете страни. Ова тело треба да помогне за развој на соработката и можност за пронаоѓање на деловни партнери од двете страни.  На седницата за претседател на Македонско-полскиот бизнис-клуб беше избран господинот Горан Антевски, генерален директор на „Раде Кончар ТЕП“ ДООЕЛ - Скопје. Тој во своето обраќање истакна дека во Република Полска силно се развива приватниот сектор, кој привлекува и голем обем странски инвестиции. Тој истакна дека неговата компанија веќе 10 година успешно соработува со полски компании кои се високо софистицирани и успешни не само во Полска, туку и во другите земјите во Европа. Антевски ги повика присутните за заедничко учество на македонските и полските компании за користење на ЕУ-фондовите.

**19.11.2015 година**

**Бизнис-делегација од Прилеп во посета на Австралија - ДИЈАСПОРАТА СО ЗАБЕЛЕЖИТЕЛЕН ИНТЕРЕС ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп и Општина Прилеп во периодот од 5-16 ноември 2015 година се реализира работната посета на Австралија, поточно во градовите Сиднеј и Мелбурн. Во периодот од 7 до 10 ноември 2015 година, делегацијата престојуваше во Сиднеј, каде што програмата за работните средби ја подготвија  амбасадорот на Република Македонија во Австралија, Веле Трпевски и бизнисменот Ѓорги Михајлов. Притоа, беа  остварени средби со: компанијата „Benino Fine Foods“,  „Marco Polo Foods“ Pty.Ltd, „Spiroski FOODS“,  „Mediterranean marble“, „HIVATA VITAMINS“, „Rosa Dora Import“, средба со претставници на нашата дијаспора во Сиднеј и средба со пратеникот во Парламентот на Нов Јужен Велс, Крег Кели (Craig Kelly MP), кој соработува со македонската дијаспора и ја претставува Македонија како најдобра дестинација за странски инвестиции.

Во периодот од 10-15 ноември 2015 година, делегацијата престојуваше во Мелбурн, каде што програмата за средбите ја подготви г-ѓа Бети Коруновска, конзул на Република Македонија. Според таа програма, се оствариja средби со: компанијата „CKI GROUP“, „Royal Kerry Internacional Foods“, „EUROPE,S BEST“,  „МАКАУС“,  „EXCLUSIVE FOOD HOUSES“,  „EVOLVE MASONRY“, и средба со претставници на дијаспората во Мелбурн.

**20.11.2015 година**

**Во Охрид се одржа работен состанок на Координативното тело за изработка на стратегија за туризам - ДЕФИНИРАНИ ВИЗИЈАТА И ПОЕДИНЕЧНИТЕ ЦЕЛИ ЗА ТУРИСТИЧКИ РАЗВОЈ НА ОХРИД**

Во просториите на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид, на 19 и 20 ноември 2015 година, се одржа дводневен работен состанок на Координативното тело за изработка на стратегија за туризам, иницијатива поддржана од ИМЕ-Програмата на SWISSCONTACT. На состанокот присуствуваа членовите на Координативното тело именувани од Општина Охрид, од Стопанската комора на Македонија, јавните претпријатија од регионот на Општина Охрид, институциите поврзани со туризмот и културното наследство, како и претставници на туристичко-угостителските објекти. Целта на овој состанок беше да се обединат на едно место сите активни чинители од сферата на туризмот и преку консултативен процес да се дефинираат визијата и целите за развојот на охридскиот регион како туристичка дестинација.

**20.11.2015 година**

**Висока делегација на НР Кина во Стопанската комора на Македонија - ПРОМОВИРАН САЕМОТ ЗА ИНВЕСТИЦИИ И ТРГОВИЈА, ШТО ЌЕ СЕ ОДРЖИ ВО НИНГБО ВО ЈУНИ 2016 ГОДИНА**



Во насока на подобрување и зајакнување на економската и трговската соработка на НР Кина со земјите од Централна и Источна Европа, на 20.11.2015 година во Стопанската комора на Македонија се одржа работна посета на висока делегација на претставници на Саемот во Нингбо, НР Кина, како и од Амбасадата на НР Кина во Република Македонија. На Саемот ќе се најдат изложувачи од повеќе различни сектори:- храна и прехранбени производи; - производи за широка потрошувачка за секојдневна употреба;- уметнички дела;- подароци; - производи за здравствена заштита;- производи за домаќинство и др.На Саемот покрај изложување на експонати, ќе биде дозволена продажба и презентација на производи.На оваа средба, извршниот директор на Стопанската комора на Македонија, д-р Јелисавета Георгиева ја искажа спремноста за соработка на Комората во организација и подготовка за учество на македонските компании на овој саем и истакна дека преку ваква презентација на компаниите може да се очекува успех во пронаоѓање партнери од НР Кина.

**26.11.2015 година**

**Семинар за компаниите од прилепскиот регион - ПРЕЗЕНТИРАНИ МЕЃУНАРОДНИТЕ ТРГОВСКИ ДОКУМЕНТИ ШТО ГИ ИЗДАВА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

На 26 ноември 2015 година, во просториите на Регионалната комора со седиште во Прилеп, се одржа еднодневен семинар на тема: „Сертификати за потекло и други меѓународни трговски документи што ги издава Стопанската комора на Македонија“.Во рамките на семинарот беа опфатени сите специфични аспекти поврзани со меѓународните трговски документи што ги издава Стопанската комора на Македонија, особено за сертификатите за потекло со преференцијален и сертификатите за потекло со непреференцијален третман на стоките, АТА-карнетите, сертификатите за слободна продажба, потврдите за ексклузивитет и други потврди и заверки што ги врши Стопанската комора на Македонија. Воедно, беа претставени и активностите на Стопанската комора на Македонија во меѓународни проекти, коишто значајно придонесуваат за поттикнување на извозот на македонските претпријатија, посебно за работата на Enterprise Europe network.

**30.11.2015 година**

**Н.Е. Бунијан Саптомо, амбасадор на Индонезија во Република Бугарија во посета на Стопанската комора на Македонија - И ПОКРАЈ ГОЛЕМИТЕ МОЖНОСТИ, РАЗМЕНАТА СЕ` УШТЕ МАЛА**

Во посета на Стопанската комора на Македонија беше Н.Е. Бунијан Саптомо, амбасадор на Индонезија (30.11.2015 година). Во негова придружба беа министерот -советник за политички и социјални прашања, господинот Јоханес Мангисела и третиот секретар задолжен за економски прашања, госпоѓата Амита Прамасуфи. Со гостите беше договорена повторна посета на третиот секретар задолжен за економски прашања госпоѓа Амита Прамасуфи, со цел да се направи презентација и да се промовира манифестацијата „Трејд Експо“ пред македонските компании.

**02.12.2015 година**

**Бизнис-секторот од регионот на Штип беше запознаен со сертификатите за потекло и други меѓународни трговски документи што ги издава Стопанската комора на Македонија - ДЕТАЛНО ЗА ЛОГИСТИКАТА ШТО СЕ НУДИ НА ИЗВОЗНИТЕ КОМПАНИИ**



На 2 декември 2015 година, во просториите на компанијата „Албатрос“ во Штип се одржа еднодневен семинар на тема: „Сертификати за потекло и други меѓународни трговски документи што ги издава Стопанската комора на Македонија“.Во рамките на семинарот беа опфатени сите специфични аспекти поврзани со меѓународните трговски документи што ги издава Стопанската комора на Македонија, особено за сертификатите за потекло со преференцијален и сертификатите за потекло со непреференцијален третман на стоките, АТА-карнетите, сертификатите за слободна продажба, потврдите за ексклузивитет и други потврди и заверки што ги врши Стопанската комора на Македонија. Воедно, беа претставени и активностите на Стопанската комора на Македонија во меѓународни проекти што значајно им помагаат на македонските претпријатија за поттикнување на извозот, посебно за работата на Enterprise Europe network можности.

**03.12.2015 година**

**Регионалната комора со седиште во Битола одржа еднодневен семинар - ПРЕД КОМПАНИИТЕ СПЕЦИФИЧНИТЕ АСПЕКТИ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ТРГОВСКИ ДОКУМЕНТИ**

Во организација на Стопанската комора на Македонија, Регионалната комора со седиште во Битола, на 3 декември 2015 година во Битола се одржа еднодневен семинар на тема: „Сертификати за потекло и други меѓународни трговски документи што ги издава Стопанската комора на Македонија“, како дел од работилниците кои се одржуваат низ неколку региони во Македонија.

**03.12.2015 година**

**Обука на компании од Регионалната комора со седиште во Скопје за ENTERPRISE EUROPE NETWORK - СО ЕВРОПСКАТА МРЕЖА ЗА БИЗНИС- МОЖНОСТИ ДО ДЕЛОВНИ ПАРТНЕРСТВА**



Во Стопанската комора на Македонија се одржа обука на заинтересираните компании од Регионалната комора со седиште во Скопје за ENTERPRISE EUROPE NETWORK - Европската мрежа за бизнис-можности (3.12.2015 година). Со оваа обука на компаниите, запознавајќи ги со Европската мрежа за бизнис- можностите, со нејзината структура, организација и субјектите кои се вклучени во неа, им се овозможува да ги откријат и можностите што таа ги нуди на секој корисник. Enterprise Europe Network е мрежа на бизнис-можности која има за цел да ги понуди сите облици на деловна поддршка на малите и средни претпријатија на нивниот пат кон европските пазари.

**14.12.2015 година**

**ЕЕН-Мрежа за бизнис-можности – помош за поддршка на малите и средни бизниси - „ХОРИЗОНТ 2020" - МСП ИНСТРУМЕНТ- МОЌНА АЛАТКА ЗА ИЗНАОЃАЊЕ ПАРТНЕРИ ЗА НОВИТЕ ЕУ-ПРОГРАМИ**

Европската мрежа за бизнис-можности (ЕЕН) е моќна алатка и најголемата мрежа за подобрување на процесот на имплементација на иновациите во реалниот сектор, за интензивирање на бизнис-релациите, за поефикасна соработка на науката и индустријата, трансферот на технологии и користењето на резултатите од научните истражувања во стопанството. ЕЕН-Мрежата започна со работа во јануари 2008 година и денес обединува 600 локални партнерски организации кои вработуваат околу 3.000 луѓе професионален кадар кои работат исклучиво за поддршка на конкурентноста на бизнисите во Европската унија. ЕЕН-Мрежата е уникатен модел и во однос на својата географска зафатнина достигнува широк спектар на интегрирани услуги кои ги обезбедува за малите и средни компании и други деловни организации и асоцијации, факултети, универзитети, истражувачки центри и сл. Услугите на ЕЕН се достапни во повеќе од 35 милиони компании од ЕУ и од други земји што учествуваат во оваа мрежа. Инаку, на прес-конференцијата беше истакнато дека аплицирањето од Република Македонија е мало, но беше упатена порака дека услугите на учесниците во ЕЕН-Мрежата се бесплатни за македонските компании.

**18.12.2015 година**

**Одржана средба на Регионалната комора со седиште во Кичево со невладини организации и институции - ИДЕНТИФИКУВАНИ МОЖНОСТИ ЗА ЗАЕДНИЧКИ НАСТАП НА ЕВРОПСКИТЕ ПРОГРАМИ**

Регионалната комора со седиште во Кичево при Стопанската комора на Македонија организираше средба со невладини организации за разледување на можностите за соработка и размена на информации за вмрежување на невладините огранизации од подрачјето на регионот и општините. Со овој настан се создаде можност за запознавање и вмрежување на невладините организации, меѓу себе, но и со претставниците на другите чинители во општините и бизнис-заедницата со цел да се постигне висок степен на синхронизација, соработка, како и можност за заеднички настап на проекти на достапните европски програми. На средбата присуствуваше претставник од холандската организација „CNVP- Поврзување на природните вредности и луѓето" со канцеларија во Скопје, Анела Ставреска Панајотова.

**21.12.2015 година**

**Регионална комора со седиште во Охрид - ПРЕЗЕНТИРАНА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА И ПЛАНИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ ЗА 2016 ГОДИНА**

На 17 декември 2015 година во Охрид се одржа редовната седница на Регионалната комора со седиште во Охрид. Пред присутните беа презентирани Програмата за работа за 2016 година, како и планираните активности кои ќе се реализираат во текот на 2016 година. Поканетите членови од компаниите го дадоа својот придонес во оформувањето на подетални активности кои треба да се реализираат следната година, а се во насока на подобрување на економскиот амбиент во регионот.

**28.12.2015 година**

**Управен одбор на Регионалната комора со седиште во Прилеп - ПОДДРШКА ЗА ПЛАНИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО 2016 ГОДИНА**



На 25.12.2195 година се одржа 25-та седница на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Прилеп, во проширен состав, на која присуствуваше и Марјан Ристески, градоначалник на Општина Прилеп.Претседателот на Регионалната комора седиште во Прилеп Симон Наумоски претседаваше со седницата и имаше воведно излагање.После усвојувањето на заклучоците од претходната 24-та седница на Управниот одбор, опширно излагање по Предлог-програмата за работа на Регионалната комора со седиште во Прилеп имаше Ристо Најдоски. Членовите на Управниот одбор поопширно беа запознати со планираните оперативни активности на Регионалната комора, со посебен нагласок за реализација на планираните меѓународни активности, работни средби во Канада, Шведска и збратимените градови на градот Прилеп. Исто така, во текот на 2016 година се планирани голем број едукативни настани за потребите на стопанството од регионот од областа на надворешното-трговското работење, царинската регулатива, арбитражата, трудовото право, заштитата на животната средина, заштедата на енергија, користење на обновливи извори на енергија и користење на средства од ЕУ-програмите.Од страна на членовите на Управниот одбор едногласно беше прифатена предложената програма за работа на Регионалната комора со седиште во Прилеп за 2016 година, со напомена да се дополни програмата со предлозите кои произлегоа од опширната дискусија за изградба и поврзување на регионот со гасовод, изградбата на експресниот пат Градско-Прилеп, отворање на нови детски градинки во Прилеп и санирање на градската болница во Прилеп.За резултатите од работењето на компаниите од регионот во деловната 2015 година беше констатирано дека се задоволителни во услови на општа економска криза, со напомена дека за „Прилепска пиварница“ оваа година била најуспешна од денот на незиното постоење.

# ИНФОРМАТИВНО-ПУБЛИЦИСТИЧКА ДЕЈНОСТ

Информативно-публицистичката дејност на Стопанската комора на Македонија во 2015 година, со веќе етаблираните форми, беше насочена главно до јавноста брзо, ефектно и квалитетно да стигнат информациите за активностите на Стопанската комора на Македонија и нејзините органи, тела и облици на организирање.
Во таа основна функција беа користени следните алатки: Веб порталот на Стопанската комора на Македонија, неделните елктронски изданија БИЗНИС ИНФО и БИЗНИС ОГЛАСНИК, месечниот печатен прилог во ЕКОНОМИЈА и БИЗНИС, дневните елктронски изданија ПРЕС КЛИПИНГ и фејсбук страницата БИЗНИС ИНФО – СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, како и разни периодични изданија.

***- ВЕБ-ПОРТАЛ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА*** (www.mchamber.mk)
На веб порталот на Стопанската комора на Македонија беа објавени сите активности на органите, телата и облиците на организирање на деловната асоцијација. Покрај тоа, во рубриките „Актуелно“, „Соопштенија“, „Вести“ и „Свет“ беа објавени информации за активностите, достигнувањата и резултатите на членките на Комората. Покрај тоа, на сајтот беа пласирани вести од институции и органи од земјава, како и вести од економијата од светот, кои се од значење за бизнис секторот и за членките. Во просек дневно беа поставувани по околу десетина текстови. Пократ тоа, од позначајните настани и од редовните прес-конференции беа подготвувани видео-записи кои беа поставувани на веб-порталот и од кои посетителите на сајтот можеа да имаат поширок тонски увид во излагањата на претставниците на нејзините членки.
Покрај сопствените текстови, за ажурирање на веб порталот беа користени и текстови од државната агенција МИА, соопштенија на институции и на компании-членки на комората, како и превземени текстови од веб портали и сајтови на компании и на институции кои ја третираат економската проблематика.Обработката и дизајнирањето на текстовите беше со веќе препознатливиот стил за веб порталот на Комората. На тој начин е направен спој кој им овозможува на деловните луѓе со посета на веб порталот на Комората да ги имаат на очиглед сите нејзини актоивности, но и сето она што значајно се случува во домашната и светската економија.
Дел од содржините се преведуваа и се објавуваа и во англискиот и албанскиот дел од порталот.

***-БИЗНИС ИНФО (неделно електронско издание)***




Во 2015 година беа издадени и 46 електронски изданија на „БИЗНИС ИНФО“ во просек на околу 40 страници. Неделникот обајавуваше во просек околу 60 текстови во едно издание - пошироки текстови, коментари и анализи подготвени од експертите на Комората, како дополнение на она што е поставено на веб-порталот. Електронското издание на „БИЗНИС ИНФО“ во просек бележи по околу 3.700 посетители, а во него се објавуваат и сите планирани активности на Комората за наредната период.
Покрај тоа, во ова електронско изданије беа објавувани извадоци од интервјуа што ги имаат членките на Коморота во македонските медиуми, како и текстови за нивните резултати, достигнувања, зафати и инвестиции. Во ова издание беа поместени и текстови пренесени од странски врвни економски изданија за значајни економски случувања.




***-БИЗНИС ОГЛАСНИК (неделно електронско издание)***
Минатата година беа објавени 40 електронски изданија на „БИЗНИС ОГЛАСНИК“. Во ова неделно издание, кое се подготвува четврта година, се поставуваат комерцијални повици до македонските компании од две бизнис-мрежи кои се лоцирани во Стопанската комора на Македонија. Тоа се ПОНУДА – ПОБАРУВАЧКА и ЕЕН-мрежата. Во прашање се мрежи кои нудат бројни контакти за македонските компании, а од таа обемна содржинба се одбираат внимателно подготвени

прилози. Редовно се објавуваа комерцијални огласи на странските инвеститори во Македонија со кои тие бараат разновидни набавки од домашните компании.
Покрај тоа, во ова издание се објавуваа и покани во вид на рекламен повик за сите настани од областа на едукацијата, саемските манифестации, презентации, форуми и слично кои беа организирани од Стопанската комора на Македонија.

***-Прилог во ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС (ПЕЧАТЕН)***

Во текот на 2015 година беа испечатени 9 прилози во месечникот ЕКОНОМИЈА и БИЗНИС.Концепциски овој прилог беше компициран со издвојување на значајни изјави и пораки од експерти од Комората и од преставници на нејзините членки. Со таквиот ефектен кус издвоен текст, дизајниран со портрет се постигнува пораката од Комората на ефектен начин да стигне до јавноста.

***-„ПРЕС КЛИПИНГ“ (електронско секојдневно издание)***

Во текот на годината редовнно се објавувува и дневниот електронски „ПРЕС КЛИПИНГ“ наменет за брзо и ефикасно информирање на управувачкиот апарат на Стопанската комора на Македонија и вработените. Во просек се издвојуваат по 12 текстови дневно - извадоци од македонските медиуми.

***-„БИЗНИС ИНФО – СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА“ (страница на социјалните мрежи)***

„БИЗНИС ИНФО – Стопанска комора на Македонија“ е страницата којашто од 2011 година беше отворена на Фејсбук .На оваа страници беа поставувани текстови од Комората, македонската економија и од светскиот печат, кои имаат употребна вредност за претприемачите во земјава. Дневно во просек беа постирани во просек по дваесетина текстови со што се направи обид за зголемување на информираноста кај бизнисмените - корисници на овие страници. Покрај своевиден прес-клипинг на социјалните мрежи со предзнакот на Стопанската комора на Македонија, на посетителите им беа издвојувани текстови од весници, телевизиски станици, портали во регионот – српски, бугарски, хрватски...



# ДИРЕКЦИЈА НА ДРУГИ ФОРМИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РАБОТЕЊЕ ПРИ КОМОРАТА

## ЕДУКАЦИЈА И ОБУКА

Со цел следење на потребите на бизнис секторот, Центарот за едукација и развој на човечки ресурси во 2015 година ја прошири својата програма на едукативни настани со нови и актуелни теми и воспостави соработка со предавачи од различни институции од земјата и странство. Согласно Програмата за работа за 2015 година, Центарот реализираше 84 семинари и работилници, на коишто присуствуваа 1.535 учесници. Со едукативните настани покрај теми од областа на законски измени во делот на финансиска дисциплина, архивско и канцелариско работење, работни односи, јавни набавки, безбедност и здравје при работа, благајничко работење, јавни набавки и слично, како теми кои се неопходни за тековното функционирање на компаниите, беа опфатени и нови, пошироки теми во делот на ISO стандарди, оптимизација на залихи, ефективни системи на продажба, планирање на производствен циклус, наплата на проблематични побарувања, одржување на технички системи и слично. Во насока на размена на искуства, поттикнување на соработка но и обезбедување поддршка за компаниите во рамките на Центарот за едукација беа организирани и 3 бесплатни настани:

- Како да се справите со „проблематичните“ вработени? – предавач, Сем Вакнин;
- Кога е вистински момент за интернационализација на бизнисот? – во соработка со Американ колеџ – Скопје и
- Државниот завод за статистика како значаен партнер на бизнис-заедницата – во соработка со Државен завод за статистика

Дополнително, во 2015 година беше реализирана и првата Академија за продажни вештини во соработка со реномираната консултантска куќа Густав Кезер Тренинг Интернационал а учесниците се стекнаа со меѓународно признати сертификати. Во 2016 година продолжува соработката со реализација на нови академии зависно потребите на компаниите и менаџментот.



Успехот на едукативните настани, покрај професионалниот пристап во организацијата, се должи пред сè на соработката со стручни и квалификувани предавачи, како и со релевантни институции кои можат да им обезбедат клучни информации на компаниите потребни за секојдневното функционирање. Во 2015 година, Центарот за едукација континуирано воведуваше новини во тематските области кои беа опфатени на едукативните настани. Дополнително, ја интензивираше соработката со експерти – претставници од компаниите кои беа во можност да го пренесат своето знаење и искуство за време на едукативните настани, како тренери или гости – предавачи. Ваквата практика се покажа како особено корисна и со цел понатамошно подигнување на квалитетот на обуките, размена на искуства и унапредување на соработката, Центарот за едукација во 2016 година

ќе продолжи со реализација на семинари на кои предавачите кои доаѓаат директно од компании, особено од топ менаџментот, кои ќе бидат во можност да го пренесат своето искуство и експертиза.



Центарот за едукација во текот на 2015 година започна со подготовка на модуларни (тематски) обуки и курсеви во соработка со тренери од различни области кои на учесниците им нудат комплетна обука која води до надградба на вештини применливи на работно место и стекнување компетенции. Станува збор за обуки согласно верифицирани програми кои се организираат во соработка со Бизнис центар за тренинг и обука. Програмите се верифицирани од Центарот за образование на возрасни и признати од Министерството за образование и наука на Република Македонија.

Досега се подготвени две вакви програми и тоа: „Менаџерски вештини за управување со човечки ресурси“ за која во 2015 година веќе се реализираше обуката за првата група од 9 учесници кои успешно ја завршија и се стекнаа со сертификати признати од Министерството за образование и наука. Втората програма е „Специјалистички курс за вештини за канцелариско и архивско работење“ која е во процес на верификација.




Како една од најважните активности во полето на едукација за 2015 година, Стопанската комора на Македонија воспостави директна соработка со Институтот за економска промоција на Австриската федерална комора - WIFI, кој претставува реномиран партнер во полето на едукација и развој на човечки ресурси во Австрија и современа организација со свои претставништва во повеќе европски земји. Соработката е од огромно значење бидејќи истовремено претставува директна поддршка на Центарот за едукација при Стопанската комора на Македонија и нуди подобри можности за македонските компании во делот на усовршување преку обуки, тренинзи, трансфер на know - how и меѓународни искуства.

Тренерите кои се ангажирани од WIFI се избрани по препорака од бизнис заедницата. Тие гарантираат пренос на практични know-how техники, високи способности за предавање и теоретски заснована ексертиза и на тој начин осигуруваат дека знаењето стекнато преку курсевите на WIFI може да биде применето директно во соодветната професија. Курсевите кои ги нуди WIFI можат да бидат специфични за конкретна област, стручни курсеви, семинари со примена на софистициран менаџмент тренинг, курсеви за странски јазици, па се до специјалистички академии и курсеви слични на универзитетски програми.

## ВАША БИЗНИС КАНЦЕЛАРИЈА

Во **Вашата бизнис канцеларија** се издаваат сертификати за потекло на производите (Оригин и Фом А), АТА-карнети, потврди за ексклузивитет, потврди за единствен производител, потврди за производител, потврди за слободна продажба, потврди за виша сила, препораки за добивање на визи, мислења за исполнување на економските услови, мислења за соодветноста, односно влијанието на намалувањето или укинувањето на увозните давачки, како и се врши заверка на фактури, договори и други документи.

Во периодот од 01.01.2015 до 31.12.2015 година во Вашата бизнис канцеларија се издадени:

- 1826 сертификати за потекло на производите (Форм А);
- 10525 сертификати за потекло на производите (Оригин);
- 459 АТА-карнети;
- 6 потврди за ексклузивитет;
- 8 потврди за слободна продажба;
- / потврда за единствен производител
- 9 потврди за производител;
- 7 потврди за членство во Комората;
- 111 заверки на фактури, договори и други документи (со печат Видено во Комора);
- 29 мислења за исполнување на економските услови.

Во текот на 2015 година се одржаа четири семинари во Струмица, Штип, Прилеп и Битола, на кои учествуваа 42 посетители.

## ВЕБ-СЕРТИФИКАТ EXCELLENT SME

Сертификатот за деловно работење Excellent-SME MACEDONIA е сертификат што го издава Стопанската комора на Македонија од април 2013 година во соработка со познатата агенција за кредитен рејтинг COFACE, за најуспешните микро, мали и средни компании во Македонија.

Интересот на сите мали и средни компании во Европа е соработка со компании кои се Excellent, односно со компании  без ризик во работењето.

Се` поголем е бројот на компании кои ја препознаа потребата од Excellent во Република Македонија, односно компаниите носители на овој сертификат ги увидоа бенефитите како сопственици на сертификатот Excellent-SME , а тоа се:

- помал ризик во бизнисот;
- поголема доверба;
- полесно, побрзо и помалку ризично донесување деловни одлуки.

При тоа, компаниите добија поголем кредибилитет кај своите клиенти и кај деловните партнери, јасно експонирана оценка на кредитното рангирање, но и техничка заштита од копирање на печатот на неавторизиран веб-сајт.

Технолошките бенефити исто така се добро познати:

- проактивна заштита од крадење на идентитетот и имитирање;
- проактивна заштита од хакери;
- 24/7 мониторинг на пристапноста на веб-сајтот;
- нотификации за можни обиди за копирање на веб-сајтот и алармирања за губење на страници.

До крајот на 2015 година 90 компании станаа носители на овој сертификат во Република Македонија.

# ЦЕНТАР ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И УСЛУГИТЕ

bsi. ISO 9001 Quality Management
FS 549642

Центарот за унапредување на квалитетот во производството и услугите, според своите утврдените работни и програмски задачи ги реализира следниве активности во 2015 година:

***1) консултантски услуги за воведување на Ситеми за управување со квалитет, согласно ISO 9001:2008:***

- процесот на имплементација на Систем за управување со квалитет согласно ISO 9001:2008, е завршен во шест компании;

***2) консултантски услуги за воведување на Ситеми за управување со животната средина, согласно ISO 14001:2004:***

- процесот на имплементација на Систем за управување со животна средина согласно ИСО 14001:2004, е во тек во една компанија;

***3) консултантски услуги за воведување на ХАЛАЛ стандард:***

- процесот на имплементација на ХАЛАЛ стандард завршен е во две, а потпишан е договор за воведување во една компанија;

***4) учество во изработка на Европски ХАЛАЛ стандард,***

- ЦЕН, ТЦ 425 - Кордоба и Будимпешта

***5) активно учество во работа на технички комитети при Институтот за стандардизација и акредитацица на РМ:***

- ТК 18 за оценка на сообразност при ИСРМ;
- ТК 9 за системи за квалитет и животна средина при ИСРМ;
- ТК 13 за безбедност на храна при ИСРМ и
- ТК за сертификациони тела при ИАРМ;

***6) активно учество во UNIDO- EnMS проектот за ISO 50001, како консултант во Пивара, Скопје;***

***7) учество на семинари/обуки од областа на стандардите за менаџмент системи ISO 9001:2015; ISO 14001:2015;ISO 50001;ISO 17021;***

***8) активно ушество во процесот на ресертификација на Системот за управување со квалитет во Стопанска комора на Македонија , согласно ISO 9001:2008 од страна на BSI;***

***9) активно учество во континуирано одржување на Системот за управување со квалитет во Стопанска комора на Македонија, согласно ISO 9001:2008, со овластување за надлежност во соодветните релевантни активности;***

***10) активен допринос во информативните печатени изданија на Стопанската комора за теми од областа на стандардите;***

***11) активен допринос во анимирање/посети и запознавање на фирмите во Македонија за проблематиката од областа на стандардите.***

# ПОСТОЈАН ИЗБРАН СУД - АРБИТРАЖА

Во текот на 2015 година, Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија, продолжи со активностите за унапредување на нејзината работа и промоција пред компаниите, заради што поголемо користење и согледување на конкретните придобивки од арбитражниот начин на решавање спорови наспроти решавањето на споровите пред редовните судови.



Во таа насока, на 15 мај 2015 година, во Стопанската комора на Македонија се одржа Втората арбитражна конференција „Арбитражата во Република Македонија – предизвици за развој" („Arbitration in the Republic of Macedonia – challenges for development). На конференцијата беа присутни повеќе од 120 претставници на повеќе арбитражни институции, бизнис секторот (компании-членки на Стопанската комора на Македонија и членови на Советот на странски инвеститори при Комората), арбитри, претставници од адвокатурата, нотаријатот и судовите, домашни и странски експерти од областа на арбитражното право.




На конференцијата, низ дискусијата на трите панели, за актуелни прашања од арбитражното право (вклучувајќи ги арбитрабилноста на определени видови на спорови, проблемот на т.н.патолошки арбитражни клаузули, начелата на арбитражната постапка), искуствата на арбитражните институции од Хрватска и Словенија, но и специфичностите на постапката пред Постојаниот избран суд – арбитража при Стопанската комора на Македонија (поведувањето на постапката,меродавното право во постапката, поништувањето на арбитражните одлуки, трошоците во арбитражната постапка), се отворија повеќе прашања кои се однесуваат на предизвиците со кои се соочува арбитражното решавање на споровите во Република Македонија.

Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија ја организираше Втората арбитражна конференција во соработка со Адвокатско друштво Чакмакова адвокати, Рафајловски консалтинг, Адвокатско друштво Пепељугоски, Адвокатско друштво Чукиќ и Марков,

Адвокатско друштво Трпеноски, Адвокатско друштво Марковска – Андревски, Адвокатско друштво Поленак.

Покрај наведеното, во текот на месец мај и јуни 2015 година, беа одржани седници на 14 регионални комори на Стопанската комора на Македонија, на кои една од точките на дневниот ред беше и презентација на тема „ Арбитражата како метод за побрзо и поефикасно решавање на споровите меѓу деловните субјекти“, кои беа одржувани со цел за доближување на придобивките на арбитражниот начин на решавање на споровите врз работењето на домашните деловни субјекти, особено ако станува збор за деловни односи со меѓународен елемент.

Континуирана активност на Арбитражата, како и во изминатиот период, е да се подобри нивото на пружање на поддршка во спроведувањето на арбитражните постапки, и да се преземаат дејствија за подобрување на квалитетот и брзината на спроведување на постапките, при што особено внимание се посветуваше на активностите на пружање административна и техничка помош и поддршка на субјектите кои ќе се одлучат во своите деловни односи да предвидуваат арбитража како метод на решавање на споровите.

# СОВЕТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ (FIC)

**20.01.2015 година**

**Промовирана првата „Бела книга“ на Советот на странски инвеститори - КОНСТРУКТИВЕН ДИЈАЛОГ МЕЃУ ПРИВАТНИОТ СЕКТОР И ВЛАСТИТЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА БИЗНИС-КЛИМАТА И ИНВЕСТИРАЊЕТО ВО ЗЕМЈАТА**




Во скопскиот хотел „Александар Палас“, во присуство на вицепремиерот м-р Владимир Пешевски, министерот за економија Беќим Незири, екселенции и претставници на амабасади, бизнисмени и членови на странски инвеститори, беше промовирана „Белата книга“ на Советот на странските инвеститори, советодавно тело кое дејствува во рамките на Стопанската комора на Македонија (20.01.2015 година).

- „Белата книга“ е транспарентна форма на комуникација, јавно обраќање на приватниот сектор кој нуди конкретни предлози за подобрување на деловната клима. Целта на „Белата книга“ е да ги посочи посакуваните промени со цел да се подобрат условите за деловно работење, и да даде конкретни предлози за нивно подобрување. Таа треба да служи како основа за конструктивен дијалог меѓу приватниот сектор и властите за подобрување на условите за деловно работење и инвестирање во земјата. Ова издание е клучниот документ на Советот на странски инвеститори. Во него, странските инвеститори ги посочуваат главните предизвици со кои се соочуваат во своето работење во Македонија.

**26.03.2015 година**

**Советот на странски инвеститори одржа работна средба со раководството на Царинската управа на Република Македонија - РЕШАВАЊЕ НА ОТВОРЕНИТЕ ПРАШАЊА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИОТ АМБИЕНТ ВО ЗЕМЈАТА**

На иницијатива на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија, на 26.3.2015 година, се одржа работна средба со раководството на Царинската управа на Република Македонија, на која беа разгледани повеќе актуелни прашања од областа на царинското работење. Претседателот на Советот на странски инвеститори, Јуан Педро Јименез Наварро ја истакна потребата од одржување редовни состаноци со Царинската управа на РМ, во насока на унапредување на приватно-јавното партнерство на бизнис-заедницата со владините институции. Господинот Наварро ја истакна генерално одличната соработка на бизнис-заедницата со сегашното раководство на Царинската управа, нагласувајќи дека Царината дава поддршка и помош на компаниите во промовирањето и спроведувањето на политиките за олеснување и забрзување на транспортот и трговијата.

**14.04.2015 година**

**Промовиран бизнис-директориумот на Советот на странски инвеститори - ШАНСА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ ДА ГИ ПЛАСИРААТ СВОИТЕ ПРОИЗВОДИ И ДА ДОЈДАТ ДО НОВИ ТЕХНОЛОГИИ, ЗНАЕЊА И ВЕШТИНИ**




Една од целите на Советот на странски инвеститори е подобрување на општиот амбиент во Република Македонија во контекст на инвестиции и бизнис и тргнувајќи од оваа цел, Советот се залага за постојано унапредување на македонската економија и пронаоѓање на најразлични форми на соработка кои ќе придонесат кон исполнување на оваа цел. Ова беше истакнато на прес-конференцијата (14.4.2015 година) на Советот на странски инвеститопри при Стопанската комора на Македонија. - Сметаме дека домашните инвеститори во Македонија имаат капацитет, знаења и исполнуваат критериуми за да бидат релевантен партнер на странските инвеститори, а воедно со тоа да бидат конкуренција и на меѓународни компании од конкретните дејности истакна господинот Хуан Педро Хименез Наварро, претседател на Советот на странски инвеститори.

**01.06.2015 година**

**Советот на странски инвеститори и Машинскиот факултет во Скопје во заедничка мисија - ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА ЗА СОЗДАВАЊЕ КАДАР ПО МЕРКА НА СТОПАНСТВОТО**

На прес-конференцијата што се одржа на 1.6.2015 година во Стопанската комора на Македонија, се презентираше воспоставената соработка меѓу Советот на странски инвеститори (ФИЦ) и Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје со цел создавање квалитетен образован кадар скроен по мерка на стопанството. Претседателот на Советот на странски инвеститори, господинот Јуан Педро Јименез Наварро, посочи дека проблемот на недоволен стручен кадар за потребите на стопанството и недоволната ефикасност на пазарот на труд се од најголема важност, не само за стопанските субјекти во остварувањето на нивните развојни планови и за вклучување во процесите на глобализацијата со изострена конкуренција, туку и за земјата во целина.

**03.07.2015 година**

**Средба на претставници на ММФ со претседателот на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија - БИЗНИС-КЛИМАТА ВО ЗЕМЈАВА ГЕНЕРАЛНО Е ДОБРА, НО ПОТРЕБНО Е ОДРЕДЕНО НАДГРАДУВАЊЕ**

Претставници на Меѓународниот монетарен фонд реализираа работна средба со претседателот на Советот на странски инвеститори, господинот Јуан Педро Јименез Наварро, а 3.7.2015 година, во Стопанската комора на Македонија.

На работната средба на којашто се расправаше за работењето на странските инвеститори во Македонија, господинот Наварро нагласи дека странските инвеститори кои веќе се дел од македонското стопанство веруваат во самиот систем и со самото тоа што веќе подолго време се на македонскиот пазар, генерално ја сметаат бизнис-климата добра за стопанисување.

**26.08.2015 година**

**Менаџментот на индиската компанија „Кутчина" во посета на Стопанската комора на Македонија - ЗАИНТЕРЕСИРАНОСТ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА КУЈНСКИ ПРИБОР И ОПРЕМА И НЕГОВ ПЛАСМАН НА ПАЗАРИТЕ ВО ЕУ**

На иницијатива на македонскиот амбасадор во Индија, Н.Е. Тони Атанасовски, менаџментот на индиската компанија „Кутчина" ја посети Стопанската комора на Македонија (26.8.2015 година). Домаќините ги запознаа гостите со услугите и активностите на Комората и на Советот на странските инвеститори. М-р Елена Милевска-Штрбевска, оперативен директор на Стопанската комората на Македонија, истакна дека индиските компании се добродојдени да инвестирааат и да ги искористат компаративните предности на нашата земја и дека ќе добијат максимална поддршка од страна на најстарата и најбројната деловна асоцијација во земјава во реализација на нивните деловни потфати.

**19.10.2015 година**

**Штефан Петер, нов претседател на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија - ОД СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИЦИИ ТРЕБА ДА ОЧЕКУВАМЕ ИЗВОЗ ОД ОКОЛУ 2 МИЛИЈАРДИ ЕВРА**




На прес-конференцијата на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија се претстави новиот претседател на Советот господин Штефан Петер, претседател на Управниот одбор на „ЕВН Македонија" (19.10.2015 година). Тој го наследи досегашниот претседател на Советот, господинот Хуан Педро Хименез Наварро, кој ја напушта земјата заради деловни причини. Новоизбраниот претседател на Советот Штефан Петер, на прес-конференцијата зборуваше за „Ефектите на странските инвестиции во развојот на домашната економија", притоа нагласувајќи дека мисијата на Советот останува да биде силен глас на бизнис-заедницата во земјата, со цел развој на националната економија која ќе биде поатрактивна за инвестирање преку поедноставени правила и зголемена предвидливост. „Советот на странски инвеститори ги претставува компаниите кои имаат долгогодишно искуство при работа на пазари со предизвици и во надминување на различни пречки. Со тоа, ние имаме обврска да и` помогнеме на македонската бизнис-заедница и да испратиме јасна порака дека делиме заеднички предизвици и проблеми", - изјави Петер.

**27.10.2015 година**

**Градење взаемна соработка меѓу странските инвеститори и локалните добавувачи во рамките на регионалните синџири на добавување во регионот на ЦЕФТА - КОНТИНУИРАНО РАСТЕ БРОЈОТ НА МАКЕДОНСКИ КОМПАНИИ КОИ АКТИВНО СОРАБОТУВААТ СО СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИТОРИ**

Во рамките на Партнерскиот проект ЦЕФТА-ДИХК, Стопанската комора на Македонија организираше тркалезна маса на тема: „Градење взаемна соработка меѓу странските инвеститори и локалните добавувачи во рамките на регионалните синџири на добавување во регионот на ЦЕФТА" (27.10.2015 година). На настанот претставниците на бизнис-заедницата, странски инвеститори, домашни компании, државни институции, странски институции, претставници на стопанските комори и на амбасадите од регионот отворено дебатираа за модалитетите за развој на регионалните синџири за набавка и за потенцијалите за зајакнување на деловните врски помеѓу странските инвеститори и локалните добавувачи. Општ е впечатокот дека зголеменото ниво на странски инвестиции во регионот е од суштествено значење за економскиот развој на целокупниот ЦЕФТА-регион.Како што истакна Штефан Петер, претседател на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија, клучната улога странските директни инвестиции (СДИ) треба да ја имаат во идната структурална надградба на економскиот раст на регионот, преку надополнување на домашните инвестиции, трансфер на знаење, зголемена вработеност и подобар животен стандард.

**09.11.2015 година**

**Средба на Штефан Петер, претседател на Советот на странските инвеститори со Ејуп Кахвеџи, претседател на Стопанската комора на Македонија-Турција МАТТО - ЗАЕДНИЧКИ ВО УНАПРЕДУВАЊЕ НА БИЗНИС- КЛИМАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**




- Стопанската комора на Македонија-Турција МАТТО ги поддржува препораките за унапредување на деловната и инвестиционата клима во Република Македонија, објавени во „Белата книга“ на Советот на странските инвеститори. Преку заедничките членки и во Советот и во Комората ќе се вклучиме активно во реализацијата на поставените цели во „Белата книга – понатамошно олеснување на водење бизнис и унапредување на инвестиционите потенцијали во земјата“, - изјави господин Ејуп Кахвеџи, претседател на МАТТО. Господинот Штефан Петер, претседател на Советот, изрази задоволство од поддршката на МАТТО и подготвеност со вклучување во заеднички активности, директно да ја поддржи мисијата и визијата на Советот на странски инвеститори.

**09.12.2015 година**

**Пред Советот на странски инвеститори беа презентирани последните извештаи за економскиот напредок на Македонија од страна на странските институции во земјава - МАКЕДОНИЈА НА СОЛИДНА ПАТЕКА НА РАСТ**

Пред членовите на Советот на странски инвеститори беа презентирани последните извештаи за економскиот напредок на Македонија од страна на странските институции во земјава (9.12.2015 година). На седницата на Управниот одбор на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија беше усвоена Одлуката за основање Асоцијација на автомобилската индустрија. Пред присутните на седницата на Управениот одбор во проширен состав беа презентирани последните извештаи за напредокот на Македонија, со посебен осврт на економијата, од страна на господин Јаромир Левичек од Делегацијата на Европската унија, господин Патрик Житон од Меѓународниот монетарен фонд и господин Бојан Шимбов од Светската банка.

# ЗА ПОКРОВИТЕЛИТЕ – Центар за покровители

**„ТОЧНА, НАВРЕМЕНА, БРЗА, КВАЛИТЕТНА ИНФОРМАЦИЈА И УСЛУГА – КЛУЧ ЗА МОЌЕН БИЗНИС“**

Стопанската комора на Македонија, во напорите да го прошири асортиманот на услугите за своите членки, слично како и во другите комори со доброволно членство во развиените западноевропски земји, веќе неколку години го практикува проектот: ПОКРОВИТЕЛСТВО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА.

Целта на овој проект е понуда на членките, во пакет, повеќе видови на услуги кои би ги користеле континуирано во подолг временски период, а воедно, да се стави на располагање на заинтересираните членки расположивата кадровска и техничка инфраструктура на Комората за развој и унапредување на нивниот бизнис.

За таа цел, Стопанската комора на Македонија, одејќи во чекор со светските економски промени во текот на 2015 година, изврши проширување во квалитетот и во квантитетот на услугите содржани во покровителството, со цел амортизирање на негативните влијанија врз бизнисот.

Сето тоа резултираше со влез на нови компании во семејството покровители на Стопанската комора на Македонија кои го пронајдоа својот бизнис-интерес во активностите на Комората, насочени кон подобрување на климата во стопанството.

**Според планираната Програма за 2015 година:**

- зголемен е бројот на покровители;
- обновени се договорите со веќе постојните покровители;
- зголемени се бенефициите и попустите во однос на комерцијалните услуги на Стопанската комора на Македонија кон покровителите;
- организирани се презентации, промоции и други настани во Комората во зависност од барањата и потребите на покровителите;
- склучен е договор за Премиум Покровител со 2 нови компании;
- склученни се договори за Стандард Покровителство со 11 нови компании;
- склученни се договори за Силвер Покровителство со 5нови компании;
- активирана е можноста договорите за покровителство да бидат склучени на повеќе години со попуст;
- организирани се поинтензивни заеднички работни средби на покровителите со раководството на Стопанската комора на Македонија;
- организирани се работни средби покровител со покровител, на нивно барање;
- поврзување на компаниите покровители и закажување на работни средни со институции за решавање на одреден проблем од значење за нивниот бизнис;
- дадена е логистичка поддршка во организирање на повеќе промотивни настани (во организација на покровителите), за промоција, на барање на покровителите;
- остварени се поинтензивни контакти и работни средби и активности со покровителите од страна на администраторот за покровители при Стопанската комора на Македонија;
- целосно се исполнети точките од договорите за покровителство кон покровителите;
- редовно поставување на рекламен материјал на сите катови во Комората, на рафтови наменети за покровителите;
- поставени логоата на покровителите на рекламни табли на 1-ви кат, 3-ти кат, 3-ти кат сала 3, 4-ти кат, и на 5-ти кат сала 4;
- набавка на производи и услуги за потребите на Комората, со одлука исклучиво од компаниите покровители;
- објавени логоа, интервјуа и изјави на покровителите во „БИЗНИС ИНФО“ на Комората;
- објавени логоа, огласи на фирми од покровителите во „БИЗНИС ОГЛАСНИК“ на Комората;
- редовна емисија на рекламни спотови, настани и логоата на покровителите на тв-екраните поставени на 1-ви, 5-ти кат и во лифтот во Комората;
- реализирана традицијата за размена на новогодишни корпи со производи од покровителите – за покровителите;
- реализирани активности и работни задачи за покровителите, кои не се внесени како услуги во договорите за покровителство, но се произлезени од тековното работење, на нивно барање.

# ПОКРОВИТЕЛИ

## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

### БРИЛИЈАНТЕН Покровител

### ПРЕМИУМ Покровители

### СТАНДАРД Покровители

### СИЛВЕР Покровители